# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

## ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

***Автори:***
Љубица Севдинска
Весна Настоска

***Рецензенти:***
Проф. д-р Благица Петковска
*претседател*

Митра Цилевска
*проф. по македонски јазик*

Билјана Герас
*проф. по македонски јазик*

***Лектор:***
Љубица Севдинска

***Илустратори:***
Симон Калајџиев
Марко Манев

***Компјутерска обработка:***
Владимир Младеновски

***Издавач***:
Министерство за образование и наука за Република Македонија

***Печати***:
Графички центар дооел, Скопје

***Тираж***:
15.500

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија
бр.22-2431/1 од 26.04.2010 година се одобрува употребата на овој учебник

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св.Климент Охридски” , Скопје

373.3.016:811.163.3 (075.2)
СЕВДИНСКА, Љубица
Македонски јазик за петто одделение : деветгодишно основно образование / Љубица Севдинска, Весна Настоска . - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2010.
- 177 стр. : илустр. во боја ; 24 см
ISBN   978-608-006-8
1. Настоска, Весна [автор]
COBISS.MK-ID 84091146

# СРЕЌНО, ДРАГ УЧЕНИКУ!

Помина уште едно мирно и спокојно лето во кое уживаше. Стигна на петтата патека од твојот нагорен од кон успехот, кон твојата среќна иднина што ти ја посакуваме сите. Стигна на патеката долга девет месеци!

Ние ти посакуваме и оваа патека да ја изодиш лесно, занимливо и успешно. Се потрудивме со овој учебник да ти го овозможиме тоа. Одбравме содржини што ќе го привлечат твоето внимание и што ќе ја поттикнат твојата творечка моќ. Ние во него те насочуваме и поттикнуваме, а од тебе очекуваме да размислуваш, да донесуваш самостојно свои заклучоци, да создаваш, да откриваш, да истражуваш... Да предлагаш, да ги согледуваш причините и последиците, да бараш решенија за проблемите... А најмногу од сè, од тебе се бара да бидеш упорен. Само така ќе го постигнеш она што е твоја цел. И никогаш не заборавај дека соработката со твојот учител и твоите соученици е еден од важните услови за успех.

***Авторите***

# ЧЕКОРАМ ГОРДО НА ПАТЕКАТА ДОЛГА ДЕВЕТ МЕСЕЦИ

Како се чувствуваше пред да тргнеш на училиште на првиот училиштен ден? Зошто?

## СЕПТЕМВРИСКИ НАПЕВИ



Кога септември пред
прагот училиштен ќе ве сретне,
со радост ќе ве позлати
и лице ќе ви светне.

Септември ќе знае
да се погрижи за секое дете
и безброј нови
другарства да сплете!

Септември, тој месец чудесен, златен
не значи само прв учебен час.
Септември е радост и мил траен спомен
за мене, за тебе, за сите нас.

Не пламнува само во детските гради
возбуда силна од првиот ѕвон.
Септември намамува спомени драги,
занесува в детство ко најубав сон.

И во денот кога со насмев на лице
брзате сите на првиот час,
знајте дека безброј татковци и мајки
чекорат в мисли и ве следат вас.

Па и кога детството ќе остане зад вас
и дамна пречекорен училиштен праг
знајте тој септември ќе остане в спомен
и ќе ви биде бескрајно драг!

**Глигор Поповски**



## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

- Зошто септември лице ќе ви светне?
- Како септември плете другарства?
- На кого му е траен спомен? Чии спомени буди?
- Кога вие со радост ќе се сеќавате на септември?
- Кое чувство најсилно го почувствува во првиот дел од песната? А во вториот?

## ПЛАН НА ПЕСНАТА

- Кога ќе ги одговориш прашањата ќе добиеш план на песната. Од одговорите направете заеднички план на таблата кој ќе го препишеш во тетратката.

**За што се зборува во песната?**

**Поетски слики:** 1. Што плете септември?
2. Што намамува септември?
3. На што вие ќе имате спомен?

**Порака:** Кои години најмногу се паметат?

**Основно чувство:** (Што чувствуваш на првиот училиштен ден?)

## НАУЧИ ДОМА

- Секој од вас треба да научи по една строфа како што ќе ве определи учителот. Ќе рецитирате во групи.
- За својата строфа нацртај слика.



# ЈАЗИКОТ КАКО НАЈСОВРШЕНО СРЕДСТВО ЗА ОПШТЕЊЕ



## РАЗГОВАРАЈТЕ СО ДРУГАРЧЕТО

- Како општат, како комуницираат меѓу себе глувонемите деца на првата слика?
- Како тоа го прават децата од втората слика?
- Што мислиш, кои деца полесно ќе се разберат – од првата или од втората слика? Зошто така мислиш? Можеш ли ти да ги разбереш глувонемите деца?
- На кој начин ти комуницираш со твоето другарче?

## ДОСЕТИ СЕ И ЗАПИШИ ВО ТЕТРАТКАТА

- Кој јазик се вика мајчин јазик? Зошто?
- Кој е твојот мајчин јазик?
- Кој странски јазик ти го изучуваш во училиштето?
- Кој друг странски јазик си го слушал и би сакал да го изучуваш?
- Пронајди на Интернет, со помош на повозрасните, колку јазици се зборуваат во светот.

**ЗАПОМНИ**

**Луѓето меѓу себе општат, комуницираат со најсовршеното средство - јазикот.**
**Јазикот е природно средство за меѓусебно разбирање.**

**ОПШТЕЊЕ - одржување на врска, контакт со некого.**

## ВЕЖБИ

- Објаснете ја горната мисла за јазикот со помош на твојот учител.
- Народот рекол дека **јазикот е поостар од сабјата**. Поразговарајте со другарчето во кој случај може јазикот да биде поостар од сабјата (сабја – вид оружје во форма на закривен нож).
- Пронајди уште една народна поговорка за јазикот и објасни како ја разбираш.

**ИСТРАЖИ ПРЕД ЧАСОТ**



- Поразговарај со повозрасните за 8 Септември 1991 година, кога македонскиот народ преку гласање се изјасни за самостојна и независна Република Македонија. Нека ти ги кажат своите сеќавања:
  – зошто се гласало;
  – како се гласало;
  – кога ги објавиле резултатите;
  – какво било расположението меѓу народот;
  – кој ја сочинувал првата влада;
  – кој бил првиот претседател на Република Македонија?
- Можеш да користиш и дополнителна литература.

# МОЈАТА ТАТКОВИНА

Нашата татковина е сместена во Европа, на Балканскиот Полуостров, со име древно – старо, има прекрасна лика, Република Македонија се вика. Многу патишта низ неа водат, многу патници се занеле од убавините красни и станале нејзини обожаватели страсни.

Во центарот на Балканот нашата земја ги распослала убавините свои. И не знам кога е поубава, во пролетните или во есенските бои! На исток на својата сосетка Бугарија ѝ подава рака, а и со другите да се дружи сака. Топол насмев кон југ на Грција ѝ праќа, па на запад кон Албанија поздрав испраќа. На својот северен сосед Србија се насмевнува и кон Косово погледнува.

Прекрасна си татковино мила, сред Балканот гнездо што си свила. На исток стари грамадни планини те штитат, на запад млади високи планини те заградиле, со зелена шамија од густи разновидни шуми како да се забрадиле.

Тивко шумолат горите и жуборат потоците. Историската приказна за твоето вековно постоење на сите генерации Вардар без престан им ја раскажува, а за одредени периоди од твојот живот и до ден–денешен се растажува.

Гордо се вее македонското црвено знаме со жолти сончеви зраци додека звукот на државната химна се разлева низ целиот свет како пријатен мирис на про–летен цвет. Денес над Македонија грее сонцето на слободата, сонцето на мирот, меѓусебното почитување, разбирање, толеранција... Таа е татковина мила за сите луѓе што живеат во неа и во нејзиниот преграб нашле закрила.

А како се сака татковината?

Се разбира, со работа, со учење, со преданост искрена и чесна, со игра, со песна ...

А како се возвишува татковината?

Со запознавање на прекрасните планински, рамничарски, крајезерски пре–дели и места, со прошетка низ неа честа.

**Љиљана Атанасова**

## ЗА ТАТКОВИНАТА

- Објасни ја местополжбата на Р. Македонија. Прочитај го тој дел од римуваниот расказ.
- Како таа се однесува кон соседите?
- Какви планини ја штитат Македонија?
- Кој го раскажува нејзиното вековно постоење? Кому тој му раскажува?
- Прочитај го делот во кој се зборува за државните симболи.
- Како се сака татковината? А како се возвишува?
- Какво сонце грее над Македонија?

## СОЗДАВАЈ

- Онака како што зборувате во вашето место, напиши песна од пет стиха (петостих) со наслов **Мојот роден крај**. Обиди се во нив да ги искажеш неговите убавини и твоите чувства.
- Прочитајте ги вашите творби. Можете да си ги размените со творби на деца од друго место и преку нив да се запознаете со тоа место. Така ќе создадете нови пријателства.

## ИНТЕРВЈУ - ИСТРАЖУВАЊЕ - - ПАНО

- Направете интервју со соучениците, наставниците, родителите, соседите, роднините.
- Поставете им го прашањето: Што значи за вас татковината? Нивните одговори можете да ги запишете или да ги снимите.
- Од ова направете истражување: Кој како размислува за татковината според возраста? Средете ги податоците и направете табели. Можете да работите на компјутер. Ќе видите како размислуваат различни генерации. Проектот насловете го РАЗЛИЧНИ ГЕНЕРАЦИИ – ИСТА ЉУБОВ.
- Изработете пано со најинтересните и најубавите одговори, со резултатите од истражувањето, илустрирајте го и изложете го на видно место во училиштето.





- Какви се клупите во твојата училница: нови, чисти, исчкртани, исполепени со гуми за џвакање?
- Погледни ја твојата училишна чанта и опиши ја во детали. Чија чанта е најчиста? Зошто?

# ШТО ЛИ ЗБОРУВААТ?

– Леле, тоа навистина боли! Немој! Те молам, не! Престани!

– Ѕвррр!

– Оф, имало крај! Не им е доволно да ме чкртаат по грбот и што сум сета со исполепени гуми за џвакање ... А ова! Видете! Страшно, тукушто ми врежа: Огнен и Марија! Како божем тој да ги чита пораките на клупата! Е, сега навистина ми е доволно! Сакам, сакам да си заминам оттука, еднаш засекогаш! – списка клупата.

– И јас! И јас исто би си заминала. И тоа со какво задоволство.

– А ти, која си пак ти?

– Јас!? Јас сум училишната чанта, онаа знаеш ... Познатата Огненова чанта. Веднаш штом ќе влезе во училницата, тој ќе ги извади сите дреболии од мене, ќе ме шутне со ногата и ... Едноставно ќе заборави на мене, како да не постојам. А што е најстрашно, истата судбина ме чека и дома.

– Ех, тоа не е ништо. Јас веќе една недела имам дамки од јогурт на себе и... А од мене се шири таква реа што сите ги затвораат носињата. Мите ме фрли на клупата онаму кај игралиштето и се втурна да игра фудбал. Не се досети дека утрово меѓу сите оние работи што ги стави во мене, го пикна и јогуртот. А сите оние вљубеници во фудбалот едвај дочекаа, та ги испофрлија сите чанти една врз друга на мене ... Можеш да замислиш што се случи? ... Фиу, плес и флуп! – се пожали Митевата чанта.

– Кој вели фиу? ... Го мразам одморот бидејќи кога ќе заѕвони, ме кршат на парченца, се преобразувам во стрела и започнува вистинска војна. А кога ќе паднам на подот, како по некое правило некој стапнува на мене. А ти, драга моја, зар нема да се пожалиш?! –рече кредата.

– Јас, па јас немам на што да се пожалам, кредичке слатка. Мартин ме спаси од негрижа, ми ги израмни ушите клапуши и со гумичка ме излечи од чкртаниците... Од раните. Јас се гордеам со него! – се пофали Мартиновата чанта.

– Оф, вистина ли е? А ќе сакаш ли ти да му кажеш на Мартин да ги избрише и овие страшни графити? Бидејќи кога подобро ќе размислам, каде да одам? Во некоја канцеларија? Ќе ми биде здодевно! Во некоја гостилница? Ќе се умирисам! Во болница? Ќе изгледам жално! Што има подобро од детската смеа, довикувањето, детските разговори? – дофрли ученичката чанта.

– Да, па нема ништо поубаво од детската песна! Не би можела да издржам да бидам исполнета со некакви канцелариски материјали!

– Или пак да бидам некаква си козметичка торбичка преполна со парфеми и пудри!

– Замислете само, во некој кројачки дуќан да ги означувам секогаш истите кроеви! – дофрли кредата.

– Всушност, ние сите си го сакаме училиштето и им препорачуваме на учениците:

**- Не врежувајте ги врз нас љубовните поплаки! Па и оние другите!**
**- Не тепајте се со нас и не фрлајте нè каде било!**
**- Не лепете гуми за џвакање по нас!**
**- Не чкртајте!**
**- Делете ја радоста со нас!**
**- Едноставно, сакајте нè како што ние ве сакаме вас!**

**Снежана Кириниќ**



## АЈДЕ ДА РАЗГОВАРАМЕ

- И вам, можеби, ви се случува понекогаш да залепите по некоја гума за џвакање на клупата? Се разбира дека тоа не е во ред. Зошто?
- Разговарајте со својата наставничка како треба да се одржува инвентарот на училиштето?
- Кој обично ја плаќа направената штета? Учениците!? Ако е така, вреди ли да се уништуваат предметите?
- Колку и на кој начин вие се грижите за клупите, столчињата, кредите, за училишниот прибор? Разговарајте за ова на часот!

## ПОСТАВИ ПРАШАЊЕ

На дадениве одговори постави прашање. Пишувај во твојата тетратка. Разменете си ги тетратките со другарчето пред тебе и прочитај ги неговите прашања.

1. Огнен врежал имиња на клупата.
2. И училишната чанта сака да си замине.
3. Митевата чанта смрди на скиснат јогурт.
4. Кредата го мрази одморот бидејќи тогаш ја кршат на парченца.
5. Мартиновата чанта се гордее со Мартин.
6. Тие ги сакаат децата и ги молат за љубов.

## ШЕСТ ГРУПИ - ЕДНО ЦЕЛО

- Одберете еден од измачените предмети кој ви остави најголем впечаток.
- Поделете се на шест групи и секоја група нека исполни по една од поставените задачи. Пишувајте со фломастер во бојата на зададената задача.

**ПРВА ГРУПА:** Опишете ја бојата, формата и големината на предметот што сте го одбрале.

**ВТОРА ГРУПА:** Направете споредба на што е сличен тој предмет. Набројте неколку премети од кои се разликува.

**ТРЕТА ГРУПА:** На какви размислувања те наведува предметот кој избравте да го опишувате?

**ЧЕТВРТА ГРУПА:** Обидете се да одредите како и од што е составен тој предмет.

**ПЕТТА ГРУПА:** Напиши како и за што се користи предметот што го избравте да го опишувате.

**ШЕСТА ГРУПА:** Изјасни се дали си ЗА или ПРОТИВ уништување на предметите што ни служат. Одбрани го твоето мислење.

- Изложете што сте напишале. Дискутирајте за изложеното.
- На паното во училницата изложете го вака вашиот труд:



# СИГНАЛИ И СИМБОЛИ (ЗНАЦИ) КАКО СРЕДСТВО ЗА ОПШТЕЊЕ














- Секоја слика има своја порака и свое значење. Разговарајте за секоја слика: што разбираш од неа, која е пораката што ти ја испраќа.
- Допиши во твојата тетратка што повеќе примери на кои ќе се сетиш, а служат за испраќање пораки на луѓето.

### ЗАПОМНИ

**Покрај јазикот како основно средство за општење, луѓето може да се разбираат: со слики, со звучни и светлосни сигнали, со движења, со мимики и гестови (пантомима) и сл.**



### ВКЛУЧИ СЕ ВО ИГРАТА

- Организирајте игра со пантомима во парови. Ти на твоето другарче обиди се со гестови и мимики да му претставиш еден предмет од училницата или од блиската околина. Твоето другарче треба да го погоди предметот.
- Потоа сменете си ги улогите: твоето другарче нека опишува предмет со гестови и мимики, а ти погодувај.

## ПОВРЗИ И НАПИШИ

- Во твојата тетратка во средината на страницата напиши го зборот **ТАТКОВИНА.**
- Околу него напиши ги сите зборови на кои ќе се сетиш, а мислиш дека можат да се поврзат со него.

# СОНЧЕВИНА

Колку бисери низ Вардар се ронат,
белини чисти ко детски солзи,
со илјада лета,
со векови ѕвонат.
На мајчин јазик,
македонски, горски,
колку приказни ти, Вардару, носиш.
Низ твоите води, вечерници лирски,
игриви песни,
до Егеј ги водиш.
Во нежни струни
шарпланински свирки
послани песни славеи ги леат.

Афион, памук, цвеќиња в бои,
јагниња, божур,
сончевина белее.
Колку си лична,
татковино моја!
Колку бисери низ Вардар се ронат!
Белини чисти ко детски солзи,
со илјада лета,
со векови ѕвонат,
на мајчин јазик.
Македонски, горски.

**Волче Наумчески**



## ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

- **сончевина** – светлината и топлината од сонцето;
- **струни** – жиците на сите жичени музички инструменти;
- **божур** – вид на цвеќе кое цвета во мај. Има големи цветови, најчесто црвени;
- **патриот** – оној што ја сака многу својата татковина.

## ОТКРИЈ ЈА СОНЧЕВИНАТА ОД ПЕСНАТА

- За кого пее поетот во оваа песна? Кому му се обраќа?
- Кои убавини од татковината ги открива поетот? Наброј ги!
- Кои се тие бисери што се ронат низ Вардар на мајчин, македонски јазик?
- Колку е стар македонскиот јазик? Најди го одговорот во строфата што се повторува.

## УЧАМ ЗА ВИДОТ НА ПЕСНАТА

- Што почувствува кога ја слушна песната? Наброј неколку чувства.
- Можеш ли да ја прераскажеш оваа песна како што прераскажуваш расказ, приказна, басна, драма, филм?.. Обиди се! Зошто не можеш?

**ЛИРСКА ПЕСНА е онаа песна во која поетот ги излеал своите чувства што му ги предизвикала некоја личност, настан, предмет, појава. Неговите чувства се пренесуваат и на читателот. Самиот се увери дека лирските песни не може да се прераскажуваат. Во нив нема случки и настани, ниту ликови - носители на дејството.**

- Кое чувство што го предизвика кај тебе оваа песна е најсилно: љубов кон татковината, восхит од нејзините убавини, желба повеќе да научам за неа, гордост со мојата татковина?

**Лирските песни во кои основно чувство е љубовта кон својата татковина се викаат ПАТРИОТСКИ ПЕСНИ.**

## ВЕЖБАЈ ИЗРАЗНО РЕЦИТИРАЊЕ

- Дома читај ја гласно песната и научи ја напамет.
- На следниот час рецитирај ја изразно. Преку рецитирањето покажи дека ја сакаш твојата татковина и дека се гордееш со неа.
- Изберете најдобар рецитатор.
- На кој ден можеш да ја рецитираш песната пред поголема публика?

## ДОСЕТИ СЕ - ОДБЕРИ ДРУГ НАСЛОВ

- Кој наслов можеш да ѝ го дадеш на песнава наместо „Сончевина“, а да одговара на содржината?

## ЈАЗИЧНА ЗАДАЧА

- Извлечи ги сите придавки од песната и запиши ги во твојата тетратка.

## РАЗМИСЛИ - РАЗМЕНИ ГО МИСЛЕЊЕТО



- Објасни ја поговорката: **Убавиот збор железни врати отвора**.
- Во тетратката нацртај ваква табела и пополни ја според барањето.
  Спореди ја со табелата на твоето другарче.

| убави зборови | лоши зборови |
| --- | --- |
| | |

**Кои „волшебни" зборови треба постојано да ги употребуваш?**

# ЛОШИ ЗБОРОВИ

Во живописното гратче Ѓутуре, еден ден со указ на најумниот граѓанин, лошите зборови беа пикнати во една голема пластична кеса, однесени надвор од градот и закопани длабоко под земја.

Луѓето од градот Ѓутуре се израдуваа. Но, за жал, радоста им беше кусотрајна. Затоа што по неговите улици, паркови, игралишта, кафеани и домови почнаа да се случуваат необични нешта. На пример, еден господин поттурнат од невнимателниот велосипедист се вцрвува во лицето и сака да му се изнаразвика, дури и да го опцуе, но како? Не знае, не може, не умее. Лош збор, од познати причини, нема ни за лек. Човекот целиот зацрвенет, не знае што да прави со себе, тетеравејќи се, си го продолжува патот и долго време во лицето е таков, црвен како булка.

И други граѓани по слични непријатности ја доживуваат истата судбина. Така што градот Ѓутуре лека–полека се претвора во живеалиште на прилично нервозни граѓани со зацрвенети лица. Тие се џарат лево–десно не знаејќи што да прават со неволјата што го снајде.

Се немаше каде. Мораше под итно лошите зборови да се побараат, потоа да се замолат за прошка и некако да се убедат да се вратат назад, во градот.

Затоа група угледни граѓани на чело со министерот за култура се упатија кон местото каде што беше закопана вреќата со лоши зборови. Таму не можеа да се снајдат бидејќи местото на закопувањето на врeќата не беше обележано. Необично беше тоа што наоколу беа изникнале безброј прекрасни цвеќиња. Имаше таму нарциси, темјанушки, јаглики, зумбули... За да не се вратат со празни раце граѓаните ги засукаа ракавите и почнаа да го берат цвеќето. Но, секој скинат цвет реагираше со гласен извик, на пример:

– Идиоту!
– Стоко!
– Неранимајко еден!
– Манијаку!

Граѓаните воопшто не се навредија. Напротив од радост почнаа да потскокнуваат и така со потскокнување продолжија да берат цвеќиња. Го набраа сето цвеќе, за да можат да се изнаслушаат лоши зборови и радосни што повторно ги имаат, се вратија во градот.

Е, така си е тоа со некои видови лошотија. Бог да чува.

**Ванчо Полазаревски**




## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Што мислиш каде се наоѓа градот Ѓутуре?
- Зошто лошите зборови биле закопани под земја?
- Какви станале луѓето откако ги закопале лошите зборови?
- Што решиле угледните граѓани?
- Што ги изненадило кога пристигнале на определеното место?
- Зошто тие со радост ги береле цвеќињата?

## ВЕЖБАЈ ИЗРАЗНО ЧИТАЊЕ

- Читајте го расказот изразно еден по друг, по неколку реченици. Внимавајте на точното читање, бојата на гласот при читањето и на вашето држење.

## НАЈДИ РЕШЕНИЕ

- Размисли и предложи како можеле луѓето од градот да си го решат проблемот. Со што? Што требало да направат кога ќе направеле некоја грешка. Кои зборови требало да ги употребуваат?

- Која е пораката на писателот што ти ја испраќа преку овој интересен расказ?

## ВЕЖБА ЗА РАСКАЖУВАЊЕ

- Замисли си дека си еден од споменатите ликови од расказот. Стави се во негова улога и раскажи го расказот како ти да си дел од него. Обиди се на интересен начин да ги раскажеш твоите размислувања, чувства, разговори.
- За да ви биде поинтересно напишете ги улогите на ливчиња и секој ученик нека си извлече улога. На ливчињата напишете ги следниве улоги: најумниот граѓанин, поттурнатиот господин, велосипедистот, министерот за култура, цвеќињата: нарцис, темјанушка, јаглика, зумбул.
- Откако ќе завршите со раскажување прочитајте што сте напишале.

## СПОРЕДИ И ПРЕТПОСТАВИ

- Спореди ги лошите зборови од расказот со оние кои секојдневно ги слушаш. Кои се погрди? Кои лоши зборови си ги кажал? Кога си ги употребил? Како ќе се чувствуваш ако некој те опомене дека тоа што си го кажал не е културно и убаво? Зошто не треба да кажуваш такви грди зборови?
- Претпостави дека и ние можеме да ги закопаме лошите зборови.
  Што мислиш, какво ќе ни биде тогаш однесувањето?
  Ќе има ли голема разлика од сегашново говорење? Зошто?

## ДОМАШНА ЗАДАЧА

- Обиди се да составиш текст по аналогија (по сличност) на денешниов. Основна тема ќе ти бидат убавите зборови и нивната употреба, а сè друго: ликовите, времето, местото, настанот измисли ги сам. Труди се текстот да биде интересен, несекојдневен.

# ЗВУЧНИ И БЕЗВУЧНИ СОГЛАСКИ

## ПОТСЕТИ СЕ

- Гласовите се делат на ........... и ........... .
- При изговорот на самогласките ....., ....., ....., ..... и ..... воздушната струја слободно излегува низ усната празнина, не наидува на препреки.
- При изговорот на ........ воздушната струја наидува на препреки во устата (забите, непцето, јазикот, усните).







## ВООЧИ

- Почувствувај и ти што се случува со гласните жици при изговорот на одредени согласки. Стави го показалецот на грклaнот (во него се наоѓаат гласните жици) и изговарај ги согласките П, Ф, К, С и Ш. Потоа изговарај ги согласките З, Б, Д, Џ, Ж. Што забележуваш? Кога ти треперea гласните жици?

## ЗАКЛУЧИ

**Ако при изговорот на согласките трепeрат гласните жици, тие се звучни.**
**Ако не трепeрат при изговорот на одредени согласки, тие се безвучни.**

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| звучни согласки | Б | В | Г | Д | Ѓ | Ж | З | Ѕ | Џ | |
| безвучни согласки | П | Ф | К | Т | Ќ | Ш | С | Ц | Ч | Х |

## ЗАБЕЛЕЖИ

Кои согласки се изоставени од оваа поделба?

## ПРОВЕРИ СЕ

Од зборовите во следнава реченица подреди ги согласките по звучност: **Денеска научив за поделбата на согласки-те по звучност.**

Звучни согласки се: .............;
Безвучни согласки се: ..............

## РАЗМИСЛИ - РАЗМЕНИ ГО МИСЛЕЊЕТО

- Што значи зборот тужибаба?
- Познаваш ли некое такво дете? Што прави тоа?
- За што те поткажале тебе на учителот? Се засрами ли?

# ПОТКАЖУВАЛО

Сашо со нас учи,
другар треба да е,
ама за другарство
тој нејќе да знае.
Сите деца од него
си имаме мака.
Секој ден и секого
поткажува вака:
– Учителке, Кочо на столче ми седна!
Учителке, Весна кон мене се ведне!
Учителке, Цвета со молив ме боцна!
А на одмор вчера Драганчо ме клоцна!
Учителке, Пеце ме удри по глава!
Учителке, Марко препка ми става!
Учителке, Соња за рака ме штипна!
Тетратката Верче сега ми ја пипна!
Учителке, Вера вnamed ми се смее!
Сонцето, учителке, ми пречи, ме грее!

И сè така Сашо поткажува, цимка:
Учителке, ова ... учителке, така ...
Па речете сега – како некој може
него да го сака?!

**Бистрица Миркуловска**

## ВООЧИ - ИСКАЖИ СЕ

- Колку другари има Сашо? Зошто?
- Зошто децата имале мака од него?
- Каква оценка по другарство би му ставиле?
- Сашковите поткажувања прочитајте ги штафетно по еден стих. Внимавајте на тонот на гласот.
- Можеби и меѓу вас има ваков Сашо. Тој самиот ќе се препознае и ќе се засрами.

## РАЗМИСЛИ

- За што станува збор во песната?
- Што сака да ни порача поетесата?
- Кои зборови се римуваат?
- Опиши го Сашо.



## ТВОРИ

- Замисли дека Сашо е твој соученик. Постојано поткажува, досаден е, плаче, цимоли, ништо не му е погодено, никој не го сака и никој не се дружи со него. На одморите стои сам, осамен е, а некои деца намерно го задеваат за да го нервираат. По една таква случка тебе ти станува жал и сакаш да му помогнеш да го смени своето однесување, да се дружи со сите, да го засакаат. Ќе успееш ли во тоа? Како? А ако не успееш што ќе се случи?
- Напиши состав со наслов „Мојот другар Сашо“ и во него пишувај за горните замисли. Доврши како што ќе одлучиш: Ќе го смениш Сашо или тој ќе те смени тебе? Ќе стане добар или ќе остане поткажувало? Што ќе се случи со тебе?
- Вашите трудови ќе ги прегледа учителот, ќе ги оцени и ќе го каже своето мислење за нив.

## Која боја те потсетува на есента? Зошто?



# ЕСЕН Е

Есен е, жолти знамиња се веат,
на стежната гранка
три скокотки се смеат!

Првата е круша дрочна,
втората е – круша сочна,
третата е – круша зрела,
– од сончеви зраци врела.

Кога ветрот ќе го шинам,
ќе потскокнам, ќе ги скинам,
во устата ќе ги садам
– од смеата ќе ѝ ги крадам!

Есен е, жолти знамиња се веат,
на стежната гранка
три скокотки се смеат!

**Стојан Тарапуза**

### ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

- **Скокотка** – чувство предизвикано со допир на кожата што предизвикува смеа.

### ЖОЛТИТЕ ЗНАМИЊА НА ЕСЕНТА

- Кој е најсилниот впечаток на поетот од есента?
- Кои се тие жолти знамиња што се веат? Ги гледаш ли ти? Каде?
- Објасни зошто крушите се скокотки? Те скокоткаат ли тебе кога ќе ги здогледаш на гранка? Зошто?

### РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

- Зошто првата строфа се повторува како последна? Што се постигнува со повторувањето?

### СРАБОТИ

- Нацртај ја поетската слика што ти остави најсилен впечаток.
- Напиши неколку стиха со кои ќе го искажеш својот восхит од есента.

### РАЗМИСЛИ - РАЗМЕНИ ГО МИСЛЕЊЕТО

- Како ја изразуваш својата симпатија кон некого?
- Како се однесуваш кога во одделението ќе ја видиш твојата симпатија?

## ШТО НИ ДОНЕСЕ ЕСЕНТА

Срећата ако те сака – ич да си немаш мака! Човек, барајќи нешто, кај ли не ќе појде. Но она што си е негово – само ќе му дојде!

Но, една поговорка и вака нè учи: ,,Од тоа што се плашиш најмногу – тоа ќе ти се случи!"

Елена што ја запознав летоска во Охрид, дојде во моето одделение да учи!

И ајде да ве прашам: дали треба да се радувам или да се плашам?! Оти кога толку блиску до мене ја гледам, се чувствувам небаре врз еж седам... Видот ми се засенува, здивот ми се зема... Како „шпиртосан" сум, нон–стоп имам трема!... Што и да сторам, ништо не ми вреди. Наставничката ја стави пред мене да седи... Од мојата до нејзината клупа има сал две–три педи!

Денес правевме писмена вежба на тема „Што ни донесе есента". Наставничката сигурно мислеше на: јаболката, калинките, грозјето и крушите и баш ѝ е гајле на што мислам јас – кога сум заљубен во Елена до ушите! Многу ми дошло мене плодовите на есента да ги опишувам. Но, не реков ништо, сал како продупчен балон почнав да се „издишувам". Не дочекав „кутрата" таа ни да се дорече, а од мене како планински поток песна за Елена протече...

Кога завршив со пишувањето, наставничката некако како да поита.

– Ајде, ученици, – рече – кој сака писмената да ја прочита?

Никој во одделението не крена рака. Сигурно се беа договориле така. Никој да шушне, да пушти глас. Чекаа да видат што ќе сторам јас. Тогаш наставничката го поткрена гласот:

– Ајде јунаци – рече – ќе заврши часот!... Штом некој не сака, нека биде така... Чинам Васко, еве, крева рака...

Проценката на наставничката не ѝ беше точна, но кога веќе ме прозва, морав да почнам...

Колку ќе биде богата
оваа најнова есен,
верувајте, уште летоска
јас бев сосем свесен!

Есенва е најубава,
даровита е и лична...
на едно убаво девојче
мене ми е слична...

Ѝ благодарам за јаболката,
за дуњите и крушите,
но сал во тоа девојче –
вљубен сум до ушите...

Изјавувам пред сите
и тоа – без жал:
сите плодови на есента
нејзе би ѝ ги дал!

**Киро Донев**

## СОГЛЕДАЈ И ЗАКЛУЧИ

- Што го прави овој расказ интересен?
- Пронајди десетина рими од прозниот дел на расказот и запиши ги во тетратката.
- Напиши ги римите од поетскиот дел на расказот.
- Што ти е смешно во овој расказ?
- Како би се однесувал ти да си на местото од Васко Пикаско? Што би направил?

## ВЕЖБАЈ ДОБРО ЧИТАЊЕ

- Прочитај го расказот во себе и замисли си како треба да го читаш гласно.
- Прочитај го пред твоите другарчиња.
- Одберете најдобар читач.

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Кој дошол во одделението на Васко Пикаско? Како се чувствувал додека ја гледал Елена?
- Која била темата на писмената вежба?
- Што напишал Васко?

## ПОТРУДИ СЕ ДОМА

- Состави песна за твојата симпатија.
- Ако во вашето училиште го имате инсталирано образовниот софтвер Тул Кид, во една од игрите има бележник на кој можете да ги запишете вашите најубави песни. Украсете ги страниците и направете ваш одделенски споменар. Во оваа работа нека ви помогне вашиот учител.



## ФИЛМ

- Мачорот в чизми
- Филм за пчелата
- Хари Потер и полукрвниот принц

## ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА

**ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ**

- Девојчето со кибритчињата
- Малата Сирена
- Василиса Прекрасна

Ви даваме наслови на неколку понови филмови и театарски претстави кои се најгледани во последно време.

**1. Поделете се на две групи:** група **ФИЛМ** и група **ТЕАТАР**. Едната група нека одбере филм, а втората група нека одбере која театарска претстава ќе ја проследи. Секој член од групата ќе добие задолжение на што посебно да обрне внимание при следењето, бидејќи за тоа ќе треба да работи. Доколку за некои работи не можете соодветно да се искажете, побарајте помош од учителот или користете енциклопедии.

**2. План за работа:**

– прераскажи го настанот;

– напиши ги ликовите (главни и споредни и актерите што ги толкуваат);

– опиши ги главните ликови;

– напиши што ти остави голем впечаток од декорот и нацртај некој елемент од него кој најмногу ти се допадна;

– објасни како беше уреден просторот; кои предмети ги забележа на неа; зошто се менуваше сцената (предметите) во текот на дејството? Што забележа: одговараше ли сето тоа со содржината, дејството и ликовите? Објасни ги твоите впечатоци за тоа;

– напиши за облеката на артистите: дали одговараше на дејството и ликовите? Изнеси ги твоите впечатоци за костимите;

– искажи ги своите впечатоци за музиката (на што поттикнува, како ја доживеа, кој ја напишал, кој ја исполнува);

– илустрирај ги најинтересните сцени;

– нацртај ги главните ликови;

– напиши ги сите учесници кои учествувале во реализацијата: режисер, сценарист, сценограф, костимограф, композитор;

– напиши коментар (критика) за проследеното.

**3.** Кога ќе завршите со работа **покажете (презентирајте)** што сте сработиле. Направете книга на вашата група со вашите творби.

**4.** По презентацијата **разговарајте со податоци (дискутирајте)** за да ги одбраните вашите ставови дали сте ЗА или ПРОТИВ филмот или театарот.



- Какви читатели на книги постојат?
- Кој е најголемиот читател во твоето одделение?
- За каков читател ти се сметаш?

# ЧУДЕН ЧИТАТЕЛ

На една глувчешка селска свадба
еден градски глушец, гост,
се фалел дека тој во градот
никогаш не држи пост.

Наутро јадам – рекол тој –
по четири мачки во боја.
на ручек по два слона,
една зебра и три ноја.

Навечер, за лесно да спијам,
јадам само по еден кит,
редовно си јадам и пијам –
и постојано сум сит!

Зинале гостите од чудо:
Зарем е можно, лажеш?!
Сето тоа каде го наоѓаш –
можеш ли да ни кажеш?

О, веднаш, – гостинот рекол,
сукајќи го мустакот сив –
резерви си имам со тони,
ќе имам дури сум жив!

Јас живеам во библиотека
меѓу книжишта ред!
И си јадам од она што е
најслатко на овој свет!

**Киро Донев**



## РАЗГОВАРАМЕ ЗА ПЕСНАТА

- Му веруваш ли на поетот за сè што напишал во оваа песна? Зошто? Зошто Глушецот е чуден читател? Како „читал“ во библиотеката?

## ЕДНА ПОИНАКВА ПЕСНА

- Што те изнасмеа во оваа песна? Си замислуваш ли Глушец како јаде Слон? Како ќе изгледа Глушецот по два изедени Слона?!? Како ги јадел мачките – неговите смртни непријатели? Му веруваш ли на поетот? Зошто?
- Зошто е поинаква оваа песна од сите други во твојов учебник?

## ИЗРАЗИ ГО ХУМОРОТ

- Нацртај една слика од песната којашто најмногу те насмеа.
- Раскажи едно твое доживување во кое ќе внесеш хумор и ведрина.
- Насмеј ги твоите родители и другарчиња.

**ХУМОРИСТИЧНА ПЕСНА**

**Оваа песна е полна со хумор. Тој како да извира од неа. Те смее, те развеселува, те прави ведар и расположен.**

## ДОМАШНА ЗАДАЧА

- Обиди се и ти да напишеш хумористична песна. Насловот и темата определи ги сам.
- Прочитај им ја на твоите родители и твоите другарчиња.



Поразговарај со родителите за твоите права.
Направи грозд од зборови за поимот **МОИТЕ ПРАВА.**
Разговарај за нив со другарчето од твојата клупа.

# ОД ДОКУМЕНТОТ (ДЕКЛАРАЦИЈАТА) ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА



**Детето има право на љубов**



**Сите деца се еднакви**



**Право на редовна и здрава храна**



**Детето има право да оди на училиште**



**Право на здравствена заштита**



**Право на игра**



**Не смее да се тера да работи**



**Не смее да биде малтретирано**



**Детето не смее да биде жртва на насилство и војна**



**Детето не смее да биде сексуално малтретирано**



**Детето има право да го искаже своето мислење**



**Детето има право да ја избере својата религија**



**Детето може да се дружи со кого сака**



**Детето има право на информации**



**Посебна заштита им треба на децата без родители**



**Посебна заштита им треба на децата бегалци**



**Посебна заштита им треба на децата со посебни потреби**



**Посебна заштита им треба на децата кои се во конфликт со законот**

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Прочитајте ги наглас извадоците од Декларацијата за правата на децата.
- Кои права ти беа непознати? Поразговарај со другарчето за правата на децата. Подготви се за усно искажување.
- Како би му помогнал на некое дете на кое му се скратени неговите права?
- Досега зборувавте за правата на детето. Но, детето има и обврски. Наведи некоја од обврските.
- Кои обврски ги имаш во семејството?

## ПОТРУДИ СЕ

- Проследете некој документарен филм за тој проблем. Можете да побарате помош од вашата локална (месна) ТВ станица да ви позајми документарен филм.

## ТВОРИ

- Избери една од речениците за правата на детето и илустрирај ја.
- Направете одделенска изложба.
- Во твојата тетратка напиши како можеш да му помогнеш на девојче или момче со посебни потреби.

## ЗАПОМНИ

- Светскиот ден на детето е на 6 Октомври, а првата седмица од тој месец е Детска недела и првачињата стануваат членови на Детската организација.
- На СОС телефонот (ХРАБАР ТЕЛЕФОН) за деца и младинци 0800 12 222 се пријавува малтретирањето и запоставувањето на децата.
- Декларација е документ во кој нешто јавно се кажува.

# ГОЛЕМИ ПОУКИ ОД МАЛИТЕ ПРИКАЗНИ

## МОЛЧЕЊЕТО Е ЗЛАТО



Еј, Желкиште! – се подби една Врана –
Ти што го влечеш тој самар со мака,
ако сакаш малку углед и почит,
излези, гракај како јас што гракам!

За оние ко мене – возврати Желката –
што ја пикаат главата во вратот,
но и за тие што знаат сал да гракаат,
јас мислам, Врано, молчењето е злато!



**Ристо Давчевски**

### ИЗВЛЕЧИ ПОУКА

- За кои луѓе се вели дека само гракаат како чавки?
- Кои луѓе се претставени преку желката, со кои особини? Кои се тие што се подзаскриваат?
- Откако ќе подискутирате на часот за стихуваната басна, извлечи поука во кои случаи молчењето е злато.
- Запиши ја добро во тетратката и прочитај ја пред другарчињата.

## МЕЧКАТА ГО УЧИ МЕЧЕТО



Мечката го учи мечето вака:
„На гости лажица ако ти дадат,
културно да се однесуваш сакам –
децата со лажица нека јадат,
ти пак да си јадеш со рака!“

**Михо Атанасовски**

### РАЗМИСЛИ - ЗАКЛУЧИ

- Од кого си ја слушнал поговорката **мечка од планина не се учи**?
- Кому му била упатена? Во која ситуација? (Можеби и тебе некој така ти рекол?)
- Заклучи кои луѓе ги нарекуваме „мечки“.

# ЗБИРНИ ИМЕНКИ




**ЗАБЕЛЕЖИ**

- Со кој елемент од математика ќе ги поврзеш трите елипси? На што ти личат?

**ЗАДАЧА**

- Образувај три реченици во кои ќе употребиш некои од збирните именки дадени погоре.

**ЗАПОМНИ**

**Збирните именките** означуваат множество од исти предмети кои претставуваат целост. Со еднинска форма тие означуваат множество, збир:

**селанство, свештенство, чиновништво** (колектив од чиновници), **население, свет, народ, стока, мебел, учителство...**

**И ова е важно да го знаеш:**
**Збирните именки не образуваат множина!**

- Не се збирни именки: јато, стадо, рој, група, глутница, клас... затоа што овие именки образуваат множина: пет јата, две стада, многу роеви.

- Во кои градови и села си бил?
- Кои места си ги посетил во зима? Какви беа тие?
- На кое езеро си летувал?

# ПАТУВАЈ

Патувај,
знаење збогатувај,
запознавај, осознавај.

Родината нè кани
да ги покаже
своите страни.

Во зима ќе патуваш
по тепих бел,
кристална белина
ќе те обземе цел,
ќе ти се чини
од бајка е дел.

Во пролет патувај
по мирисни долини китни,
крај полиња широки житни.
Ќе сретнеш и река,
на патот што те чека.
И полиња, ниви родни
привлечни во лето, есен зима.

И крај езеро ќе сопреш
и таа убавина да ја видиш,
да ја допреш.

И сè што ќе видиш
окото го впива,
па Татковината
помила ќе ти бива.

**Иванка Манасијевиќ**



## РАЗМИСЛИ - ОБЈАСНИ

- На кој вид песни им припаѓа оваа песна според начинот на кој е предадена содржината? Што предизвика таа? Какви чувства?
- Според основното чувство (љубов кон татковината) каква е оваа песна?
- Во која строфа е опишана зимската убавина? Прочитај ја.
- Каде треба да патуваш напролет?
- Што уште ќе те сретне по патот ако патуваш во пролет?
- Опиши ја езерската убавина. Со што те плени?
- Што мислиш: има ли поубава татковина од твојата? Зошто мислиш така?

## ТВОРИ

- Во твојата тетратка претстави ја со слика една од дадениве мисли:
  - – Родината нè кани на патување.
  - – Зимска бајка
  - – Пролетни пејзажи
  - – Езерска убавина
  - – Полни очи љубов.
- Објасни зошто си нацртал така.



## ВЕЖБАЈ УБАВО ПИШУВАЊЕ

- Во тетратката препиши ја песната најубаво што можеш. Препишувај вака:
  - – првата и втората строфа со печатни кирилски букви;
  - – третата строфа со ракописни кирилски букви;
  - – четвртата и петтата строфа со печатни латински букви;
  - – шестата и седмата строфа со ракописни латински букви.
- Учителот ќе ја оцени твојата работа и сигурно ќе те пофали.

# ПРИСВОЈНИ ПРИДАВКИ

## ПОТСЕТИ СЕ

Препиши ги речениците во тетратката и дополни што треба.

- Придавките се зборови што означуваат какво е нешто, ______ и _______.
- Ќе ги откријам придавките во следнава реченица: Во училишниот двор на дрвената клупа седеа неколку весели деца.
- Описна придавка е: ____. Ќе измислам уште две.

## СОГЛЕДАЈ, ЗАКЛУЧИ И ДОПОЛНИ ВО ТЕТРАТКАТА

Најтопла е **мајчината** прегратка.
Се белеат **планинските** врвови.

По **градските** улици има голема бучава.
**Училишниот** двор е широк.

Чија прегратка е најтопла? - **мајчина.**
Чии врвови се белеат? __________.

По чии улици има бучава? - **градски.**
Чиј двор е широк? - **училишниот.**

**Присвојните придавки означуваат____________________.**

## ПРОВЕРИ СЕ

- **На местото од секоја именка во заграда, напиши ја присвојната придавка што ќе ја образуваш од неа:**
  - а) (Училиште) задача ја напишав без ниедна грешка.
  - б) Во (град) парк има многу шетачи.
  - в) Најмногу ги сакам (баба) колачиња.
  - г) (Соба) температура во нашата училница изнесува 22 степени.
- **Измисли пет реченици во кои ќе употребиш присвојни придавки и запиши ги во тетратката.**

## ДОМАШНА ЗАДАЧА

- Од расказот „Што ли зборуваат“ на стр. 10 извлечи ги сите присвојни придавки заедно со именката којашто ја појаснуваат.

# БРОЈНИ ПРИДАВКИ



## ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊАТА

Колку домашни животни има на сликата? Кое е по ред мачето?
А петлето? Кое животинче е **прво**? Во кое одделение учиш?

## ЗАКЛУЧИ И ЗАПОМНИ

**Зборовите што ги напиша: второ, трето и петто, како и зборот прво, се викаат БРОЈНИ ПРИДАВКИ.**
**Заклучи сам зошто овие придавки се викаат бројни:**

**пет - петти, петта, петто - петти**
**три - трет,трета, трето - трети**
**четири - четврти, четврта, четврто - четврти**
**десет - десетти, десетта, десетто - десетти.**

**В година ќе бидам во шесто одделение.**
**Десеттиот роденден ќе го прославам дома.**
**Мила отсуствуваше на ....... час.**

## УТВРДИ

- Напиши во тетратката од кои видови зборови се образуваат бројните придавки и што означуваат.
- Образувај бројни придавки од броевите: осум, шеснаесет, дваесет, триесет и пет, седумдесет и сто.
- Секоја бројна придавка што ја образува, употреби ја во реченица.

## ДОМАШНА ЗАДАЧА

- Напиши пет реченици во кои ќе употребиш по една или повеќе бројни придавки.

## ПОДГОТВИ СЕ ЗА ЧАСОТ

- Колку години Македонија била под турско ропство?
- Каков бил животот на луѓето во тоа време? Дознај кои биле комитите?

# ЗАПЛАКАЛО Е МАРИОВО ЗА ЃОРЃИ СУГАРЕ

Заплакало е Мариово, заплакало,
за тој ми Ѓорѓи, Ѓорѓи Сугаре,
– Каде си, Ѓорѓи, сега да дојдиш,
леле, да дојдиш,
од душманите да нѐ куртулиш?
Тогај извикна Ѓорѓи Сугаре, провикна,
од Демир Хисарските планини:
– Слушам ве народ, народ поробен,
леле, поробен,
слушам ви гласој, гласој жалосни.
Сега за скоро, јас ќе дојдам, ќе пристигнам,
со триесет одбрани момчиња,
сите со куси манлихери, манлихери,
сите со нагант револвери. –
Колку ми тргна Ѓорѓи Сугаре да оди
во тоа село Паралово,
бог да убие шпиуните Параловци,
Ѓорѓија што ми го предадоа.
– Слушај, бре Ѓорѓи, слушај послушај,
ако ти сакаш за да куртулиш,
накачи горе кај чукарите, кај манастирот,
ако да сакаш ти да куртулиш.
Тогај се Ѓорѓи излага, прелага,
накачи горе кај чукарите,
кога ќе види, што ќе види, Ѓорѓи Сугаре:
од сите страни Ѓорѓи сардисан.
Тогај извикна Ѓорѓи Сугаре, провикна,
на неговата верна дружина:
– Клавајте гуњи пусии, леле пусии,
зошто се камен тешко најдува!
Згрмеа пушки, пушки аскерски, крвави,
сета дружина му ја убија!
Тогај извади нагант револвер Ѓорѓи Сугаре,
самиот крвта си ја пролеа, леле пролеа,
жив на душмани не се предаде.



**Епска народна песна**

## РАЗМИСЛИ - ОДГОВОРИ

- За кој јунак се пее во песнава?
- Зошто во македонските епски народни песни најчесто се пее за маките и страдањата на нашиот народ под турското ропство?
- Од кое место го повикале Ѓорѓи Сугаре да им дојде напомош?
- Во кое село отишол? Кој го предал?
- Што се случило со неговата дружина? Што направил Ѓорѓи?
- Зошто јунакот си ја пролеал својата крв?
- Зошто заплакало Мариово? Каква е загубата на Мариово?

## ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ ОД ТУРСКИОТ ЈАЗИК

**душмани** – непријатели;
**куртулиш** – спасиш;
**манлихери** – вид куси пушки;
**наган револвер** – вид пиштол;
**чукари** – место на планината полно со камења;
**сардисан** – опколен;
**пусија** – заседа;
**аскер** – војска, војник.

## НАПРАВИ РАЗЛИКА

- Прочитај ја песната „Сончевина“ на стр. 14. Во тетратката направи ваква табела и запиши ги сите мисли што ќе ти дојдат на ум додека ги читаш двете песни.
- Објасни која песна кај тебе побудува чувства, а која те тера да раскажуваш.
- Дискутирајте за вашите табели.

| лирска | епска |
|---|---|
| | |

**ЕПСКА ПЕСНА**

**Во епските песни се раскажува за подвизи на некои јунаци или за случки и настани од минатото на народот.**

## НА ЧАСОТ ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

- Оваа песна се пее и многу е слушана. Пронајдете ја или побарајте да ви ја испее некој од повозрасните, а вие снимете го. За помош можете да се обратите и во вашето локално (месно) радио да ви ја сними песната.
- Научете ја музиката и испејте ја песната на часот по Музичко образование.

## ПРОДОЛЖИ ДОМА

- Обиди се да ја прераскажеш песната. Ќе се изненадиш колку едноставно се прераскажува. Кога ќе завршиш со прераскажување, обиди се да ја илустрираш песната.

✸ Во која библиотека членуваш?
✸ Колку книги имаш досега прочитано?
**Потсети се:** Од 15 октомври до 15 ноември е Месец на книгата.

# НЕСРЕЌНАТА КНИГА

Во големата и пространа библиотека имаше многу книги. Во неа децата доаѓаа често и со посебно задоволство ги разгледуваа книгите. Одбраните книги гиземаа за дома да ги прочитаат, а прочитаните ги враќаа назад во библиотеката.

Но само околу еден рафт со книги постојано имаше турканица. Таму, според мислењето на децата, беа најинтересните книги.

Само една книга во тој рафт немаше среќа. Неа никој не ја бараше, дури никој и ја немаше прелистано, а не пак да ја има прочитано. Секој ден кога ќе минеа децата, си помислуваше: „Утре е нов ден, можеби некој ќе ме одбере". Но деновите минуваа, а неа никој не ја погледнуваше. Во еден миг си помисли дека можеби децата не можат да ја забележат, па пријде поблизу, речиси до работ на рафтот. Но децата и понатаму минуваа крај неа како да не постои. Една вечер се расплака. Плачеше цела вечер.

Утредента кога другите книги веќе беа вратени и ставени до неа, таа им се обрати натажено и им рече дека заминува од библиотеката.

– Но, зошто? Каде, каде заминуваш? – ја прашуваа книгите.

– Одам да побарам некој кој ќе сака да ме прочита – им одговори разочарано.

– Не оди надвор сама. Можеш да се изгубиш! Остани тука со нас, побезбедно е – ѝ велеа книгите загрижено. Но несреќната книга цврсто беше решена да замине. Се лизна низ рафтот и излезе надвор.




А надвор!? Надвор набрзо ѝ се закани една метла. Многу се исплаши и мигум се досети како да се спаси. Кога чистачот замавна со метлата, книгата му се насмевна и двапати му се поклони. Чистачот се збуни, па и тој се поклони и замина оставајќи ја книгата на тротоарот...

Несреќната книга продолжи понатаму, а зад аголот пред неа стоеја две мангупчиња.

– Јас сум Бакс, а тој е Макс – рече едното од нив.

– А која си ти грда книго?

Книгата занеме од страв.

– Ти сигурно си некој




уличен бездомник – додаде Бакс.

– Јас? Не, јас... ова... носам приказни за вас – тивко рече книгата.

Тие се насмеаја гласно и ѝ рекоа:

– Ние не сакаме да читаме, но од твоите листови можеме да направиме убави топчиња со кои ќе ги задеваме девојчињата и ќе им ги фрламе в коси – ѝ одговори Макс и ја зграпчи. Сакаше да ѝ ги истрга листовите наеднаш, но не можеше, па Бакс го прекори:

– Будала еден, кини лист по лист!

Несреќната книга премре од страв, мислеше дека ѝ дошол крајот и дека наскоро ќе биде растргната. Макс го сврте првиот лист и токму кога сакаше да го скине, за плеќите го фати еден сериозен и видно налутен човек, кој викна по него:

– Ми го уништивте велосипедот! Сега ќе ве одведам кај родителите!

Книгата испадна од неговите раце, а момчињата се дадоа в бег без здив.

Кога малку се опорави од шокот, книгата тргна по друга улица. Таму сретна едно девојченце кое ги вадеше цвеќињата. Книгата ја поздрави и ја запраша:

– Дали ти се допаѓам? Дали сум убава?

– Не баш. Кориците ти се сиви, а насловот **Неодговорност** навистина е без врска – ѝ одговори девојчето.

– Ти благодарам на искреноста! Но те молам кажи ми дали би сакала да ме земеш в раце и малку да ме разгледаш? Во мене има толку многу приказни. Сигурно некоја ќе ти се допадне – и понатаму упорно прашуваше книгата.

Девојчето ја зеде, ја прелиста и ја запраша:

– Зошто сите твои приказни имаат ист наслов: **Неодговорност 1, Неодговорност 2, Неодговорност 3** и така редум?

– Ќе ти стане јасно ако прочиташ барем две приказни – ѝ одговори книгата.

Девојчето ги прочита првите две приказни и возбудено рече: – Лута сум на девојчето што заборавило да ги полева цвеќињата, па тие овенале. Лута сум му и

на момчето кое многу сакало да му купат куче, а кога му минал меракот престанало да се грижи за него. Сега гледам дека неодговорноста е добар наслов за тие две приказни. Ќе одам во дворот да ги прочитаме приказните заедно со другите деца.

Девојчето ја зеде книгата и со неа мина низ неколку дворови. Потоа седна во паркот. Многу деца со интерес ја читаа книгата. Таа кружеше по целата населба. А потоа некој се досети дека треба да ја врати во библиотеката. Таму ја ставија на рафтот од кој неодамна беше избегала. Но повеќе не беше несреќна бидејќи децата со задоволство ја позајмуваа и ја читаа.

**Штефанија Наџен**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА РАСКАЗОТ

- Зошто само една книга била несреќна од рафтот?
- Со која цел несреќната книга побегнала надвор?
- Со кого сè се сретнала надвор? Што доживеала?
- Кој е првиот читач на несреќната книга?
- Објасни зошто книгата не била веќе осамена и несреќна.

## ПРЕДЛОЖИ ПЛАН

- Прочитај го расказот во себе и подели го на пет логички целини.
- Направи план со: тема, главни мисли, идеја, време и место на настанот. Идејата ќе ја откриеш во четвртата и петтата целина.
- Прочитајте ги плановите и одберете го најдобриот. Наградете го со ракоплескање.

## РАЗМИСЛИ И БИДИ ИСКРЕН

- Ти се случило ли и тебе да пресудиш за некоја книга според насловот и изгледот на кориците? Која книга е таа?

# ГИ ПРОВЕРУВАМ И ГИ УТВРДУВАМ СТЕКНАТИТЕ ЗНАЕЊА

**ЈАЗИКОТ** е основно средство за комуницирање меѓу луѓето. **Мајчиниот јазик** за секој човек е најубавиот и најзвучниот јазик во светот. Со него најлесно и најубаво ги изразуваме нашите чувства и мисли. **ЈАЗИКОТ** за секој народ претставува најважен белег за распознавање.

**КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ и БЛАЖЕ КОНЕСКИ** се основоположници на македонскиот стандарден јазик. Ќе ја запаметам мислата на Крсте Мисирков:

**„Јазикот на еден народ е негово духовно наследство и богатство“.**

**ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА РАЗБИРАЊЕ** (за испраќање пораки) се: сликите, звучните сигнали, разни утврдени знаци и симболи, мимики и гестови (пантомима).

**СОГЛАСКИТЕ** се делат на **звучни** и **безвучни**.

***Од следнава реченица во мојата тетратка ќе ги групирам согласките според звучноста:***

Јас никогаш нема да се откажам од мојот мајчин јазик.

**а)** Звучни согласки се: ____;  б) Безвучни согласки се: _____.

**ЗБИРНИТЕ ИМЕНКИ** означуваат име на множество од ист вид предмети или суштества. Тие имаат само еднинска форма.

**ПРИСВОЈНИТЕ ПРИДАВКИ** означуваат **чие е нештото.**

***Од следнава реченица ќе ги препишам само присвојните придавки:***

Во близина на селските гробишта се наоѓаше дедовата воденица низ која поминуваа сите планински потоци.

***Од именките: зима, училиште, улица, сообраќај ќе образувам присвојна придавка и секоја од нив ќе ја употребам во реченица.***

**БРОЈНИТЕ ПРИДАВКИ** се образуваат од броевите и го означуваат редот на предметите и суштествата. На следниве прашања ќе одговорам усно:

***Препознај ја бројната придавка во следнава реченица:***

За десетина дена ќе го прославам десеттиот роденден.

***Која бројна придавка не е правилно напишана: петти, шестти, деветти?***

***Од следниве броеви ќе образувам бројни придавки и ќе ги запишам во тетратката: 99, 128, 235.***

**ЛИРСКА ПЕСНА -** ги содржи силните чувства на поетот. Во неа тој не ни го раскажува настанот, доживувањето, туку само ги пренесува неговите чувства што му ги предизвикал тој настан, случка или некоја личност.

**ПАТРИОТСКА ПЕСНА -** вид лирска песна во која поетот е поттикнат од убавините и историјата на својата татковина. Основното чувство во неа е љубовта кон татковината – патриотското чувство.

**ЕПСКА ПЕСНА -** наспроти лирските песни стојат епските. Во нив се пее за настани, случки, подвизи на јунаци. Според тоа, во нив има дејство и ликови – носители на дејството. Се раскажуваат како приказна.

***Меѓу следниве извадоци од две народни песни ќе препознам кои стихови припаѓаат на лирската, а кои на епската песна и усно ќе објаснам според што ги препознав:***

Се прочуло дете Татуличе,
се прочуло на Демир Капија,
кај запрело друмои, клисури,
та не дава пиле да прелета.

Развивај шумо зелена,
отвори сенки широки,
ќе мине Делчев Војвода
Со неговата дружина.

***Меѓу следниве две строфи ќе определам која строфа е извлечена од патриотска песна:***

Нигде на светов под вишно небо,
Под златен сончев сјај,
Толку убава земја нема
Ко мојот роден крај!

**(Ванчо Николески)**

Еј, што ми е мила пролетта
со тоа поле широко,
со тоа небо високо,
Со житата оросени,
Со тревите некосени.
**(Лазо Каровски)**

**БАСНА -** И минатите учебни години и оваа прочита многу басни. И уште многу ќе прочиташ и од нив многу ќе научиш. Во нив зборуваат животните, но ти веќе знаеш дека преку нив баснописецот ги критикува луѓето за нивните недостатоци и негативните карактерни особини.

***Прочитај повеќе басни за време на зимскоит одмор. Онаа што најмногу ќе ти се допадне, обработи ја во твојата тетратка според насоките што ќе си ги избереш кај некоја од басните во твојот учебник.***

## ДОЗНАЈ - КАЖИ

- Имаш ли некои роднини или пријатели кои живеат во странство? Колку често се слушате по телефон? Колку често се гледате? Се допишувате ли? Можеби се допишувате преку компјутер? Како?

# ТАТКОВОТО ПИСМО

Некој заѕвони на вратата од Весна. Поштарот ѝ подаде писмо и си замина. А девојчето веднаш го препозна писмото. Знеше дека татко ѝ им пишува. Тој беше далеку, многу далеку од Весна и од семејството. А зошто? Како? Долга приказна.

Девојчето нестрпливо го отвори писмото и гласно почна да го чита:

*Мила моја Весна,*

*Знам, сега кај вас е пролет. А заедно со пролетта доаѓа и твојот роденден. Тато не заборава. И постојано мисли на својата мала ќеркичка. На тебе и на мама. Ти си дете и не знаеш за патиштата на животот. Кога ќе бидеш голема, подобро ќе ги дознаеш работите. Колку сме подалеку од она што ни е најдраго, толку тоа ни е помило и поблиско.*

*Наскоро со нешто ќе те изненадам. Засега тоа нека биде моја тајна. А изненадувањето нека причека токму до роденденот. Нема да ти го кажам пред време.*

*Но, покрај него, верувам, ти имаш некоја желба за која не знам. Затоа сакам веднаш да ми јавиш во писмото: што сакаш да ти испратам? Побарај нешто најубаво. Биди сигурна дека желбата ќе ти биде исполнета.*

*Ти си послушна, нели? Сигурен сум дека поради ништо не ја загрижуваш мајка ти. Едно девојче како тебе, за љубов на своите родители, мора да биде послушно. И треба да учиш. Само така јас и мама ќе бидеме уште погорди и посреќни со тебе. А за друго, немој да се грижиш. Грижите нека ни останат нам: мене и на мама.*

*Одговорот очекувам навреме да го добијам.*

*Тебе и мама*
*многу ве*
*сака,*
*ТАТО*



Весна неколкупати го препрочита писмото. И уште истиот час зеде лист, седна на масата и зборовите за одговор на татковото писмо сами потекоа:

*Мил мој тато,*

*Штотуку го добив твоето писмо. А пред малку се вратив од училиште. Додека да си дојде мама од работа, ќе го напишам одговорот. Ако сака нешто да дополни во писмото, пликот ќе биде отворен.*

*Не знаеш, тато, колку радост ми причини твоето писмо. Но, признавам, додека го читав, не бев храбра. И без да сакам, неколку солзи ми се растркалаа по лицето. Затоа посакав веднаш да ти напишам одговор.*

*Ние сме добри. А за мојата послушност, најдобро мама нека ти каже. Редовно учам. Денеска ме пофали наставничката на часот по математика. Прва ги решив задачите во одделението.*

*Е, сега, мил мој тато, покрај оној подарок што за мојот роденден го подготвуваш како изненадување, останува уште да ти ја кажам мојата желба: сакам ти да ми се вратиш и да бидеме сите заедно!*

*Те сака твојата ќерка*
*ВЕСНА*

Утредента девојчето отиде во поштата. Таму писмото рамнодушно го примија и го ставија во мноштвото пратки. Никој не знаеше колку голема желба се крие во него. Никој не знеше дека заедно со него отпатуваа и неколку солзички.

**Горјан Петревски**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА РАСКАЗОТ



- Кој е главен лик на расказот?
- Од кого Весна добила писмо?
- Каде бил татко ѝ?
- Што мислиш зошто отишол в туѓина?
- Со што ќе се гордее татко ѝ на Весна?
- Што посакала Весна за роденден?
- Што отпатувало заедно со писмото?

## ВЕЖБИ ЗА ИЗРАЗНО ЧИТАЊЕ

- Прочитај го расказот во себе. Замисли со каков тон би ги читал зборовите на писателот, а со каков татковото и Веснината писмо. Во писмата има многу чувства кои треба да ги пренесеш преку читањето.
- Еден ученик нека го прочита цел расказ со потребното менување на гласот.
- Тројца ученици нека го читаат расказот: еден – говорот на писателот, друг – татковото писмо, трет – Веснината писмо.
- Организирајте натпревар за најдобро читање.

## ПОТСЕТИ СЕ - СОСТАВИ

- Потсети се како се пишува писмо.
- Писмото има:
  - **- наслов** ( Драго другарче, Мила мамо, Здраво Весна,...)
  - **- вовед** (Зошто им пишуваш писмо?)
  - **- содржина** (Ја објаснуваш веста, случката.)
  - **- крај** (Даваш свое мислење и праќаш поздрав.)
- Не заборави да го напишеш местото и датумот на пишувањето. Пишувај читко, убаво, со јасни реченици.
- Состави писмо до кого сакаш (роднини, пријател, непознато другарче), напиши го на убава хартија, стави го во коверт, адресирај го, залепи поштенска марка и испрати го. Кога ќе добиеш одговор, продолжи да се допишуваш.

## ГРУПНА РАБОТА

- Поделете се во четири групи:
  - – првата група нека напише писмо;
  - – втората нека напише известување за некоја скорешна посета;
  - – третата нека напише текст во кој ќе опише доживување од некој настан;
  - – четвртата опширно нека ја прераскаже последната лектира.
- Одберете кој ќе ја презентира работата на вашата група.
- Додека една група презентира, другите во табела нека забележуваат каков е јазикот на сработеното, должината на текстот, содржината, формата на обраќањето, презентирањето.
- Најдобра ќе биде онаа група за која сте дале најдобро мислење.

## САМООЦЕНУВАЊЕ

- Откако ќе завршите со групната работа, во твојата тетратка или на лист одговори на следниве прашања:

  Име ____________________

  Датум __________________

  Дали сум задоволен од својата работа?

  Дали тоа е најдоброто што можев да го направам?

  Дали користев различни идеи?

  Ми треба ли помош?

  Можам ли подобро да сработам?

  Ќе им го покажам ли сработеното на други?

## ДОМАШНА РАБОТА

- Обиди се да го продолжиш расказот. Напиши што би сакал да се случи понатаму и каков крај да има: среќен или тажен.
- Прочитај ја домашната работа на следниот час.

✹ Имате ли нов ученик во одделението? Ако имате искажи се како го прифативте. А  ако немате кажи како би се однесувал ако дојде нов соученик.

# НОВИ ДРУГАРКИ

Во класот  пристигна ново девојче. Го донесе и го претстави директорката, а наставничката му рече да седне на едно празно место во средниот ред. Децата го загледуваа, но и тоа нив.

– Да ѝ посакаме добредојде на Ана – рече наставничката.

Ана стана и се поклони. Сите се насмеаја, и таа се насмевна. Ја прашаа каде живее. Ја кажа адресата.



– Па, таму живеам јас, – извика Ангела и потскокна од радост.

– Значи, можете заедно да доаѓате на училиште – рече наставничката.

На големиот одмор Ангела ѝ пријде на Ана и ѝ подаде рака. Се поздравија гледајќи се в очи. Потоа разговараа за обични нешта – каде учела досега Ана, кога се доселиле и кого има дома. Ангела рече дека таа има мало братче Никола. Ана рече дека има мајка, баба и постар брат. Се вика Петар. Со тага кажа дека е болен и оди со патерици.

По часовите, наставничката им предложи да си одат дома заедно. Забележа дека девојчињата се зближиле и ѝ беше мило.

– Ајде да бидеме другарки, – рече Ангела на половина пат кон дома. Ана радосно се согласи.

**Кирил Темков**

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

✹ Како ја прифатиле Ана во одделението?
✹ Со кого се зближила Ана?
✹ Што си кажале за семејствата?
✹ Што се договориле девојчињата?

## ПОТРУДИ СЕ

✹ Размисли и направи ваков пресек за Ана и Ангела.



## КАКОВ ДРУГАР СИ?

- Дали твоите односи кон другарите се вакви:
  – блиски сте;
  – се радувате кога сте заедно;
  – си играте заедно;
  – се гледате многу често, дури секој ден;
  – си позајмувате пари;
  – меѓусебно си помагате;
  – одите заедно на прошетки;
  – не се карате.
- Ако за сè си одговорил потврдно, вие сте вистински другари.

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

- Кои се твоите другари од:
  – одделението;
  – од друго одделение;
  – од зградата во која живееш или од маалото;
  – од другиот крај на градот.
- На која возраст се твоите другари: колку тебе, постари или помлади од тебе?
- Што правите кога сте заедно?
- За што разговараш со другарите? Кому од нив му ги довеpуваш своите проблеми?
- Како ти помагаат другарите?

## ДЕЦА, ЧУВАЈТЕ СИ ГИ ДРУГАРСТВАТА!

- Не карајте се со другарите и не правете им лошо. Ќе останете без нив, а тоа нема да ви биде пријатно.
- Другар е оној кого го чувствуваш близок и со кого се радуваш да бидеш заедно.
- Никој не треба да се сака само себеси. Бидете пријател со другите деца, учете и играјте си заедно.
- Споделувајте ги чувствата со другарите, разговарајте, помагајте си едни на други.



## МОЈАТА АСОЦИЈАЦИЈА

Запиши во тетратката на што те потсетуваат (асоцираат) овие две стиснати дланки.

Кои луѓе се ракуваат вака?

# АЈДЕ ДА СЕ САКАМЕ

Зар не е добра желба
Во светот да нема делба...
Човек со човек
Да се сака.
Човек на човек
Да си подаде рака.
Појакиот пред послабиот
Да не се прави важен,
Секој да е весел:
Да нема човек тажен.
Децата во светот
Да не знаат за тага
Секој да се прашува
Што ли беше лага?
Зар е тешко да си чесен
И да минеш живот лесен.
Зошто ни се кавги, злоби,
Болки, маки и тегоби?
Кажете ми сега ајде
Има ли од тоа фајде?

**Томе Смоларски**



## ИЗВЛЕЧИ ОД ПЕСНАТА И ЗАПИШИ

- Извлечи од песната три пораки на поетот кои според тебе се најважни.
- Направи ваква табела во тетратката и пополни ја според барањата:

| ГРДИ И ЛОШИ ЗБОРОВИ | УБАВИ И ТОПЛИ ЗБОРОВИ |
| --- | --- |
| | |

- На крајот под зборовите нацртај нешто што ќе одговара на грдите и нешто што ќе одговара на убавите зборови.

## ЗАМЕНИ

- Покрај секој грд збор напиши со големи букви друг збор со спротивно значење, мил, топол збор. Пример: делба – СПЛОТЕНОСТ; тажен – ...

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

- Како би можел ти да придонесеш да се заборават грдите зборови, а да завладеат само убавите?
- Што мислиш, чека ли поетот одговор на сите поставени прашања во песната? Зошто така мислиш?
- Каква порака ни испраќа поетот преку оваа песна?

## НАПРАВИ СПОРЕДБА

- И во расказот „Лоши зборови“ на страница 16 се зборува за лоши, грди зборови. Но, сепак, меѓу нив има разлика. Откри ја таа разлика и изнеси го своето мислење.



- Кои лектири ги имаш прочитано досега?
- Која ти беше најинтересна?
- Сте го посетиле ли некогаш Саемот на книгата?
- Што ти остави силен впечаток од таа посета?

# ВО ЛАВИРИНТОТ ОД ЛЕКТИРИ

Денес баба ми дома донесе две ЅВЕЗДЕНИ ПЕРНИЧИЊА.

– Од каде ти се? – ја прашав.

– Од Саемот на книгата, се знае...Отворен е од вчера, а до недела ќе трае! Повели, ти зедов и една МОДРИЧКА ТЕТРАТКА за да си ги бележиш во неа НАРОДНИТЕ ПРИКАЗНИ ОД БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ што ќе ти ги раскажува дедо ти...

Веднаш ѝ се јавив на МЕРИ ПОПИНС.

– Почна Саемот на книгата, сакаш ли да појдеме? – ја прашав.

– Знам, но не можам – ми врати. – Се договорив со ПИПИ ДОЛГИОТ ЧОРАП да појдеме на роденден кај ТАРО ОД ЗЕМЈАТА НА ПЛАНИНИТЕ... Можеби утре... Ако сакаш, пак – појди со ОРХАН, тој веќе сигурно ги има расчистено ПАЈАЖИНИ–ТЕ НА КЛИМЕНТИНА...

Само што сакав да го побарам, ете ти го ПИНОКИО јавнат врз црн ат со БЕ–ЛА ГРИВА.

Леле, – му реков – ми личиш на МАЛИОТ ПРИНЦ, чесен збор!

А тој:

– Ајде сега не ми раскажувај ШЕЌЕРНА ПРИКАЗНА, туку кажувај: доаѓаш со мене на Саемот или не?

– А од каде ти е коњов, ПИНОКИО?

– Ми го позајми ИТАР ПЕЈО... Вели дека пред сто години на него јавал и ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ!

– Сега ти – му велам – ми раскажуваш ЕПСКИ НАРОДНИ ПРИКАЗНИ, нели?

– Доаѓаш или не? – ми подвикна тој, мавтајќи со некаков букет во раката.

– Што ти е тоа?

– МАСЛИНОВИ ГРАНЧИЊА! – ми рече. – Ќе ги засадам во дворот на Саемот... Та нели е празник на книгата?!

– Одлично! – се согласив. – Јас ќе го земам ЗЛАТНОТО ФЕНЕРЧЕ НА ЛЕТО–ТО, во случај да снема струја, па да им свети на посетителите!

Само што излеговме од дворот, ги видовме РОБИНЗОН КРУСО и БЕЛОТО ЦИГАНЧЕ како брзаат кон Саемот.

– Да им се придружиме! – реков.

– Остави ги, тие се шестоодделенци... Ене ги и СПОМЕНКА и ХАЈДИ.

– Леле, колку брзаат... Ќе ги стигнеме дури идната година!

**Киро Донев**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА РАСКАЗОТ

- За што се зборува во расказот?
- Каков е овој расказ според начинот на кој е предадена содржината?
- Што те насмеа?
- Објасни го насловот на расказот.



## ЗА ЛЕКТИРИТЕ

- Кои лектири се спомнуваат во расказот?
- Која од прочитаните лектири најмногу те воодушеви? Објасни зошто.
- Која од споменатите лектири ја немаш прочитано?
- Позајми ги од вашата училишна библиотека книгите кои се спомнуваат во текстот, а досега не си ги прочитал.
- Води си дневник на прочитани книги.

## ИЗРАЗИ СЕ СО ЦРТЕЖ

- Обиди се да претставиш со цртеж дел од расказот кој ти е најинтересен. Нацртај ги ликовите кои се спомнуваат во него.
- Направете изложба од вашите цртежи.





**ПОРАЗГОВАРАЈ СО ДРУГАРЧЕТО**

- Како треба да се однесуваш кон книгите, особено кон оние кои не се твои?
- Што правиш ако во некоја книга си сретнал нешто интересно, па сакаш тој податок да го запомниш:
  – го потцртуваш во книгата;
  – го препишуваш во тетратка;
  – ја фотокопираш страницата.

# КАКВА БЕСРАМНОСТ

Неколку дена пред да правиме тестови во училиштето, добро се подготвив. Го повторував градивото, го утврдував наученото, па појдов дури и во библиотеката за да најдам и научам некои нови работи од книгите. Бев решен да добијам највисока оценка во одделението.

Но, книгите не смееја да се изнесуваат надвор од библиотеката, бидејќи од секоја книга постоеше само по еден примерок. Тогаш јас се сетив што да направам.

Вртејќи се на сите страни и внимавајќи да не ме забележи некој, со молив го подвлекував на страниците од книгите сето она што ми се допаѓаше, што ме интересираше и за коешто мислев дека ќе ми биде важно за тестовите.

И последниот ден, значи еден ден пред тестирањето, дојдов во библиотеката со мал нотес во џебот и пак ја побарав истата таа книга што ја читав пред тоа и во којашто бев нашол и бев потцртал толку многу нови работи, една од друга подобри...

Но, останав вчудовиден.

Гледав во листовите, превртував, но никако не можев да се снајдам. Некој ја зел по мене и толку ги беше испочкртал сите мои забелешки, внесувајќи си свои, што не знаев што е мое, а што е негово!

Ете така ти е тоа кога некој со лоши навики ќе почне да шара по туѓи книги, па ќе ти ги расипе плановите и сето тоа што со мака и труд си го сработил пред него!

Тоа беше страшно за мене! Каква неразбраност?! Каква некултура?!



**Колина Куба**

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Кои книги ги користиш кога се подготвуваш за тест? Користиш ли дополнителна литература со повеќе податоци?
- Како ќе постапиш ако ти треба книгата а не смееш да ја изнесеш од библиотеката?
- Што мислиш: дали нашиов јунак е во право кога ги критикува другите за она што му го направиле? Зошто така мислиш?
- Кој е бесрамен, некултурен и неразбран?



## ПОТСЕТИ СЕ И ОДГОВОРИ

- Што е библиотека?
- Во која библиотека членуваш?
- За какви други библиотеки си слушнал?
- Што сѐ можеш да позајмиш од библиотека?
- Објасни го начинот на позајмување на книги, весници и списанија.

## ПОТРУДИ СЕ И ДОЗНАЈ

- Постојат современи библиотеки кои се нарекуваат медиатеки. Потруди се и дознај сѐ што можеш за нив.
- Новооткриените податоци презентирај ги пред другарчињата.

## ДОМАШНА ЗАДАЧА

- Во тетратката за домашна работа раскажи го текстот во прво лице еднина, односно како тебе да ти се случило сето тоа. Изрази се убаво и опширно.
- Прочитај им на домашните што си напишал.

# ПЕЛИСТЕРСКИ ОЧИ

Битола е град што се простира од двете страни на реката Драгор, која шумо–ли меѓу високите ѕидани брегови. Над градот во далечината стрчи во небесната синевина гол, со гранитни стени, препашен преку средината со постојано зелениот појас на борови гори – Пелистер. Пелистер има три врвови и стои како вечен стражар во родната Пелагонија...

На Пелистер постојат и две планински езера, познати под името Пелистерски очи. За овие езера има легенда што се раскажува во градот под Пелистер...

Се случило многу одамна. Братот и сестрата, Јорго и Флора, паселе овци на падините на Баба Планина. Јорго и Флора биле среќни со своето стадо. Еден ден, братчето Јорго се загубило во планината, а сестра му Флора го барала на сите страни. Солзи и само солзи. Плачело девојчето на глас, а од очите како две изворчиња ѝ течеле бистри, невини детски солзи. Од солзите на Флора во двата кратера, оддалечени неколку стотина чекори еден од друг, се создале убавите планински езера – Пелистерски очи.

Несреќната Флора, постојано плачела. Од големата тага по брата си, таа умрела. Пред да издивне рекла:

– Езерце мило, убаво, ако некогаш го видиш мојот брат, речи му да се измие од бистрата планинска вода, од моите солзи, за да го помилувам!

**Апостол Поп Јовановски**



## ИЗБЕРИ ЕДНА ОД ЗАДАЧИТЕ И ИЗВРШИ ЈА:

### ПРОЧИТАЈ И КАЖИ

- За чие настанување се зборува во текстот што го слушнавте?
- Каде се наоѓаат планинските езера Пелистерски очи?
- Од што настанале езерата според текстот? А според науката?
- Кои биле Јорго и Флора?
- Што се случило со Јорго? А со Флора?
- Што му рекла Флора на езерцето?

### РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

- Зошто умрела Флора?
- Што ги поврзувало Јорго и Флора?
- Што чувствуваш ти за твојот брат или сестра?

### ИСКАЖИ СЕ СПОРЕД БАРАЊАТА

- Прочитај ја легендата неколку пати. Во твојата тетратка нацртај ваква табела и искажи се според барањата:
  – нацртај слика за текстот;
  – наведи ги чувствата што кај тебе ги предизвика овој текст;
  – приведи ги звуците што ги сретна во текстот;
  – поврзи го текстот со случка од својот живот.

| Прикажи со слика | Наброј ги твоите чувства |
|---|---|
| | |
| **Приведи ги звуците од текстот** | **Врска со мојот живот...** |
| | |

### ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

**Легенда (предание) -** е текст во кој се раскажува како настанало некое место, некое езеро, река или како нешто го добило своето име.

### ИСТРАЖУВАЈ

- Поделете се во неколку групи и истражувајте дали постои некоја легенда поврзана со твоето место.
- Одредете:
  1. Кој ќе истражува?
  2. Како ќе истражувате (ќе разговарате со постарите, ќе читате, ...)?
  3. Одредете колку долго ќе истражувате.
  4. Како ќе го претставите својот труд (со пишување, со цртање, со снимени искази, со правење постер)?
  5. Што ќе направите со готовиот труд (ќе го објавите во училишниот весник, ќе го пратите во некое детско списание, ќе го раскажете во радиоемисија)?
- Најдобрата група наградете ја со пофални зборови и насмевки.

- Со кој знак се обележува математичката операција собирање, а со кој одземање?
- Какво време нè очекува ако се очекуваат температури од $-3^{\circ}$? А какво од $+ 35^{\circ}$?

# ПЛУСКО И МИНУСКО

Зошто четворка
да се лизга кон тројка
кога плус тројка и плус четворка
надвишуваат одлична петка.
Минуско завиткан во шал
се санка на минус под нула.
Плуско пак во летна маичка
од врвот на живиниот столб
по Минуска вика
да се соберат
сите плусовци и сите минусовци
од разни скали и степени,
за да се види
кој повеќе ќе скокне
од топло на студено,
од студено на топло,
минус плус плус минус.
Ако не заиграат заедно
сите девојчиња и деца
ќе нема
ни игра ни песна.



**Радован Павловски**

## ДА РАЗГОВАРАМЕ ЗА ПЕСНАТА

- За кои знаци се зборува во песната?
- Според тебе, која оценка е подобра $4^{-}$ или $3^{+}$? Зошто мислиш така?
- Прочитај ги стиховите во кои знаците се однесуваат на оценките.
- Кога Минуско се санка завиткан во шал?
- Зошто Плуско на врвот од живиниот столб е во летна маичка?
- Од кои земји се плусовците кои многу треба да скокнат од топло кон студено?
- А од каде доаѓаат минусовците?
- Прочитај ги стиховите во кои Плуско и Минуско покажуваат температура на времето.

## СОГЛЕДАЈ

- Песната нема строфи. Донеси свој заклучок во врска со тоа.
- Пронајди ги римуваните зборови.
- Колку слики можеш да нацрташ за содржината на песната?
- Во песната има само два интерпункциски знака. Каде уште ти би ставил интерпункциски знаци? Кои знаци ти би ги ставил?
- По што ги разликуваш и ги разделуваш сликите една од друга?
- Објасни ги последните четири стиха. Што мислиш, на што се однесуваат: на училиштето, на другарството, на мирот во светот?

## ОБИДИ СЕ

- Обиди се планот на песната да го претставиш со слики наместо со зборови:
  За што се зборува во песната:
  Поетски слики:
  Порака:
- Одберете најинтересно нацртан план.



## ДОЗНАЈ

- Потруди се и дознај која била најниската и највисоката температура измерена досега во твоето место. Кога била измерена таа температура?
  За да добиете точна информација, можете да се обратите во најблиската метеоролошка станица или да ги прашате повозрасните од вас.

## ДОМАШНА РАБОТА

- Препиши ја песната со латински букви.
  Илустрирај го оној дел кој тебе ти е најинтересен.



# ПОКАЗНИ ЗАМЕНКИ

## ПОТСЕТИ СЕ

- Што означуваат заменките?
- Наброј ги личните заменки. Зошто се викаат лични?
- Напиши една реченица во која ќе ја употребиш личната заменка тие.

## ВООЧИ, ЗАКЛУЧИ И ПРИМЕНИ ГО НАУЧЕНОТО

**Онаа** птица излета од нашата јаболкница.
**Овие** птици ги спасив од студот и гладот.

Со заменките **онаа** и **овие** **се покажува** на птиците. **Заменките со кои ги посочуваме суштествата и предметите се викаат ........**

**Тие** деца се вистински другари.
Давид ги нацрта ...... слики.

**Оној** сунѓер е наш.
...... книга е многу интересна.

**Разгледај ја табелава во која се дадени сите показни заменки:**

| ЕДНИНА | | | | МНОЖИНА ЗА СИТЕ РОДОВИ |
|---|---|---|---|---|
| МАШКИ РОД | ОВОЈ | ОНОЈ | ТОЈ | ОВИЕ |
| ЖЕНСКИ РОД | ОВАА | ОНАА | ТАА | ОНИЕ |
| СРЕДЕН РОД | ОВА | ОНА | ТОА | ТИЕ |

## СОГЛЕДАЈ ЈА РАЗЛИКАТА

**Тој** чита.
– **Тој** во оваа реченица е лична заменка.

**Тој** човек чита.
– **Тој** во оваа реченица е показна заменка.

- Објасни кога заменките ТОЈ, ТАА, ТОА, ТИЕ во реченицата е показна, а кога е лична заменка.

## ПРИМЕНИ ГО НАУЧЕНОТО

- При препишувањето на речениците впиши ја соодветната показна заменка пред секоја именка:

1. _____ есен беше многу плодна.
2. Децата ги сакаат ______ јаболка.
3. _____ човек е мојот чичко.
4. Баба ми го сплете _____ шал.

# СЕГАШНО ВРЕМЕ

- **ПОТСЕТИ СЕ** што си научил за глаголите во трето и четврто одделение. Кажи му на другарчето до тебе.
- **ИСПРАВИ ГИ ГРЕШКИТЕ**

Препиши го правилно следниов текст:
Мојот најдобар другар се викаат Дарко. Тој се многу добар и дружељубив. Секогаш ми помагам кога ми е потребна помош. Јас многу го сакаш. Со него редовно одат на кошарка. Ние двајцата многу го сака спортот.

## ВООЧИ

- Со кои видови зборови е направена збрката во овој текст?
- Во што ја согледуваш грешката кај глаголите?
- Во кое време се врши дејството означено со сите глаголи во текстот?

### ПРЕПИШИ И ДОПОЛНИ ВО ТВОЈАТА ТЕТРАТКА

**Сегашно време** означува дејство што се врши ____, во моментот додека зборуваме за него.
Ние на овој час **учиме** за сегашно време. (Кога **учиме**?)
Јас внимателно ____. (Што правам јас сега?)
Учителот ни **објаснува** јасно и разбирливо. (Кога ни објаснува учителот?)
Го **прашуваме**________ за она што не го **разбираме**.

### ЗАПОМНИ

**Глаголите** ја менуваат својата форма, значи **се менуваат по број** (еднина и множина) **и по лице** (прво, второ, трето).

**Забележи ја промената на глаголите во сегашно време по лице и по број, дадена во табелата.**

| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|
| 1 лице - јас ЦРТАМ | 1 лице - ние ЦРТАМЕ |
| 2 лице - ти ЦРТАШ | 2 лице - вие ЦРТАТЕ |
| 3 лице - тој, таа, тоа ЦРТА | 3 лице - тие ЦРТААТ |

## ВЕЖБИ

- Изменувај го глаголот **свири** во сите лица, еднина и множина.
- Состави три реченици со глаголи во сегашно време.

## УТВРДИ ГО НАУЧЕНОТО



- Извлечи ги глаголите од сегашно време од следниов текст и напиши ги во тетратката:

  *Освен дрвјата, во шумите има и многу шумски плодови кои добро можат да нè засладат, ама и големо количество на витамини да ни подарат. Сите знаеме дека за подобрување на крвта, боровинките, малините и капините се „цар“ - од природата дар.*

- Со секој од следниве глаголи: измислува, качува, вози, бере, оди, ѕида, сади, формирај реченица. Потруди се глаголите да бидат во различни лица, во еднина и множина.

### БРЗ КВИЗ

| Во сегашно време се: | Сите се во множина: | Не се во еднина: |
|---|---|---|
| а) играа, спиеше, јадев; | а) учи, слушаат, паѓа; | а) броиме, учат, одите; |
| б) игра, спијат, јадам; | б) спиеме, викате, пеат; | б) се крие, стоиш, кревам; |
| г) сакав, дојде, ќе носи. | в) можам, сака, знаеме. | в) мириса; лие, се смеам. |



## ДОМАШНА ЗАДАЧА

- Напиши краток состав во кој ќе го опишеш твојот работен ден. Потруди се во него сите глаголи да ти бидат во сегашно време. За да бидеш успешен во тоа, следи го следниов план:
  - утринските подготовки за на училиште;
  - училишните часови и другите активности во него;
  - враќањето дома, ручекот, дружењето со домашните;
  - подготовка на задачите за наредниот ден;
  - твоите слободни активности и легнување.

## ПОДГОТВИ СЕ ПРЕД ЧАСОТ

- Сите ние поминуваме низ неколку периоди во животот: раѓање, детство, младост, зрелост и старост. Вие сте сега на преминот меѓу детството и младоста. Почнувате да чувствувате и да забележувате одредени промени кај себе и кај другите.
- Потруди се и дознај: Како се вика периодот во кој влегувате? Со кои промени треба да се сретнете?
- За да дознаеш, можеш да поразговараш со родителите, со учителот или да прочиташ во некоја од многуте енциклопедии.

# ПУБЕРТЕТ

Огнен, од сите слатки, најмногу ја сакаше тортата. Постојано сакаше мајка му да му прави торта. Кога беше помал, на родендените што ги славеше, мајка му му правеше торта, и тогаш Огнен леташе од радост и постојано околу тортата се врткаше: за миг ќе го излапаше парчето што мајка му ќе му го отсечеше, а ги собираше и парчињата што ќе преостанеа од неговите другари.

Кога порасна, кога заврши осмо одделение, мајка му престана да му го слави роденденот. А со тоа завршија и тортите.

Огнен сега постојано ја прашуваше мајка му кога повторно ќе му направи торта, а таа му велеше:

– Кога ќе има повод ...

– Кога ќе има повод? – ја прашуваше тој.

– Кога ќе ти дојде пубертетот ... – му одговараше таа.

Огнен со нестрпливост чекаше да му дојде пубертетот.

Чекаше така со месеци и одвреме–навреме ја прашуваше мајка си:

– Дојде ли пубертетот ...?



Таа ќе го загледаше и ќе му речеше:

– Не, не е уште дојден ...

И пак, по извесно време нестрпливо Огнен ќе ја прашаше:

– Дојде ли пубертетот?

– Уште не ... – му велеше мајка му. – Уште малку ...

И така, чекајќи го Огнен пубертетот, помина скоро цела година. И најпосле еден ден мајка му му рече:

– Синко, денеска ќе

ти направам торта ... – Ти дојде пубертетот...

Огнен се развесели, но и љубопитно ја погледна мајка си. Имаше слушнато за тој збор, но не знаеше што всушност тоа значи. Ја праша мајка си:

– Што е тоа пубертет?

Таа се насмевна, го погали по главата и со прстот му го допре мозолчето што му беше излезено на челото:

– Еве, ова е, синко, пубертет ... – му рече. – Еве, се јави ...

Огнен се зачуди. Стрчна на огледалото да си го види пубертетот. Го пипкаше со прстот црвеното мозолче избиено на кожата како зрно леќа, како мала јаготка.

Го пофаќаше и сè повеќе се возбудуваше.

Седна на масата и јадеше лакомо од тортата. Јадеа и сите негови дома и го славеа пубертетот на Огнен.

Откако се засити јадејќи од тортата, Огнен со возбуда истрча оддома и отиде да ја побара својата соклсасничка Мара со која се другаше и со која шетаа по корзо. Ја најде и ѝ го покажа мозолчето на челото и ѝ рече:

– Види ... Пубертет ...

Таа го погледна и се насмевна:

– И јас го имам ... – му рече и му го покажа мозолчето на образчето кое беше излезено како цветче.

Си ги пипкаа со прстите, си ги пофаќаа мозолчињата, полека, нежно, како да пофаќаа нежни, штотуку расцутени цветчиња.

**Јован Стрезовски**

## ВООЧИ И ОДГОВОРИ

- Кој е главен лик во расказот?
- Што сакал најмногу Огнен?
- Кога престанале да му го слават роденденот?
- Кога ќе ја добие следната торта?
- Колку време чекал да дојде пубертетот?
- По што мајка му го препознала пубертетот?
- Кому му го покажал пубертетот?

## СОСТАВИ ПЛАН НА РАСКАЗОТ

- Прочитај го расказот, подели го на логички целини и состави план. Најубавиот план запишете го на таблата.

## БИДИ ИСКРЕН

- Со кого си разговарал за твоите промени?
- Се срамиш ли да разговараш со некого за пубертетот? Зошто?
- Си го забележал ли пубертетот на твоето лице? А кај другите?
- За Огнен и Мара пубертет се мозолчињата кои им избиле на лицето. Што е за тебе пубертет? Објасни како ти го разбираш пубертетот?

# ВЕЖБИ ЗА РАСКАЖУВАЊЕ




✸ Внимателно набљудувај ја низата од слики. Размисли за што се зборува во нив. Потруди се да составиш интересна приказна и да ја раскажеш во тетратката. Приказната треба да има вовед, заплет и расплет. Можеш да додадеш и нешто измислено (имиња на ликовите, нивните чувства, мисли и разговори, описи ...).

✸ Прочитајте што сте напишале.

✸ Замисли си дека си лекар, пилот, артист, спортист ... Одбери некоја од понудените професии или некоја друга што тебе ти се допаѓа и раскажи некое интересно доживување поврзано со неа. Претходно направи план или скица по која ќе раскажуваш!

✸ Сигурно си бил сведок или учесник во некоја смешна случка. Обиди се да раскажеш смешна случка (од училиштето, од дома, на пазар, на театар, на лекар или од друго место). Раскажувањето треба да биде смешно, а тоа ќе го постигнеш со необични споредби, со необичен тек на настанот кој треба да изненади. Тоа најдобро ќе го постигнеш ако се шегуваш на своја сметка.

✸ Замисли си дека си: цвет, роса, дождовна капка, самовила, загубена играчка, кукла, книга... Што може да ти се случи? Што можеш да доживееш? Со кого би се здружил? Раскажи приказна за тоа.

✸ Прочитајте ја сказната „Девојчето и дванаесетте месеци" на стр. 67. Еден ученик нека ја раскаже, а друг нека ја прераскаже сказната. Вие нема да знаете кој ќе раскажува, кој ќе прераскажува. Додека тие говорат, вие бележете ги разликите кои сте ги вочиле во начинот на нивното интерпретирање и според нив ќе определите кој раскажувал, а кој прераскажувал.

Неколку минути набљудувај ја сликата без да трепнеш. Замисли дека влегуваш во неа, ја доживуваш, раскажуваш за неа. Раскажи како е во тој простор, што има таму, што чувствуваш, што допираш. Што ќе биде ако таа слика оживее? Што ќе раскажуваат нејзините ликови?



## ВЕЖБИ НИЗ ИГРИ

### ПРИКАЗНА СО ПРЕЧКИ

Се игра така што еден ја започнува приказната, друг додава збор, а раскажувачот ја продолжува приказната, но така што во следната реченица го вклопува дадениот збор.

### КАМЕНОТ ШТО ЗБОРУВА - ПРИКАЗНА ШТАФЕТА

Еден ученик, со неколку реченици, започнува приказна. Друг ќе продолжи, но раскажувањето да има смисла. Така, еден по друг, можете да составите ваша приказна. Темата одберете ја сами.

### РАСИПАН ТЕЛЕФОН

Пет ученика излегуваат од училницата. Другите слушаат кратка приказна. Еден излегува надвор и му ја шепка приказната на еден од петмината. Тој му ја шепка на следниот итн. Потоа, тие што се надвор, еден по еден влегуваат внатре и ја раскажуваат својата верзија на приказната. Оценете кој ќе раскаже најслично со оригиналот.

### ЈАС, МИНИСТЕРОТ...

Замисли дека си пратеник, министер или судија. Раскажи некоја случка од твоето работно место или што работиш. Насловот на твојот состав може да биде: „Јас во парламентот“, „Јас во судот“, „Јас во владата“.

# ПОДАРИ ЉУБОВ

**ПОРАЗГОВАРАЈ СО ДРУГАРЧЕТО**

- Зошто го сакаш снегот?
- Кои снежни игри ти се омилени?

## СНЕГ

Снегот што падна во шумата и полето, шепоти:

„Се радувам што среќно се родив и што носам меко име СНЕГ.

Никогаш не биле поубави и почисти шумата и полето! Од најмалечката сува тревка до најголемото почитувано дрво – сѐ е украсено со бели светулки што светат под срамежливото Сонце.

Зелените борови и елки ги направив принцови од прекрасните бели сказни и не мрднуваат за да не ме сронат.

Есенскиот жолт килим од сронатите кревки лисја го претворив во топол и бел како млеко кожув, што ги топли нозете на најмногубројните шумски жители – дрвјата.

Становите на шумските животни им ги завив со бели чаршафи, за да не може палавиот Северко да им влезе во топлите соби.

Со Месечината цела ноќ се смееме во играта на зајачињата. Тажен сум кога вие волкот на падината или кога ќе ме испрска смртно погодената дива свиња од ловецот. Ми доаѓа да заплачам за сневеселеното око на срната и невнимателното играње на сојката низ моите бели венци по гранките.

Црните угари по полето ме скокоткаат со прстите од грутките и затоа не можам рамно да ги покријам.

Ги топлам никулците на посеаните есенски жита, но сѐ ми се чини дека ме боцкаат со некакви остри иглички.

Најмек сум во ливадите, зашто тие ми прикажуваат меки песнички и топли приказни за цвеќиња и пеперутки.

Шумското поточе нежно се лизга под моите стаклени чевлички, што ми ги подари убавиот Мраско.

Моето спокојство го нарушува само палавиот ветар... Ќе му текне и... од ритчињата ме собира и ме фрла во долчињата – просто да се задушам!

Зар има некој побел, почист и посреќен од мене на овој убав, широк свет?“

**Јордан Добрески**



## ПРОНАЈДИ ГИ ПРИЧИНИТЕ

- Снегот во шумата е среќен. За тоа има многу причини. Но има и неколку причини поради кои е несреќен. Пронајди ги во текстот и запиши ги во тетратката во ваква табела.

| СНЕГОТ Е СРЕЌЕН | СНЕГОТ Е НЕСРЕЌЕН |
|---|---|
| | |

## ОПИШИ

- Замисли си дека си ти снег во некој град. Опиши како се чувствуваш од твојата градска состојба. Пишувај по овој план:
– моите чувства;
– раскашавен со сол по улиците;
– натрупан и извалкан по тротоарите;
– собран во камиони; забранетите игри на децата – проколнат од возрасните и девојчињата (скршени прозорци, разбушавени коси, турнати капи, вознемирени патници во автобусите).

## НАПРАВИ СПОРЕДБА

- Каков е снегот во градот?
- Зошто не е среќен?
- Каде ти би можел слободно да уживаш во снежните игри? Објасни зошто.

## ЈАЗИЧНА ВЕЖБА

- Во ваква табела што ќе ја нацрташ во твојата тетратка внеси ги сите придавки од расказот.

| Описни придавки | Присвојни придавки |
|---|---|
| | |

# МИНАТО ВРЕМЕ



Подвлечи ги глаголите во следниов извадок од романот за деца „Пипи Долгиот Чорап“ од Астрид Линдгрен:

*На периферијата од Малиот Град се простираше стара, запуштена градина. Во градината имаше куќа во која живееше Пипи Долгиот Чорап. Таа имаше девет години и во куќата живееше сама. Немаше родители.*

Си ја **прочитал** ли книгата за Пипи Долгиот Чорап? Во кое време **живеела** Пипи во Малиот Град? Колку години **имала**? Кое време го означуваат глаголите од текстот и прашањата?

| ПРЕПИШИ ВО ТЕТРАТКА И ДОПОЛНИ | МИНАТО ВРЕМЕ |
|---|---|
| Вчера кај нас **дојдоа** многу гости. | дојдоа |
| Учителката **влезе** в училница. | влезе |
| Во дворот **направивме** Снешко. | направивме |

**Минато време означува дејство што се ............ во ............**

## ПРОМЕНА НА ГЛАГОЛОТ ПО ЛИЦЕ И БРОЈ

| **Еднина** | **Множина** |
|---|---|
| **1 лице - јас учев** | **1 лице - ние учевме** |
| **2 лице - ти учеше** | **2 лице - вие учевте** |
| **3 лице - тој, таа, тоа учеше** | **3 лице - тие учеа** |

**Според горниот пример усно изменувај ги глаголите: чита, пее, купува, брои.**



## ИЗБЕРИ СИ ЗАДАЧА

- Напиши три реченици во кои ќе употребиш глаголи во минато време.
- Препиши ги следниве реченици така што глаголите од сегашно време ќе ги преобразиш во минато време:
  а) Баба плете капа. б) Децата спијат. в) Вие учите редовно.
- Препиши ги следниве глаголи (секој глагол во еден ред): играа, читаме, носам, купивме, научив, зборувавте, црташ, спијат. Покрај секој глагол напиши кое време го означува, кое лице и број.

## РАЗМИСЛИ - РАЗМЕНИ ГО МИСЛЕЊЕТО

- Кој месец тебе ти е омилен? Објасни зошто.
- Кој месец не го сакаш? Зошто?
- Кој месец според тебе е најдарежлив? Што дарува тој?
- А кој е најскржав? Зошто?
- Прочитај му на другарчето што си напишал. Разменете ги мислењата.

# ДЕВОЈЧЕТО И ДВАНАЕСЕТТЕ МЕСЕЦИ

Една вечер си седела во дворот една мајка, со ќерка си, облечена убаво, а покрај неа стоела нејзината пасторка, тажна, слабичка и парталава. Кога се стемнило, мајката ѝ рекла на пасторката:

– Оди, чумо, да донесеш од изворот вода, та да не се вратиш!

Девојчето послушно зело две стомни и тргнало во ноќта кон изворот. Кога стигнало до него, гледа чудо: околу изворот седеле единаесет мажи, едни високи, други ниски, трети стари, сите наредени во круг на едно тркало. Тука била и една баба. Девојчето, исплашено и со трепет, им пришло и тивко им рекло:



– Добровечер, добри луѓе!

Старата баба се намуртила, веднаш ја отворила устата и ја прашала:

– Ние сме, девојче, дванаесетте месеци. Ајде кажи, кои месеци се поубави, а кои лоши во годината?

– Златна бабо – одговорило девојчето – сите месеци се од убави поубави...Нема лош месец во годината!

– Ај наполни вода и оди си, златно девојче – рекла бабата. – Да си благословено и од секој збор од устата да ти паѓа по еден златник.

Девојчето се вратило со водата кај маштеата, а нејзе јад ја фатило кога видела дека при секој збор од устата ѝ паѓа по една златна пара.

Утревечерта пак си седеле во дворот мајката, ќерката и пасторката. Кога се стемнило, мајката ѝ рекла на ќерката:

– Појди, чедо, сега ти по вода. Белки ќе се вратиш и ти со златна уста.

Ќерката ги зела двете стомни и пошла во ноќта кон изворот. Кога стигнала, гледа чудо: пак околу изворот седеле

единаесетте мажи и една баба, наредени во круг на едно тркало. Исплашена, ќерката се стаписала та не рекла ни добровечер.

Тогаш отворила уста бабата, ја прашала:

– Ние сме, девојче, дванаесетте месеци. Ајде кажи, кои месеци се поубави, а кои лоши во годината?

– Па и малите деца знаат кои месеци се полоши – одговорило девојчето. – Еднаш јануари и февруари се најлоши, а Марта е најлуда, со триста умишта!

– Ај наполни вода и оди си, злобно девојче – му рекла бабата. – На секој збор од устата да ти излегуваат змиулчиња!

Кога ќерката се вратила дома, едно прозборување – од устата почнале да ѝ излегуваат змиулчиња.

Мајката, бесна, избезумена, почнала да вика и да ја тепа својата пасторка. А златното девојче, од што ја молело со милни зборови, се засипало во блесокот на илјадниците златници што му паѓале од устата.



**Народна приказна**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА БАЈКАТА

- Што е необично во оваа бајка? Како се претставени месеците?
- Двете сестри многу се разликувале меѓу себе: каква била едната, а каква другата?
- Зошто месеците едната ја наградиле, а другата ја казниле?
- Зошто приказнава ја нарекуваме **бајка**?
- Сети се на некоја бајка што си ја читал од Браќата Грим или Ханс Кристијан Андерсен.
- Објасни со свои зборови што е бајка.

## ВООЧИ

- Кои ликови во оваа бајка се нестварни?
- Кој е главен лик во бајката? Опиши го неговиот надворешен изглед.
- Наброј ги особините на главниот лик.
- Кои случки се фантастични, односно не се случуваат во стварноста?

Разговарај со другарчето како ја разбираш поговорката **Со итрина можеш да уловиш и лав, а со сила не можеш ни штурче**.

# КОМАРЕЦОТ И ПАЈАКОТ



Комарецот цела ноќ летал наоколу барајќи жртви за да ги боцне и да се напие крв. Взори, штом се појавила првата сончева светлина, тој се вратил во најтемниот агол од куќата и се притаил на ѕидот за да го преспие денот и да се одмори. Од долгото летање го болеле крилцата, го болела и шмукалката и се чувству–вал преморен.

Во близината на местото каде што спиел комарецот се доселил пајак. Ги оптегнал своите нишки од ѕид до ѕид, преку целиот агол, и исплел тенка густа мрежа.

Откако мрежата била готова, пајакот легнал на едниот крај и чекал.

На комарецот му било криво што не смее да се отпушти зашто така би паднал. Кога видел колку удобно си спие пајакот на својата мрежа, му рекол:

– Блазе си ти кога имаш толку мека и удобна постела. А јас пак везден клечам на ѕидов и внимавам да не паднам. Вистина ли е дека твојата мрежа е толку мека што на неа можеш најдобро да се одмориш?

– Вистина е – потврдил пајакот. – Дојди и самиот увери се колку е мека. А и јас убаво ќе те покријам со моиве нишки и ќе те занишам за да заспиеш побрзо.

И за да му докаже колку е мрежата мека, неколку пати скокнал по неа. Лековерниот комарец им поверувал на слатките зборови на пајакот. Уморно се прозевнал и се спуштил на мрежата. Легнал на неа, ги склопил крилцата, ги затворил очите и заспал. А пајакот го завиткал во свилените нишки и потоа го изел.

Комарецот заборавил дека не треба да се верува во сè што некој ќе каже.

**Мелегари**



## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- За што зборува басната?
- Кои ликови ги запозна?
- Каков е Комарецот? А Пајакот?
- Која е пораката на басната?
- Кажи со свои зборови што е басна.

## ОД ЖИВОТОТ

- Зошто не треба да веруваш во сè што некој ќе ти каже? Ти се случило ли да поверуваш во некоја лага за својот другар, иако знаеш дека тоа не е така? Како се почувствува потоа?
- Какво мислење имаш за луѓето кои намерно ја искривуваат вистината?
- Како се одразува тоа на луѓето на кои се однесува лагата?

## ИСКАЖИ СЕ СПОРЕД БАРАЊАТА

- Направи ваква табела во тетратката и пополни ја.

| Прикажи со слика | Наброј ги твоите чувства |
|---|---|
| | |
| **Приведи ги звуците од текстот** | **Врска со мојот живот...** |
| | |

- Објасни што си напишал.

## ТВОРИ

- Обиди се да составиш состав по поговорката **ЛЕСНО Е ДА СЕ КУПИ КАПА, АМА НЕ И УМ.**

## ПРОДОЛЖИ ДОМА

- Опширно прераскажи ја басната. Можеш да додадеш и нови ликови.

✵ Направи грозд од зборови на темата **Божиќ.**

# НОЌ КОГА ПАЃАА ЅВЕЗДИТЕ

Вечерта откако мама
ќе го принесеше кравајчето со паричe,
зелникот со праз и сармата
грижливо наредена – главче до главче,
оревите, костените, урмите,
гравчето–тавче,
јас секогаш избрзував
пред дада и бате
им го честитав празникот –
им бакнував рака
на дедо и баба,
на мама и тате.
И додека сите си честитаа
и мојата мудрост ја фалеа
во мене сите светулки на радоста се палеа.
Среќата ме плискаше како палаво бранче
додека гледав со занес како гори,
како искри и се извишува пламенот
на бадниковото гранче.
И чекав, ех, чекав со трепет –
не што ќе ми донесе Дедо Мраз во вреќата,
туку кому ќе му падне
паричето во лепчето – среќата?!
Во тоа паричe, чинев, е собрана
сета убавина, сета радост во годината
и напредокот во домот и родот во полето
и во тетратките – петките.
Чинев, тоа паричe од Бадник
ќе ни ги реши проблемите
ќе ни ги израмни сметките.
И додека ветрот ги сипеше штедро снегулките
и додека тие неуморно во дворот се пластеа
моите детски желби растеа
и дозволував среќата со топла рака
по ѕвездени патеки да ме води
сè  додека не го чуев воскликот на дедо:
„Христос се роди!“
Тогаш расцветуваше небото над мене
и ѕвезди се ронеа во собата, врз елката, во дворот
и одекнуваше зборот:
„Вајстина се роди!“

**Македонка Јанчевска**



## ДА РАЗГОВАРАМЕ ЗА ПЕСНАТА

- За кој празник се пее во песната?
- Што има поставено на трпезата?
- Како поетесата им го честитала празникот на постарите?
- Што чекала со трепет? Зошто?
- Што кажувал дедото потоа? Каде си ги слушнал тие зборови?
- Кое е основното чувство во песната?
- Забележуваш дека стиховите не се групирани во строфи. Донеси свој заклучок.

## ИСКАЖИ СЕ

- Прочитајте ја песната неколкупати изразно. Таа изобилува со многу слики, бои, звуци, чувства. Обиди се во ваква табела да го пренесеш она што го почувствува:

| Прикажи со слика | Наброј ги твоите чувства |
|---|---|
| | |
| **Приведи ги звуците од текстот** | **Врска со мојот живот...** |
| | |

## ВЕЖБА ЗА ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ

- Во твојата тетратка раскажи некој настан што си го доживеал за време на бадниковата вечера или за Божиќ. При тоа внимателно опиши го твојот свечено украсен дом, веселата атмосфера, трпезата, обичаите што се негуваат кај вас.
- Внимавај твојот труд да има воведен дел, главен дел (настанот) и завршен дел (поуката).

## НАУЧИ И УПОТРЕБИ

- Сигурно знаеш коледарски databasesнички кои ги пееш кога одиш на Коледе.
  Научи ја и оваа:

  Коледица, меденица,
  и по неа Василица,
  еднаш ми е во година,
  како цвеќе во градина,
  Коледе,бабо, Коледе
  дај ми бабо колаче.

- Освен за Нова година честитки се праќаат  и за Божиќ. Нивната содржина е поразлична од новогодишните. Во денешново модерно време Божиќна честитка можеш да пратиш преку СМС–порака од мобилен телефон или преку  е–маил.

## СПОДЕЛИ ЈА РАДОСТА

- Божиќните празници носат голема радост во секое семејство. Но не заборавај да ја споделиш радоста со оние што го немаат тоа – со децата без родители.
- Подготви една кутија со сите убави работи што ги направила твојата мајка, некоја книга или играчка од повеќето што ги имаш и подари ги во домот за деца без родители.
- Покани некое твое другарче од друга вероисповест да биде твој гостин.

# ДЕЦАТА ПОДАРУВААТ НАЈИСКРЕНА ЉУБОВ



**Андреј Мукаетов 5-2 одд., ОУ „Петар Поп Арсов“, Скопје**



Љубов

Љубовта е ѕвезда
на небесната шир
која од далеку блеска
и дарува мир.

Љубовта од мама
како сонце ме грее,
љубовта од тато е
како песна што се пее.

Негувајте ја љубовта
како најнежен цвет
дарувајте ја потоа
на целиот свет.

Ива Мирчевска Стојмилова V² одд
ОУ „Петар Поп Арсов“ - Скопје

## РАЗМЕНЕТЕ ГО МИСЛЕЊЕТО

- Како ја доживуваат и ја разбираат љубовта вашите другарчиња?
- Зошто Ива порачува да ја негувате љубовта? Како се негува?
- Како се подарува љубовта?

- Каква именка е зборот љубов? Може ли таа да се подари во убаво спакуван пакет?

- Во што ја забележуваш љубовта на цртежот на вашето другарче?
- Претпостави што би можело да има во кутијата со црвена панделка. Можеби во неа се крие љубовта?

# ИДНО ВРЕМЕ

**ПРЕПИШИ ги и ДОПОЛНИ ги речениците во тетратката**

1. Сношти Гоце ___________ филм. Глаголот е во ______ време.
   (што правеше?)
2. Гоце ___________ филм. Глаголот е во ______ време.
   (што прави?)
3. Гоце утре ____________ филм. Глаголот е во **идно** време.
   (што ќе прави?)

**СОГЛЕДАЈ, ЗАКЛУЧИ И ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊАТА** (во тетратката)

ИДНО ВРЕМЕ

В сабота **ќе одам** кај баба и дедо.
Ова лето **ќе одиме** на море.
Утревечер ти **ќе заспиеш** рано.
Моите другари **ќе играат** кошарка.

Кога ќе се врши дејството искажано со глаголите во речениците?
Кое зборче го забележуваш во сите глаголи?

**Запиши** добро во тетратката какво дејство означува идно време и по кое зборче многу лесно ќе го препознаваш.

**ЗАБЕЛЕЖИ ЈА ПРОМЕНАТА НА ГЛАГОЛОТ ПО ЛИЦЕ И БРОЈ**

| Еднина | Множина |
|---|---|
| 1 лице - јас **ќе играм** | 1 лице - ние **ќе играме** |
| 2 лице - ти **ќе играш** | 2 лице - вие **ќе играте** |
| 3 лице - тој, таа, тоа **ќе игра** | 3 лице - тие **ќе играат** |

**Според горниот пример усно изменувај ги глаголите: чита, пее, купува, брои.**



## ВЕЖБИ

- **Изменувај** го глаголот трча во идно време, во сите лица – еднина и множина.

- Од басната „Комарецот и пајакот“ на стр. 70 препиши ги првите три реченици така што времето на глаголот ќе го промениш во идно.

- **Досети се** кое зборче треба да го додадеш пред секој глагол за да биде во идно време? Препиши ги речениците, но притоа додај го зборчето што ќе го промени глаголот од ........ во идно време:

  Мојот дедо одгледува најубави јаболка и сливи.
  Гоце и Јана играат на селското игралиште.
  Ние секој ден одиме заедно на училиште.

# НЕЗАСЛУЖЕНИОТ ПОДАРОК

Беше тоа еден ден пред Нова година. Долгите улици на градот, градините, гранките на дрвјата, покривите на куќите и сѐ наоколу беше облечено во бело. Снегот паѓаше тихо додека белите снегулки прилегаа на бели пеперутки. Низ улиците, продавниците и пред шарените излози беше преполно со луѓе.

Градските автомобили заминуваат и доаѓаат од различни правци. Пристигнува еден црвен автомобил и поминува бавно низ главната улица. Зад него одат многу автобуси. И од другата страна на патот се протега долга колона автомобили. Без престан доаѓаат и заминуваат од градот.

Група дечиња се затскриле зад една зграда и се гаѓаат со грутки снег. Тие ги гаѓаат и минувачите на улицата. Едниот од нив фрла една грутка кон прозорецот на градското возило. Крај прозорецот што не се затвораше добро стоеше еден маж со две пакетчиња в раце. Грутката неочекувано го погоди. Му паднаа пакетчињата и тој офна болно. Возачот го запре автобусот. Детето потрча и побегна кон зградите од соседната улица. Залудно потрча едно момче по него.

Човекот што го погоди грутката снег слезе на третата постојка. Тоа беше таткото на Зани. Држејќи го едното око со рака стигна дома нерасположен. Пред куќата го пречекаа сопругата и ќерка му Шпреса. Кога го виде Шпреса татка си, потрча да го прегрне, но застана скаменета: татко ѝ беше многу сериозен и со рака го држеше окото.

– Тато, зошто го држиш окото со рака?

– Едно лошо дете ме погоди со грутка снег додека се возев со автобус – ѝ рече татко ѝ одејќи кон огледалото за да го види повреденото око.

– Но кое беше тоа дете? – запраша мајка ѝ на Шпреса.

– Не знам, побегна како стрела. Има и такви деца – рече таткото разлутен.

Додека разговараа, пристигна и Зани. Тој ден не замина на училиште зашто учителката поради кашлањето го имаше ослободено од наставата. Штом го виде татка си како го држи окото со рака, се стаписа. Сакаше нешто да каже, но не успеа ништо да изусти.

– Сине, зошто си збунет? Дојди кај тато да ти го дадам новогодишното подароче – му рече таткото држејќи се за окото. Ја отвори едната кутија и од неа извади една малечка хармоника.

Зани тргна кон татка си и во моментот кога ја подаде раката да го земе подарокот почнаа да му се тркалаат солзи по лицето. Раката му остана подадена напред и стоеше така насолзен без да рече ниту збор.

Мајка му се доближи да го теши:

– Не плачи, сине, зошто плачеш? Зарем не ти се допаѓа подарокот?

– Подарокот, по–да–ро–кот е убав, мо...шне убав. Не го сакам... Не го заслужувам... јас сум лош! – рече плачејќи.

Таткото многу се изненади од неговото однесување. И Шпреса стоеше како скаменета со другото пакетче в раце. Мајка му беше изненадена оти не можеше да сфати зошто Зани наместо да се радува плаче.

Но Зани не престануваше да плаче. Го гледаше татка си во нозете. Немаше храброст да го погледне в лице. Липајќи рече:

– Прости ми, тате... Јас не го заслужувам подарокот... Двете пакетчиња дај ѝ ги на Шпреса! Јас те погодив со грутката снег. Сум го погодил татка си... – и почна

уште понеутешно да плаче.

Сите ја дознаа грешката на Зани. Сега му стана полесно. Татко му воздивна длабоко и му се обрати на синот:

– Зине, сине! Колку пати сум ти рекол: Не однесувај се како уличар и како лошо дете. Ете што може да стори дете кое не размислува добро: за малку ќе го оставеше со едно око сопствениот татко. Но подобро што ме удри мене отколку некој друг. Престани, немој да плачеш и ова нека ти биде прв и последен пат.

Зани го зеде новогодишниот подарок – малечката хармоника. Но, ниту таа ноќ, ниту наредната, две недели не ја допре со раце. Подоцна наместо да фрла грутки снег, ја земаше хармониката и се учеше да свири. По извесно време се научи да свири многу песни и мелодии, но само што ќе ја земеше хармониката в раце, се потсетуваше на грешката што ја беше сторил тој ден кога го доби подарокот и кога искрено се покаја за сторената грешка.

**Фејзи Бојку**



## РАЗГОВАРАМЕ ЗА РАСКАЗОТ

- Објасни зошто расказот носи ваков наслов.
- Кога и каде се одиграл настанот во овој расказ?
- Каква голема грешка направил Зани?
- Зошто плачел Зани и не сакал да го земе подарокот од татко му? Што чувствувал?

## ОДБРАНИ ГО СВОЈОТ СТАВ

- Организирајте разговор (дискусија) во која ќе утврдите дали само Зани е виновен за неговата лоша постапка. Ако веќе бил болен, зошто бил надвор и отишол толку далеку од куќата? Заклучи: каде го удрил со снег татко му, пред колку постојки? Кој е одговорен за неговото отсуство од домот? Колку и возрасните што поминувале покрај нив сносат дел од вината за опасната игра на децата?

## БОНТОН НА ПАРАЛЕЛКАТА

- Напишете пет правила за играта со снежни топки.
- Истакнете ги на видно место во училницата.
- ПРИДРЖУВАЈТЕ СЕ ЗА ПРАВИЛАТА!

## СОЗДАВАЈ ДОМА

- **Раскажи** едно твое слично доживување кога си се покајал за грешката. Како се извини? Дај му наслов на составот „Се покајав за сторената грешка“. Ако сакаш, дај му друг наслов.
- Наредниот час читајте ги составите и дискутирајте за нив.

**ЗАПОМНИ:**

- Таткото, Зани, мајката и сестрата се ликови во овој расказ. Она што тие го говорат се вика **говор на ликовите**.
  - Прочитај што вели таткото. А што вели Зани?
- На почетокот на расказот писателот ја опишува предновогодишната атмосфера во градот. Тоа се вика **говор на писателот**. Со таков говор секогаш нѐ запознава со ликовите, местото на настанот, времето кога се случил настанот, ни создава слика за содржината.
  - Прочитај го говорот на писателот.

## РАЗМЕНИ ГО МИСЛЕЊЕТО СО ДРУГАРЧЕТО

- Каква промена очекуваш да ти се случи во Новата година?
- Кој треба да ја направи таа промена во твојот живот?
- Од кого очекуваш да ти донесе петки?



# СРЕЌНА НОВА

Ќе ни биде среќна и богата
ако добро ги засукаме ракавите,
ако добро ги разбистриме главите,
ако секој ден со злото се бориме,
ако барем нешто, барем малку створиме.

Ќе ни биде среќна и добра
ако за добро со добро вратиме,
ако се зближиме, ако се сјатиме,
ако во градите сили смогнеме
да се прифатиме, да си помогнеме.

Ќе ни биде среќна и мирна
ако скараните мирно ги смириме,
ако разбирање градиме и шириме,
ако ги расцветаме куќите, градините
и ако ги вселиме во нив добрините.



Ќе ни биде среќна и весела
ако знаеме весело да запееме,
ако умееме да се насмееме,
ако на човек човечки му пријдеме
ако умееме луѓе да бидеме.

Ќе ни биде среќна секоја Нова година
што ја чекаме и што доаѓа
ако сме задоволни од Старата
што ја испраќаме, што проаѓа.

**Глигор Поповски**

## СРАБОТИ САМОСТОЈНО - ПРОНАЈДИ ВО ПЕСНАТА

- Во оваа песна го нема Дедо Мраз што ти ги исполнуваше желбите додека ти беше мал. Ти веќе порасна, стана попаметен и затоа поетот ти се обраќа на поинаков начин.
- Читај ја песната строфа по строфа и откривај што треба да направиш за да ти биде среќна годината нова.
- Одговорите запишувај ги во тетратката.
  1. Колку услови поетот изнел во песната за да ни биде среќна и богата новата година? Според кој збор ги препозна?
  2. Кој е најважниот услов според тебе за да бидеме успешни? Препиши го стихот со којшто ќе го поткрепиш твоето мислење.
  3. Објасни со свои зборови како го разбираш стихот „ако умееме луѓе да бидеме“? Како се однесуваат вистинските луѓе?
  4. Ако ти се чини дека некој услов ти не можеш да го исполниш, напиши го и објасни зошто ти не би можел да го исполниш.

## СОРАБОТУВАЈ

- Научи ја напамет строфата што ќе си ја избереш и рецитирајте ја песната штафетно (нека започне другарчето што ја научило првата строфа).
- Одбетере пет најважни услови што треба да ги остварите во новата година за да ви биде успешна.
- Напишете ги на поголем хамер што ќе го истакнете на видно место во училницата. Нека ве потсетува секој ден на вашите обврски.



# ВЕЖБИ ЗА ОПИШУВАЊЕ

**СЛИКА**
Набљудувај ја внимателно сликата. Разговарајте за ликовите и настанот кој се насетува. Опишете ја сликата. Внимавајте на редот на опишувањето.



**ПРЕДМЕТ**
Поделете се на три групи и работете ја задачата.
**1.** Опиши предмет (материјалот од кој е направен, бојата, формата, детали, големината, која му е намената, за што служи, сличност со други предмети).
Кога ќе завршиш нацртај го предметот.
**2.** Забележи разлика помеѓу сличните предмети
Ова се столици. Тие се слични, но сепак различни. Воочи ги деталите и опиши ги.
**3.** Забележи сличности меѓу различни појави
Таблата и телевизорот се различни предмети. Но имаат и сличности.
– Работете во групи, а потоа водете полемика: секоја група нека ги брани своите ставови.

**ОМИЛЕНО ЖИВОТНО**
Набљудувај го твоето омилено животно и забележи го неговиот изглед, големината, бојата, изгледот на одделните делови од телото, движењата, како јаде, спие, се лути, се гали, какво е кога е гладно, како игра со други животни, како реагира кога ќе те види. Сето тоа опиши го писмено.

**ДОЖИВУВАЊЕ**
Можеш да опишеш твое доживување или на некој лик од твојата омилена лектира. Следи го слободниот тек на мислите, не чекај учителот да ти поставува прашања.

**ОПИШУВАЊЕ ПРОСТОР**
Замисли дека стоиш крај прозорец и ја набљудуваш твојата улица. Опиши што гледаш низ прозорецот.

**ОПИШУВАЊЕ НА ПОЈАВИ**
Набљудувај кога врне дожд и дува ветер. Забележи ги деталите и опиши што си видел. Користи други зборови наместо врне дожд (ромори, сипе, лие, истура, капе) и дува ветер (свири, завива, носи, урла, милува, здивува, реже, сече, камшикува).

# ТЕСТ - ЈАЗИК

**(Работи во тетратката!)**

**1. Според тоа дали гласните жици треперат или не треперат при изговорот на согласките**, тие се делат на __________ и безвучни.

**2. Прецкртај ги двете согласки кои не припаѓаат во следнава низа:**

Г Ж М В Д П Џ Б Ѓ Ѕ

**3. Во следнава реченица ќе ги подвлечам збирните именки:** На саемот за мебел имаше многу љубопитен свет.

**4. Од броевите 4 и 5 ќе образувам бројни придавки:** __________ и __________.

**5. Во реченицата:** Нова година е првиот зимски празник на кој најмногу му се радувам **описна придавка е** ____________, **присвојна придавка е** ____________, **бројна придавка е** ____________.

**6. Од следниве реченици глаголите ќе ги групирам според времето:**

Цело време мислев како ќе го препливам Вардар.
Се влечкаш како да ќе одиш на свадба.
Сонцето ѕирна од зад облаците и повторно се скри.

| МИНАТО ВРЕМЕ | СЕГАШНО ВРЕМЕ | ИДНО ВРЕМЕ |
|---|---|---|
| | | |

**7. Во следниве реченици ќе ги подвлечам само показните заменки: (Внимавај на личните заменки!)**

1. Тој никако не сакаше да дојде кај нас.
2. Тоа дете е најдоброто во нашето одделение.
3. Вчера се возев со онаа санка.
4. Тие направија најголем снешко.
5. Погледнете го оној човек!

# ВЕЖБИ ЗА ЗИМСКИОТ РАСПУСТ

**(Работи во тетратката!)**

**СОСТАВИ**

1. Од дадениве римувани парови состави куса песничка за зимскиот одмор:

иде – биде; сон – ѕвон; лека – мека; санка – Данка; пак – праг.

2. Од дадениве зборови – кус расказ:

другари, парк, игра, снег, елки, врапче, мразулец, скршено крилце, солзи, срам, каење, лечење, лет, радост.

**ТОЛКУВАЈ**

За секоја поговорка поразговарај со твоите родители, а потоа напиши во тетратката како ја разбираш:

– Ако баба лаже, трап не лаже.
– Барај за да најдеш, сакај за да ти дадат, тропај за да ти отворат.
– Двапати мери, еднаш сечи.
– Една ластовица не прави пролет.
– Лете ладува – зиме гладува.
– Кој рано рани, две среќи граби.

**ПРОНАЈДИ**

1. Збор со исто или слично значење:
   Ливада ____________
   Пат _____________
   Куќа ____________
2. Збор со спротивно значење:
   Болест ________
   Ноќ ________
   Стар _________

**ПРЕПОЗНАЈ**

**Кој вид зборови ти се претставуваат?**

1. Колку години имаш, по колку јаболка јадеш и по колку часа учиш дневно, ние им кажуваме на сите што те знаат и се викаме ________.
2. Ние сме многу вредни, работиме секогаш – сега, во минатото и во иднина. ____________
3. Околу тебе безброј предмети, животни, луѓе... Нешто чувствуваш, замислуваш... Ние ти го кажуваме нивното име. _______________.
4. А какви се, колкави се, чии се, од што се?.. За да ти објасниме тука сме ние ______________.

**ГРУПИРАЈ**

Овие, баби, сонце, везат, оној, висока, волнени, ќе јадеме, отиде, осма, скопско, радост, анализа, пишуваа.

1. Општи именки ______________.
2. Апстрактни именки _________.
3. Показни заменки ___________.
4. Сегашно време _____________.
5. Минато време ______________.
6. Идно време _______________.
8. Описна придавка ___________.
9. Материјална придавка ______.
10. Присвојна придавка _______.
11. Бројна придавка __________.
12. Во множина се ____________ _____________________________.

# ПРИЈАТЕЛОТ СО ПАРИ НЕ СЕ КУПУВА

- Каде работи твојата мајка? Што работи?
- Како им поминува денот на невработените жени?

## МРЗЛИВАТА СОПРУГА

Си била една мрзлива жена. Мажот ѝ посакал кошула за да се промени, а таа не му давала.

– Оти вака, жено, не ми даваш кошула за да се променам? – ѝ рекол мажот. – Вошките ќе ме изедат.

– Море, ами кај да најдам, мажу, – му рекла – кога немам ни за тебе ни за мене.

– Ами зошто да немаш, мори жено? Како имаат сите жени, така да имаш и ти.

– Дејди мажу, дејди домаќине, ами зошто си будала? Море, ами кај имам време јас да ти ткаам платно, тики да го белам, та после кошула да ти шијам. Ами кој ден да работам, и јас не знам. Секи ден работа имам; секој понеделник месам посен зелник, вторник – потоколник, среда ќе ја врзам за греда, четврток – неврток, петок – миоглаец, сабота ќе одам на пазар, во недела ќе седам на порта. Еве бре, домаќине, овие се дните, кажи сега во кој ден да ткаам платно за да ти направам кошула, та кога немам празен ден; сакаш – нејќеш, без кошула ќе си одиш.

**Македонска народна приказна**

### РАЗМИСЛИ - ОДГОВОРИ

- Што правела од понеделник до недела мрзливата жена? Прочитај гласно!
- Колку дена имала вистинска работа? А другите со што ги исполнувала?
- Што мислиш за нејзиното оправдување?
- Познаваш некоја жена како мрзливата сопруга? Какво мислење имаш за неа?
- Кои луѓе ги исмева народниот раскажувач преку оваа приказна?

### ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ ОД НАРОДНИОТ ЈАЗИК

- **дејди** – еј; **тики** – значи; **неврток** – ден кога не се врти вретено, не се преде; **миоглаец** – ден кога се мие главата.

### ИЗРАЗИ СЕ ПИСМЕНО

- Замисли дека си мажот на мрзливата сопруга и прераскажи ја народната приказна. Потруди се на хумористичен начин да си го претставиш животот со таква жена. Прочитај што си напишал и насмеј ги другарчињата.

Поразговарај со другарчето до тебе што знаеш за муслиманскиот празник Бајрам.



## НАСЕКАДЕ ПРАЗНИК

Во овие бајрамски мигови
Се насмевнува лицето на муслиманот,
Денес има празник исламскиот свет
Читаат Куран и учат езани.
Со гордост го испративме
Рамазанот полн со изобилства
Со ибадет и зикр кон Бога
Поминуваат деновите од годината.

Сета природа на нејзин начин
Го возвишува вистинскиот бог
Месечината свети, Сонцето сјае,
Слави земјата, слави и небото.

Во секоја муслиманска куќа
Се пружа софрата на Бајрамот
Братот го поздравува својот брат
Среќен Бајрам, за многу години.

**Народна песна**

**Значење на зборовите што се употребуваат во муслиманската религија**

**Куран** – светото писмо кај муслиманите. (Библијата за христијаните.)
**Рамазан** – период од еден месец пред празникот Бајрам во кого секој муслиман треба да се однесува според божјите правила: да се воздржува од лоши постапки, од храна и вода од зори до зајдисонце.
**езан** – повикот за молитва што се слуша од џамијата;
**ибадет** – постапки на луѓето според божјите закони;
**зикр** – обраќање кон Бог, молитва.

## ПРОЧИТАЈ, РАЗМИСЛИ, ОДГОВОРИ

- Со кое чувство е исполнет секој муслиман?
- Што го исполнува со голема радост неговото срце?
- Како се слави празникот Бајрам?
- Објасни како го разбираш стихот „слави земјата, слави и небото“.

## СПОРЕДИ

- Направи споредба со празничната атмосфера опишана во оваа песна и песната „Ноќ кога паѓаа ѕвездите“ на стр. 72.
  Нацртај ваква табела во твојата тетратка. Во левата колона се дадени општите правила при прославата на двата Бајрама. Во секоја колона внеси го она што е исто или различно при прославата на божиќните празници.
- На крајот направи споредба и заклучи: Што е исто, а што различно при прославата на најголемите празници кај христијаните и муслиманите.

| ПРАВИЛА ЗА ПРОСЛАВА НА БАЈРАМ КАЈ МУСЛИМАНИТЕ | ПРАВИЛА ЗА ПРОСЛАВА НА БОЖИЌ КАЈ ХРИСТИЈАНИТЕ |
|---|---|
| Секој муслиман се подготвува што подобро да го пречека Бајрам според своите можности. | |
| Навечер на Бајрам џамиите се осветлени со многу светилки. | |
| Во џамија секој оди чист и облечен во празнични алишта. | |
| По враќањето од џамија секој секому му го честита Бајрам. | |
| На празникот се подготвува богат семеен ручек. | |
| За време на трите празнични дена се посетуваат роднините и пријателите. | |
| Секој муслиман дава свој прилог за сиромасите за да можат и тие достојно да го прослават празникот. | |

**ПОТСЕТИ СЕ**

- Веруваме дека досега си го прочитал романот за деца „Гоце Делчев“ од Ванчо Николески. Што знаеш за Гоце Делчев?
- Запиши со две реченици.

# СЕ ПОЈАВИЛ ЧУДЕН ЧОВЕК

Ако те нанесе патот кон старо Скопје, сѐ убаво види и разгледај... само немој едно да заборавиш!

Од левата страна на бујната и пенлива река Вардар е старото скопско Кале. Некогаш тука имало високи и големи кули. Кулите биле опашани со дебели и јаки ѕидови. На железните порти од кулите стоел строен и убав стражар. Во рацете држел бојно долго копје. На појасот му светкала како змија острата сабја.

Времето, со своите вечни заби, го гризело и го ронело Калето...

Денеска ги нема високите кули, го нема стражарот со острата сабја и бојното копје.

До Калето е црквата Свети Спас. Во неа луѓето не палат од восок жолти свеќи, поповите не читаат молитви од црните исчадени дебели книги.

А народ: мажи, жени, деца, млади невести, подгрбавени бабички, старци со бастуни – пак ја посетуваат црквата.

Ти што мислиш? Што е тоа што ги влече срцата на луѓето да одат во црквата? Каква е таа волшебна сила што ги привлекла луѓето?



Тука, среде во црквата, во ореов сандак, изрежан со разни шари, лежи еден војвода. До него е и неговата пушка, пушка малихерка. Тој војвода ѝ порачувал на горацата:

„Горо ле, горо зелена,
постели сенка дебела,
приготви вода студена!“

И горацата го слушаше.

Тој војводата им порачуваше на пашите:

Мирно да мируваат и зулум да не чинат...Пашите го слушаа...Султанот во Цариград беше загрижен...

Тој велеше:

– Кој ќе го фати жив или ќе го убие, ќе му дадам илјада златни лири.

А пак тој, пак гајле немаше. Кој ќе го прашаше која е неговата мајка, тој ќе одговараше:

– Мојата мајка е земјата македонска. Род и роднина ми е зговорна дружина. Жената ми е пушката малихерка, а децата ми се дробните фишеци...

Султанот издал строга наредба до целата војска и полиција: „Жив да се фати или да се убие!“

На сите страни по него биле организирани потери. Но, ете, ништо не помогнало: не помогнале ни потерите, ни наредбите, ни уцената во златни лири...

...............

Со Турците кафе пиеше, со нив пушеше тутун, со нив патуваше. А Турците?

Тие на сите страни испраќаа потери и токму него го бараа! Го бараа под дрво и под камен, да го фатат или убијат...

Ширум турското царство се беше пренесла новината:

„Се појави чуден човек!“

А кој беше тој чуден човек?

Тој беше Гоце Делчев, македонски легендарен војвода, војвода над сите војводи, душата на Внатрешната македонска револуциоинерна организација.

За тој чуден човек ја напишав оваа книга. Како тоа тој го правеше, зошто го правеше, ќе разбереш од оваа книга.

**Ванчо Николески**
(Извадок од романот за деца „Гоце Делчев“)



## ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

- **зулум** – насилство, терор
- **пушка малихерка** – вид куса пушка
- **зговорна дружина** – сложна дружина
- **лири** – турски пари
- **потера** – организирана акција да се пронајде некој
- **дробни** – ситни



## ЗАДЛАБОЧИ СЕ

- За кого Гоце бил чуден човек? Зошто бил чуден?
- Што претставувал за македонскиот народ?
- Објасни како ја разбираш неговата мисла: „Мојата мајка е земјата македонска. Род и роднина ми е зговорна дружина. Жената ми е пушката малихерка, а децата ми се дробните фишеци...“
- Објасни како ја разбираш мислата на писателот: „Времето со своите вечни заби го гризело и го ронело Калето...“

## ЗАПОМНИ:

- **Роман** е големо литературно дело во кое се раскажуваат и се опишуваат настани кои опфаќаат подолг временски период. Во романот се сретнуваат многу ликови. Постојат **романи за деца** и **романи за возрасни.**

**Романите за деца** најчесто обработуваат теми од животот на децата, а главните ликови се деца.

Во некои романи, каков што е и романот за деца „Гоце Делчев“, опишани се историски настани и значајни личности од историјата на еден народ. Но тие се опишани на јазик и начин разбирлив за децата.

- Кои романи за деца досега си ги прочитал?
- Што ти било најинтересно во нив?
- Со кои ликови си се сретнал во нив?

## ДОДАТНИ ЗАДАЧИ

- Проследете некој документарен филм за Гоце Делчев и научете повеќе за него.
- Посетете ја црквата Свети Спас во Скопје во чиј двор е неговиот гроб.
- Пронајдете легенди или народни песни во кои македонскиот народ со голема љубов и почит го зачувал ликот и делото на Гоце Делчев.
- На часот по Музичко образование испејте една народна песна за Гоце Делчев.

# ВИДОВИ РЕЧЕНИЦИ СПОРЕД СОСТАВОТ

Препиши и сработи во тетратката:

| ПРОСТА РЕЧЕНИЦА | СЛОЖЕНА РЕЧЕНИЦА |
|---|---|
| 1. Даме чита.<br>2. Даме чита книга.<br>3. Нашата учителка влезе во училницата.<br>4. Во нашето семејство сите редовно читаат книги и весници. | 1. Станав, се подготвив и отидов на училиште.<br>2. Кога се вратив од училиште, ја средив дневната соба.<br>3. Сите засадивме по едно дрвце, ги полеавме цвеќињата, го собравме ѓубрето и задоволни си отидовме дома. |
| По колку глаголи има во секоја реченица? Подвлечи ги! | Подвлечи ги и преброј ги глаголите во секоја реченица! |
| **Заклучи**<br>**Проста реченица** е онаа во која има само еден ___________ | **Сложена реченица** е онаа во која има два или повеќе<br>___________. |

## ПРОВЕРИ СЕ

Групирај ги простите и сложените реченици од следниов извадок од расказот „Пријателство“ од Здравко Омерза:

*Јумбо беше голем слон. Живееше во зоолошка градина, иако неговиот татко живеел слободно во Африка. Секој ден кај Јумбо доаѓаше еден мачор. Се вртеше и шеташе околу неговите нозе. Слонот честопати со сурлата го креваше високо и го ставеше на својот грб. Така започна нивното пријателство.*

Напиши во тетратката по две прости и сложени реченици.

## ПРОДОЛЖИ ДОМА

Од следниве прости реченици образувај сложени така што ќе додадеш по еден глагол. Следи го првиот пример.

1. Нена прави сок. ___ Нена прави сок за да ги послужи другарките.
2. Мајка ми се врати од работа.
3. Утрово станав рано.
4. Другарите одат заедно на прошетка.

# ПРОСТА РЕЧЕНИЦА





| ПРОСТА РЕЧЕНИЦА САМО СО ПОДМЕТ И ПРИРОК | ПРОСТА РЕЧЕНИЦА СО ПОДМЕТ, ПРИРОК И НЕОПХОДНИ РЕЧЕНИЧНИ ЧЛЕНОВИ |
|---|---|
| 1. Ученикот учи.<br>2. Птицата пее.<br>3. Соња чита.<br>4. Децата спијат.<br>5. Ние ќе учиме.  | 1. Ученикот **редовно** учи.<br>2. Птицата **весело** пее **на гранка**.<br>3. Соња **многу** чита **книги**.<br>4. Децата спијат **во топлите кревети**.<br>5. Ние ќе учиме **попладне**. |



## СОГЛЕДАЈ

- Од колку члена се составени реченициите во левата колона? Од колку во десната?
- Како се викаат главните членови во реченицата?
- Освен подмет и прирок, во реченицийте од десната колона има и други членови на реченицата од кои дознаваме повеќе за глаголското дејство.
- Одговори на следниве прашања во тетратката:
  – Од кој член на реченицата дознаваш **како** учи ученикот?
  – **Како** пее птицата? **Каде** пее?
  – **Што** чита Соња?
  – **Колку** чита?
  – **Кога** ќе учиме?

**ЗАКЛУЧИ, ЗАПОМНИ И ПРЕПИШИ (во тетратката)**

**1. Простата реченица може да биде искажана само со ....... и прирок.**
**2. Простата реченица може да биде искажана со подмет, .......**
**и други членови што го појаснуваат дејството на глаголот.**
(За нив повеќе ќе учиш во погорните одделенија!)

## ОДБЕРИ СИ ЗАДАЧА - ПРОВЕРИ ГО НАУЧЕНОТО

Прошири ги следниве прости реченици искажани само со подмет и прирок. При препишувањето во секоја реченица додај по еден или повеќе неопходни членови на реченицата кои го појаснуваат дејството на глаголот (за време, за начин, за место, за количина).

1. Јана пишува. (Јана пишува писмо на дедо ѝ).
2. Ѕидарот ѕида.
3. Децата играат.
4. Мачорот дреме.

Препиши ги следниве прости реченици и **подвлечи** ги неопходните членови на реченицата што го појаснуваат прирокот.

1. На дрвото птицата направи гнездо.
2. Во него изведе три пиленца.
3. Тие среќно растеа во својот дом.
4. Тогаш под дрвото наиде мачка со три мачиња.
5. Тие весело скокаа околу неа.



Дополни ја секоја реченица со одговорот на прашањето што ти е поставено крај неа. Така ќе ги добиеш неопходните членови во реченицата што ќе ти појаснат во каква околност се врши глаголското дејство или кој (што) го трпи глаголското дејство. (Пишувај во тетратката!)

Милица плете _____. (Што плете?)
Мајка ми ______ прави колачиња. (Како прави?)
Децата играат _______. (Каде играат?)
Ние _____ сакаме _____. (Кога и што сакаме?)

## ПРЕПИШИ И ПОВРЗИ

| | |
|---|---|
| Ветерот дува | в училница. |
| Бебето спие | по кучето. |
| Горан трча | цела ноќ. |
| Тања влезе | цвеќиња. |
| Учениците садат | во креветчето. |

## ПРОДОЛЖИ ДОМА

Препиши ги првите пет реченици од извадокот „Се појавил чуден човек“ на страница 88. Потоа подвлечи ги сите неопходни членови на реченицата што го појаснуваат прирокот.

- Навиваш ли за некој клуб? За кој?
- Каков е тој клуб: спортски, музички или некаков друг клуб?
- По што се разликува клубот за кој навиваш од другите клубови?
- Размисли, а потоа поразговарај за тоа со другарот до тебе.

# ХАРИ ПОТЕР И ОДАЈАТА НА ТАЈНИТЕ




– Волдеморт ми пренел нешто свое? – праша Хари изненаден.

– Така изгледа.

– Тогаш јас навистина требаше да бидам меѓу Слитерините? – рече Хари очајнички гледајќи го Думбледор во очи. – Одделенскиот шешир предосетил слитеринска моќ во мене, па ме ...

– Сместил кај Грифиндор – мирно рече Думбледор.

– Слушајте, Хари. Вие случајно имате многу особини кои Салазар Слитерин најмногу ги ценел кај учениците кои сам ги одбирал. Неговиот сопствен, многу редок дар, снаодливоста, решителноста, познатата негрижа за правилата – додаде, а мустаќите повторно му затреперија. – Па сепак, шеширот ве сместил меѓу Грифиндорите. А вие секако знаете зошто така направил.

– Тој ме смести меѓу Грифиндорите – одговори Хари со скршен глас – само затоа што јас го замолив да не ме праќа кај Слитерините...

– Точно – потврди Думбледор – По тоа вие многу се разликувате од Том Ридли. Нашиот сопствен избор, Хари, најдобро покажува што сме, многу повеќе од нашите способности.

Хари запрепастен седеше во фотелјата. – Ако баш сакате доказ дека навистина припаѓате на Грифиндорите, ви предлагам ова подобро да го разгледате.

Думбледор се наведна над столот за пишување на професорката Мек– Гонагал, го дофати крвавиот сребрен меч и му го подаде на Хари. Хари го свртe во раката мечот на кој блескаа рубините. Потоа, под дршката, го прочита изгравираното име и презиме: Годрик Грифиндор.

– Само вистинскиот Грифиндор, можел да го извлече тој меч од шеширот Хари.

За момент двајцата замолчеа. Потоа Думбледор отвори една фиока од столот и извади перо и мастило за пишување.

– Сега ви е најважно да се најадете и да се наспиете. Ви препорачувам да одите долу на гозбата, а јас ќе напишам писмо за Азкабан... да ни се врати нашиот ловочувар. Морам да составам оглас за Дневниот пророк за нов професор за Одбрана од темните сили. Некако брзо ги трошиме, нели?

**Џоан К. Роулинг**
(Извадок од романот „Хари Потер и одајата на тајните“)

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Хогвартс е училиште за волшебници. Одделенскиот шешир, кој секој ученик ќе го стави на главата, одредува дали некој ќе припаѓа на Грифиндорите или на Слитерините.
- Пронајдете го во текстот делот од кој  дознаваме кои особини на учениците, припадници на Слитерините, најмногу се ценат.
- Поразговарајте за секоја особина.
- Зошто одделенскиот шешир го сместил Хари меѓу Грифиндорите?
- Што мисли за тоа професорот Думбледор?
- Хари зборува со скршен глас како да го погодил гром. Што мислиш, како се чувствува оној кој така зборува?

## СОЗДАВАЈ

- Со другарот одглуми го разговорот меѓу професорот  Думбледор и Хари Потер. Не заборавај претходно да поразговараш за ликовите.
- Во твојата тетратка направи листа на своите способности. Размисли како ги користиш нив. На пример:

| Моите способности | Позитивно | Негативно |
|---|---|---|
| посилен сум од другите | ги штитам послабите | се тепам со сите |
| брзо и точно сметам | барам повеќе задачи, им помагам на другите | мамам на карти, го збунувам продавачот на пазар |
| лесно се изразувам | ги уредувам ѕидниот и одделенскиот весник, им помагам на останатите во пишување и говорење | им упаѓам на другите во збор, им се смеам на другите кога ги читаат своите трудови или кога зборуваат |

## ПРОНАЈДИ

- За авантурите на Хари Потер писателката има напишано седум продолженија, од кои за пет има снимено филмови. Можеби некоја од книгите си ја прочитал, или си гледал некој од филмовите. Потруди се и дознај ги насловите на сите продолженија на книгите и на филмовите.
- Најди некоја од нив, прочитај ја и позајми му ја твоето другарче и тоа да ја прочита.
- Позајмете ги филмовите со Хари Потер, проследете ги и разговарајте за содржината, сценографијата, костимите и ефектите кои ги прават интересни ваквите филмови.

РАЗМИСЛИ

- Од што или од кого се плашиш ти?
- Разменете ги своите размислувања со твоето другарче.

# ОД ШТО СЕ ПЛАШИ СТРАВОТ

Се плашам од мрак,
од стравот се плашам
и сѐ се прашам
на кој ли знак
каде да бегам,
и зошто се стегам,
се тресам, се ѕверам
и зошто секогаш и пак и пак
– со Бошко се мерам?

А кој е стравот?
И што е тој?
Ѕвер ли со брада, со грозни заби
и страшни очи?
Има ли број
на чевли, на капа
и дали само за ручек лапа
две куќи, парк и еден мост?
Дали е јунак?
Дали е прост?

Ми вели Бошко: „Чекај вака.
Прашај ме од што се плаши тој?
Кај е – го слушаш? Со заби штрака!
Па штом се крие од сите наши,
значи и тој, бре, од нас се плаши!“

Отсега чекорам сигурно, право,
за секој страв и јас се прашам!
Со нога веќе ќе го треснам,
ко влакно од ракавот ќе го стреснам,
па ќе му кажам: „Оди, бре, ручај!“
И ќе ја спраштам,
ќе му ја летнам –
за секој случај...

**Томе Арсовски**



## РАЗГОВАРАМЕ ЗА ПЕСНАТА

- Во првата строфа едно дете кажува дека се плаши од мракот и од стравот.
  Најди ги стиховите во кои опишува што му се случува кога се плаши!
- Што мислиш ти за Бошко, детето со кое се мери плашливиот „јунак“?
- Прочитај ја третата строфа за да го оформиш своето мислење за Бошко.
- Прочитај ја четвртата строфа и објасни каква промена настанала кај плашливото дете. Спореди го детето од првата строфа и истото дете од последната строфа. Каква промена настанала кај него?
- Што мислиш ти – кој му помогнал да не се плаши повеќе?



## КРЕИРАЈ

- Нацртај го ликот на исплашеното дете според описот во првата строфа и ликот на истото дете според описот во четвртата строфа.
- Како сакаш да изгледаш ти: како првиот или како вториот лик? Зошто?

## ИЗРАЗИ СЕ

- Во твојата тетратка напиши ги своите стравови и објасни како можеш да го совладаш секој страв! Разговарајте со другарчето и заеднички барајте решение.

# ФЕВРУАРИ

Ја знаете ли народната песничка што почнува вака:

„Сечко сече,
Марта дере,
Април носи,
Мај продава...“

Ете, тој сечко сум јас, февруари, најмалото од дванаесетте деца на мајката – година. Многумина мислат дека сум лош, аплив, сечлив. Зар е вистина тоа? Ах, не, не е сосем така! Јас ли сум виновен шти ми одредиле да живеам токму во она време кога по земјата шетаат ветришта и виулици?

Но јас по малку подмириснувам и на пролет. Не ви објаснувам зошто и како. Ќе ви испеам една песничка и вие сами ќе се сетите:

Чудно чудо, дечиња –
уште стои снегот,
а глеј, бели ѕвончиња
никнале на брегот!
Ѕвонат, пеат весело
– ние сме кокичиња,
радост сме за сите
момчиња, момичиња...

Штом Снешко ќе ја слушне оваа песна, почнува да плаче. Снешко плаче, а децата се радуваат!



**Видое Подгорец**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА ТЕКСТОТ

- Од кој дел од песничката ти откриваш зошто февруари по малку подмирисува на пролет? Објасни зошто.
- Зошто плаче Снешко кога ќе ја слушне песничката на Сечко за кокичињата?
- Зошто се радуваат децата?
- Зошто вториот месец од годината – февруари  за себе вели дека е најмалото дете на мајката – година?
- Што се случува на Земјата кога владее февруари? Какво е тогаш времето?
- Покрај интернационалното име февруари, во текстов го сретна и народното име за него – **сечко**.
- Февруари од народот добил уште две имиња: **малиот** и **кусиот**
- **Заклучи** зошто се вика **сечко**, а зошто **кусиот** и **малиот**?

## ИЗРАЗИ СЕ

- Научи ја напамет втората песничка од текстот и на наредниот час рецитирај ја пред твоите другарчиња. Секое другарче награди го со аплауз.

## РАЗГОВАРАЈТЕ

- Ставете ги рацете пред себе и погледнете дали се чисти.
- Колку пати днево ги миеш рацете? Кога?
- Зошто треба редовно да ги миеш рацете?
- Кои заразни болести се добиваат поради нечистотија?

# ЧИСТОТАТА Е ПОЛОВИНА ЗДРАВЈЕ

**Лица: ученикот Данчо, мајката и таткото**

(Во кујна мајката приготвува јадење. Данчо влегува целиот зазбивтан, ја остава чантата со книги и вика на сет глас.)

**ДАНЧО:** Мамо, гладен сум, дај ми да јадам!

**МАЈКАТА:** Првин треба да речеш добар ден како секое добро дете ... и ... не е убаво толку силно да викаш.

**ДАНЧО:** Извини, мамо, заборавив. Стомакот ми станал како решето, кој ќе мисли на добар ден. Дај ми да јадам!



**МАЈКАТА:** Ех, Данчо сине, не чини така.
**ДАНЧО:** Ти, мамо, не си фудбалер и не знаеш колку сум изморен. А денес на натпреварот двапати ми ставија сопка, сиот прав го собрав на нозете и рацете.
**МАЈКАТА:** Тогаш првин измиј се, па потоа седни да јадеш. Ручекот е веќе готов.
**ДАНЧО (за себе):** Ете ти сега! Јас, што се имам скарано со сапунот и со водата и не сакам со очи да ги видам – ќе морам да се измијам. (кон мајка си) Мамо, може и вака да јадам, ништо не ми пречи што сум малку нечист во рацете.
**МАЈКАТА:** Сите болести се добиваат преку нечистотијата, преку заразните микроби и бацили.
**ДАНЧО:** Јас сум толку гладен што би изел и слон, а пак тие микроби и бацили ќе ги лапнам како чоколада.
(Во меѓувреме влегува таткото, ги поздравува и ја остава кожната лекарска чанта.)
**МАЈКАТА:** Како е в болница, што има ново?
**ТАТКОТО:** Лоши работи... Ќе ви раскажам сѐ, само првин да ги измијам рацете. (Данчо за тоа време седнува на масата.)
**ДАНЧО (кон публиката):** За тате не е чудо што ја претпочита чистотата. Тој е лекар. А јас се прашувам зошто треба секогаш да бидам чист? И вака ништо не ми фали.
(Таткото се враќа и седнува на масата за јадење.)
**ТАТКОТО (кон мајката и Данчо):** Денеска в болница примивме многу деца. Во едно училиште се појавила жолтица. И тоа поради нечистотијата на одделни ученици. Тие ја пренеле болеста и жолтицата се раширила кај многумина.
(Мајката за тоа време ја поставува масата и им става во чиниите од јадењето.)
**ДАНЧО (исплашено):** Што велиш, тате, поради нечистотијата се појавила жолтица?
**ТАТКОТО:** Да, сине, училиштето е затворено, а учениците се примени в болница.
(Таткото и мајката почнуваат да јадат, а Данчо седи замислен на масата.)
**МАЈКАТА:** Ајде, сине, јади, ќе ти се олади јадењето!
**ДАНЧО:** Леле, а јас за малку ќе јадев со нечисти раце. (станува бргу од столчето) Одам да ги измијам убаво рацете.
**ТАТКОТО:** Така треба, сине, и запомни добро дека чистотата е половина здравје.
**ДАНЧО:** Имате право, драги родители, никогаш повеќе нема да бидам нечист. (оди да се измие...)

**Ненад Џамбазов**



## ДА СЕ ПОТСЕТИМЕ

- Зошто овој текст е драмски? Според што веднаш го препозна?

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Кои лица (улоги) ги сретна во текстот?
- Што побарал Данчо од мајка му?
- Каков се вратил од училиште?
- Со кого бил скаран? Што мислиш – зошто?
- Прочитај го делот каде што објаснува за кавгата со сапунот.
- Што направил таткото кога влегол дома?
- Што им раскажал?
- Зошто се замислил Данчо? Што направил?
- Објасни како ја разбираш мислата „Чистотата е половина здравје“.

## ВЕЖБАЈ ДРАМСКО ЧИТАЊЕ

- Поделете се по лица (улоги) и драматизирајте го текстот. Потрудете се верно да ги пренесете ликовите. Одберете ученик кој ќе ги чита објаснувањата на писателот и кој ќе ви ја наговести секоја следна сцена.

## ПРЕДЛОЖИ ПЛАН

- И драмскиот текст може да се подели на раскажувачки целини. Всушност промената на сцените ти ги покажува целините.
- Прочитај го текстот во себе и подели го на целини. Обиди се да направиш план но така што за наслов на секој дел ќе употребиш само придавка и именка.

## ИЗРАЗИ СЕ ПИСМЕНО ДОМА

- Раскажете го драмскиот текст според дадениов план:
    1. Валканиот Данчо
    2. Болните ученици
    3. Исплашениот мрзливко

# СЛОЖЕНА РЕЧЕНИЦА

## ПОТСЕТИ СЕ И ПРЕПОЗНАЈ

- Кои реченици се прости? А кои сложени?
- Препознај кои од дадениве поговорки се искажани со сложени реченици. Во нив со моливче подвлечи ги глаголите:

Добриот збор железни врати отвора.
Фрли зад тебе за да најдеш пред тебе.
Кај што мотика не копа, грозје не се раѓа.

Кој рано рани, две среќи граби.
Сѐ што лета не се јаде.
Јазикот сече поостро од сабјата.

## СОСТАВИ

- Од трите прости реченици состави во твојата тетратка една сложена реченица.

**Прва група:**

Како кукавиците користат други родители?

за да ја скрие измамата,
женката вади едно од јајцата во гнездото,
го снесува јајцето во туѓото гнездо.

**Втора група:**

Како луѓето им помагаат на птиците?

им прават куќички за презимување,
луѓето им даваат храна на птиците,
и формираат друштва за заштита.

## ПРИМЕНИ ГО НАУЧЕНОТО

- Препиши ги речениците. До секоја реченица напиши каква е по состав и усно образложи според што го донесе заклучокот.

Легна и заспа.
Марија со пенкала во различни бои ги запишува во својот телефонски именик броевите на сите соученици.

### БРЗ КВИЗ

| **Која реченица е проста?** | **Која реченица не е проста?** | **Сложена е?** |
|---|---|---|
| а) во која има два збора; | а) Сите излегоа надвор. | а) Научив, па излегов. |
| б) во која има еден подмет; | б) Излегов да се прошетам. | б) Сашо јаде јаболко. |
| в) во која има еден прирок. | в) Ние редовно слушаме рок. | в) Денес сум среќен. |

## РАЗМИСЛИ - РАЗМЕНИ ГО МИСЛЕЊЕТО

Некој ти украл нешто. Се сомневаш во некого. Што ќе направиш?

# ЕМИЛ И ДЕТЕКТИВИТЕ

*Емил, синот на сиромашната фризерка Тишбајн, патува со воз кај својата баба во Берлин да ѝ однесе пари кои ѝ се потребни за живеење. Во купето се запознава со еден господин со тврд шешир. Измореното момче цврсто заспа. Кога се разбуди го немаше господинот, ама и парите. Што ќе ѝ каже на баба му? На мајка му? Сепак пристигнува помош: запознава момчиња со кои организира потера по крадецот. Кога тој ќе влезе во такси, тие влегуваат во следното.*

* * *

Автомобилот тргна преку улицата и забрза по другиот автомобил.

– Што се случило? – праша возачот.

– Ах, човеку, тој нешто ни дрпна, ама ќе му ја свариме чорбата – рече Густав. – Ама тоа да остане меѓу нас, разбравте ли?

– Како сакате – одговори возачот и запраша: – А имате ли пари?

– А за какви нè сметате? – викна Професорот со прекор во гласот.

– Де, де – промрмори човекот.

– Внимавај, неговиот број е А 3733 – го предупреди Емил.



– Не му се доближувај премногу  на крадецот – рече Крумбигл.
– Во ред – промрмори возачот.
Така одеа по улицата, па преку плоштадот. Неколку луѓе застанаа на тротоарот, се вртеа по автомобилот и ѝ се смееја на смешната дружина.
– Клекнете! – прошепоти Густав и момчињата се стркалаа по подот еден преку друг како зелки.
– Што се случило? – праша Професорот.
– Во Лутеровата улица свети црвеното светло! Мора веднаш да застанеме. И тие ќе застанат.
Двата автомобила застанаа чекајќи да се запали зеленото светло на семафорот. Никој не можеше да забележи дека едниот автомобил е полн. Момчињата добро се сокрија. Возачот се сврте, сфати и се насмеа.
– Само возењево да не трае предолго – рече Професорот и погледна кон таксиметарот. – Оваа шега веќе чини осумнаесет фенинзи.
Возењето брзо заврши. Првиот автомобил застана пред хотелот Крајд. Човекот со тврдиот шешир излезе, плати и исчезна во хотелот.
– Густав, по него! – викна нервозно Професорот – ако хотелот има два излеза ќе ни кидне. – Густав исчезна.
Тогаш излегоа и другите. Емил плати. Професорот ги поведе своите луѓе низ вратата која водеше во голем двор зад киното.
– Ќе биде среќа ако крадецот остане во хотелот – рече Емил. – Овој двор е погоден за следење.
– Овој е наш – рече Густав. – Отседнал во хотелов. Се качи во лифтот. Друг излез нема. Ако не ни избега преку покривот, сигурно е наш.
– Дали е Крумбигл на стража? – праша Професорот.
– Се разбира, човеку!
Тогаш Митнцвај постариот зема паричка, се стрча во кафеаната и му се јави на малиот Динстаг.
– Ало, Динстаг? Лозинка Емил! Овде е Митнцвај сениор. Човекот  е во хотелот Крајд. Ние стражариме во дворот позади киното, кај левиот излез.
– Ви треба ли помош? Тешко ли беше досега?
– Не, не. Крадецот зеде такси, ние исто, и сè по него додека не излезе. Зеде соба и сега е горе. Сигурно ѕирка под креветот за да не го следи некој.
– Во која соба е?
– Не знаеме, ама ќе дознаеме.
– Колку би сакал да сум со вас. Кога ќе добиеме задача да пишуваме состав, ќе пишувам за ова.
– Ти се јави ли некој друг?
– Не, никој. Да побудали човек.
– Ајде, здраво!
– Ви посакувам успех, пријатели. Што сакав... А  да, лозинка Емил!
Митнцвај го затвори телефонот и се врати во дворот на должност. Веќе беше осум часот. Професорот отиде да ја провери стражата.

**Ерих Кестнер**
(Извадок од романот „Емил и детективите“)

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Кои ликови учествуваат во потерата?
- По што го препознаваат крадецот?
- Потерата што ја организирале момчињата личи на потера во некој филм. Докажи го тоа со примери од извадокот.
- Што значи тоа дека момчињата ќе му сварат чорба на крадецот?
- Која е темата на овој извадок?
- Што преовладува во текстов: опис, дијалог или монолог?

## ЗАМИСЛИ И ДОВРШИ

- Ти се допаѓа ли оваа содржина? Замисли што ќе биде понатаму?
- Раскажи што ќе се случи. Можете да смислите различни продолжетоци.
- Откако ќе ги ислушате сите, одберете најинтересно раскажување.

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

- Ако сакаш да дознаеш што навистина се случило, побарај го романот „Емил и детективите“ од Ерих Кестнер и прочитај го. Ќе ти се допадне.

## ВЕЖБА ЗА ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ

- Опширно прераскажи ја содржината или фабулата на извадокот според потсетницива кои ние ти ги нудиме:
  - Емил ги губи парите во возот;
  - Момчињата го следат таксито во кое е крадецот;
  - Луѓето ѝ се смеат на смешната дружина;
  - Таксито застанува и крадецот оди во хотел;
  - Густав го следи крадецот во хотел;
  - Митнцвај му телефонира на Динстаг;
  - Митнцвај се враќа кај дружината.
- Размени ја тетратката со другарот до тебе и прочитајте што сте напишале.

## СОЗДАВАЈ

- Замисли дека ти си главниот лик. Напиши му писмо на твојот пријател и опиши му ја најинтересната случка.

## ПРЕТХОДНИ АКТИВНОСТИ

- Пронајди ја басната „Штурецот и мравките“ од Лафонтен и потсети се на нејзината содржина.
- Ако си во можност донеси ја книгата со басни  на училиште и поразговарај со другарчето за басната. Разгледајте ги илустрациите.

# ШТУРЕЦОТ И МРАВКИТЕ



Низ полето цело лето
штурчо песна ширеше
од  утрина до вечер
пееше и свиреше.

Но, набргу во полето
се насели есен,
сѐ попари лута слана
и задува ветер бесен.

Се уплаши штурчо тогаш,
па поита спас да бара.
Кај мравката дома појде
– пријателка своја стара.

– Ти се молам, пријателке,
штурчо мравката ја моли.
– Дај ми малку житни зрна,
стомаков ме боли!

Дува ветер, магла носи,
дожд истура, тече,
мравката над прагот ѕирна
и на штурчето му рече:

– Пријателе, ти летово
кај ги мина дните?
– Во полето свирев, пеев,
ги веселев сите!

– Штом си пеел и си свирел
сред летната жега,
веселнику, сакан мој,
оди играј сега.



**Глигор Поповски**

## СОГЛЕДАЈ

- Како е напишана басната?
- Која форма на басни повеќе ти се допадна? Објасни зошто.
- Какви луѓе се претставени преку Штурецот? Познаваш такви?
- Зошто Мравката го избркала Штурецот? Какви луѓе се претставени преку нејзиниот лик?
- Кој лик повеќе ти се допаѓа? Зошто?

## ИЗВЛЕЧИ ПОУКА

- Секоја басна има поука. Што те поучува тебе оваа басна?
- Која од дадениве поговорки најмногу одговара на баснава:

  Што си посеал, тоа ќе жнееш.
  Џабе работи, џабе не седи.
  Кој лете ладува, зиме гладува.

## ВООЧИ И ИСКАЖИ СЕ

- Колку строфи има басната?
- Прочитај ги римуваните зборови.
- Прочитај ја строфата која ти остави најсилен впечаток, а потоа обиди се да ја претставиш со слика.

### ПОТСЕТИ СЕ

**Басната е куса книжевна творба напишана во проза или во стихови. Во неа преку ликови на животни, растенија или предмети се исмејуваат човечките мани или карактерни недостатоци. Бидејќи басните се куси, изразувањето во нив најчесто е во дијалог.**
**Басната е негувана од сите народи. Најпознати баснописци се: Езоп, Лесинг, Лафонтен, Толстој, Крилов и Федар. Од македонските баснописци најпознати се: Бошко Смаќоски, Михо Атанасовски, Киро Донев, Ристо Давчевски, Александар Кујунџиски, Ванчо Полазаревски и други.**

## СОЗДАВАЈ

- Направи измена на басната. Можеш да избереш еден од предлозите кој ние ти ги нудиме или создај нов по твоја замисла:

  а) Штурецот свирел ама и вредно работел.
  б) Мравката го примила веселникот во својот дом.

  Според избраниот предлог напиши нова басна. Обиди се во стихови.
- Прочитај им ја на твоите родители и слушни го нивното мислење.

# ИСТИ ЗБОРОВИ СО РАЗЛИЧНО ЗНАЧЕЊЕ

## ПОТСЕТИ СЕ

- Во четврто одделение научи дека за еден поим може да се употребат повеќе различни зборови. Кажи неколку примери.

## ПРОЧИТАЈ ВНИМАТЕЛНО И ВООЧИ

Татко ми е глава на семејството.
Твојата глава е полна со знаење.
Ја прочитав првата глава од лектирата.
Вчера си купив блок број 5.
Верче живее во зграда 1, блок број 5.
Нашата куќа е ѕидана со бетонски блокови.
Во среда имаме блок–часови.

## ЗАПОМНИ

**Во нашиот јазик еден ист збор може да се употреби со различни значења.**

**БЛОК**
- за цртање
- дел од зграда
- градежен материјал
- два споени часа

**ГЛАВА**
- дел од телото
- дел од книга
- најодговорниот член на семејството

## ПРИМЕНИ ГО НАУЧЕНОТО

- Дај му име на секој поим од сликите и употреби ги во реченици во кои ќе имаат различно значење:








- Објасни го значењето на зборот липа во двете реченици:
  Горан пие чај од липа.
  Горан сѐ уште липа.
- Напиши ги сите значења на зборот крило за кои ќе се сетиш.

# КИНИСАЛА МОМА ЖЕЛКА

Кинисала мома желка
да ми оди на орање

да ми оди на орање,
да ми носи сладок ручек,



сладок ручек топеница,
топеница, маштеница.

Ја пресретна еже момче,
тој ја бутна, ја побутна,

ѝ истури сладок ручек,
сладок ручек топеница.



Се налути желка мома,
ми отиде кај судија:

Ој судија, ти кадија,
криво седи, право суди:

Јас си одев на орање
и си носев сладок ручек,

ме пресрете еже момче
тој ме бутна, ме побутна,

ми истури сладок ручек
топеница, маштеница.

Што ѝ вели судијата,
што ѝ вели кадијата:

Тој е момче се задева,
Ти си мома, седи дома!

**Македонска народна песна**

## ИСТРАЖИ ГО ЗНАЧЕЊЕТО НА ЗБОРОВИТЕ

- Заедно со другарчето објаснете го значењето на следниве зборови: **кинисала, топеница, маштеница, кадија, се задева**. Побарајте помош и од вашата учителка.

## ОЦЕНИ И ПРЕСУДИ

- Што мислиш ти, дали судијата донел правилна пресуда? Објасни зошто така мислиш.
- Замисли дека сега и ти си судија. Каква пресуда ќе донесеш?
- Образложи ја твојата пресуда.

## ГО ОТКРИВАМ ХУМОРОТ ВО ПЕСНАТА

- Претпостави во кое време е создадена оваа народна песна.
- Што те насмеа во песната? Опиши со свои зборови.
- Прочитај ги стиховите што најмногу те насмеаја.
- Опиши ја таа слика како си ја претставуваш.

## ЗАКЛУЧИ И ПОВРЗИ

- На кој вид песни припаѓа оваа песна според начинот на којшто е предадена содржината?
- Со која друга песна од овој учебник ќе ја поврзеш? Зошто?



- Прочитај му ги на другарчето петте мисли за мајката.
- Препиши ја од другарчето мислата што ти се допадна.

# ЧИЈА МАЈКА Е НАЈГОЛЕМА

На дрвото птицата направи гнездо. Во него изведе три пиленца. Тие среќно растеа во својот дом.

– Колку е голема нашава мајка! – рече првото. – И колку се грижи за нас за да нè нахрани.

– Никој не е посилен од неа! – се јави второто. – Кој би можел да ја победи!?

– Без неа ќе умреме од глад... – се огласи третото. – Навистина нашава мајка е најмоќна. А и ова дрво е наш заштитник.

Тогаш под дрвото наиде мачка со три мачиња. Тие весело скокаа околу неа. Растрчуваа низ тревите. Ги гонеа пеперугите. Едно од нив посака дури и да се искачи на дрвото.

– Немој, не биди палаво, можеш да се повредиш... – го предупреди дрвото. – А ќе ги исплашиш и пиленцата! Нема да те пуштам да се искачиш до гнездото.

– Слези долу, дете мое... – прифати мајката. – Има право дрвото...

Мачката одеше напред и внимаваше на секоја опасност. Не сакаше да ги пушти сами мачињата. Барем не додека се мали.

– Нашава мајка никој не може да ја победи! – рече едно од нив. – Таа од ништо и од никого не се плаши.

– И јас се чувствувам безбедно крај неа! – се придружи второто. – Знам дека никогаш нема да нè остави сами.

– Како мајка ми нема ниедна друга... не остана должно и третото. – Таа е единствена на светот...

Дрвото слушаше, слушаше и се смешкаше.

„Мајките се силни затоа што заштитуваат со својата љубов...“, си помисли дрвото. „Кој и да е друг на местото од пиленцата и мачињата, истото ќе си го мисли за својата мајка...“

**Горјан Петревски**





## РАЗГОВАРАМЕ ЗА РАСКАЗОТ

- Зошто се среќни трите пиленца во гнездото на дрвото?
- Како се грижи за нив нивната мајка?
- А како мачката се грижи за своите мачиња?
- Како дрвото покажува грижа и за пиленцата и за мачињата?

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

- „Како мајка ми нема ниедна друга... Таа е единствена на светот!“ Што мислиш, кое дете би рекло вака за својата мајка?
- Објасни ја мислата на дрвото: „Мајките се силни затоа што заштитуваат со својата љубов“

## ПРАВОПИСНА ВЕЖБА

- Пронајди ги во расказот и препиши ги во твојата тетратка директниот говор на пиленцата и мачињата. На место црта ставај наводници. Но внимавај на цртата со која е одделен говорот на писателот.

## ОДБЕРИ И ИСКАЖИ СЕ

- Напиши песна за твојата мајка.
- Напиши ѝ писмо во кое ќе ја искажеш твојата љубов кон неа.
- Напиши го последниот разговор со твојата мајка. Не заборавај на правописните знаци кај директниот говор.
- Нацртај го нејзиниот портрет, а под него неколку убави мисли за неа во кои ќе ја искажеш твојата љубов кон неа.

- Одбери го начинот и поводот за да ѝ го предадеш твојот подарок. Биди сигурен дека таа ќе биде многу среќна и твојот подарок ќе го чува како најдраг од сите останати.

# МАЛО И ГОЛЕМО

| МАЛО | | ГОЛЕМО | |
|---|---|---|---|
|  |  |  |  |
| раче, раченце | куќичка | рачиште | куќиште |
|  |  |  |  |
| носе, носуле | маче, маченце | носиште | мачиште |

## ПРЕПИШИ И ДОПОЛНИ

Зборовите  во левиот правоаголник означуваат име на нешто **мало или мило**
Зборовите од десниот правоаголник означуваат име на нешто ____________

**Усно доврши ги речениците:**
Кога ги изговарам зборовите: детенце, цветче, лепче, мамичка, сонценце... чувствувам ..............
Кога ги изговарам зборовите: рачиште, куќиште, мажиште, клупиште, носиште, мувиште... чувствувам ..............



## ПРИМЕНИ ГО НАУЧЕНОТО

**Во тетратката одговори на следнива барања:**
**1. Покрај секоја именка допиши уште по две нејзини форми со кои ќе означиш нежен однос кон нив или дека се мали.**

трева – тревичка, тревче
цвет – _______, _______
сонце – ______, _______
ветар – ______, _______
дрво – ______, ________
камен – _____, ________
грнец – ______, ________
чешма – _____, ________

**2. Напиши три реченици во кои ќе употребиш некои од зборовите што ги напиша погоре.**

**3. Покрај секоја именка напиши ја нејзината форма што означува нешто големо или грдо.**

коњ – ______ | дрво – ______
град – ______ | куче – ______
рид – _______ | метла – _____
тава – ______ | баба – ______

**Продолжи дома во тетратката за домашна работа:**

**1. Пречкртај ги зборовите кои не припаѓаат во дадените групи зборови.**

**СМАЛЕНО**
капче, прст, еже, ножиште, слон верверичка, фустанче, риба, езерце, гумиште, уличка, срце.

**ЗГОЛЕМЕНО**
топка, зајчиште, ежиште, глава очиња, очишта, гумичка, стап, осиште, ноктиште, училница.





**2. Во следниов текст на местото од празните линии напиши ги именките што означуваат нешто смалено или зголемено.**

Јас и моето _________ (брат) Иве отидовме во нашето мало __________ (парк) да возиме со нашите велосипеди. Само што стигнавме, на небото се појави едно големо и темно ______________ (облак). Го покри топлото ___________ (сонце). Се подготвуваше да се истури голем дожд. Но ние не сакавме веднаш да се вратиме. Се договоривме да свртиме по едно ______________ (круг) во паркот додека не нè зафатил дождот. Но задува едно страшно _____________ (ветер), па моравме да му ја летнеме дома.

- Што значи зборот екологија?
- Што е тоа еколошка свест?
- Имаш ли ти еколошка свест?

# ЕКО-АКЦИЈА



Ива и Свето се упатија кон училиштето носејќи по едно цвеќе во саксија. Со тоа сакаа да придонесат за успешноста на мартовската училишна еко–акција.

– Ива, многу ми се до–паѓа твоево цвеќе. Гледам расцветало, пролет е веќе! – се радуваше Свето на прек–расниот виолетов цвет од јагликата.

– Навистина е убаво, но и твоето цвеќе не е пода–леку. Се гледа дека го негу–вала вешта рака!

– Да, мајка ми со љубов одгледува разновидни цвеќиња во дворот и многу ги сака. Ако некој скине цвет од градината, очигледно ѝ е мака. Вели дека цвеќињата се украс на природа–та и не треба да се кинат, а во нашата градина се загледуваат сите луѓе што по улицата минат.

Така со разговор пристигнаа во училишниот двор, но кога се развртеа со пог–ледите наоколу, останаа без збор. Секое дете во раката носеше саксија со некаков цвет, ама наоколу низ тревата насекаде имаше смет.

– Свето, погледни! Зар ова не е грда слика и срам за секој од нас? А за зага–дувањето зборуваме речиси секој час. Пред некој ден со учителките направивме акција и го исчистивме училишниот двор, нели? Како можеше за два–три дена олку отпад повторно во него да се всели?

– Ете и јас се чудам, ова постојано се повторува! Не вредат ништо нашите еко–патроли, ниту пак добро осмислените еко–пароли. Мислам дека секој треба да развие еколошка свест и зачувувањето на животната средина да му претставува задоволство и чест.

– Точно, и јас се согласувам со твоето тврдење и мислам дека својот однос спрема природата треба да го смени целата наша нација. Гледам дека речиси сите дворови ни се солидно уредени и чисти, а улиците по кои „слетуваат“ најлон ќесиња – наликуваат на писти. Од домовите и визбите сè што е непотребно го исфрламе, ама за жал, каде што ќе стасаме го фрламе. Многу од фрлените предмети можат да се пренаменат или за рециклажа да се наменат. Но, сите ние се правиме како да не знаеме каде да ги ставиме. Така во контејнерите за стара хартија сешто може да се најде, само не хартија. Е, тоа е несовесна работа и човечка срамота!

– И што вреди сево ова цвеќе што денес го носиме ако тревата не ја исчистиме и не ја искосиме!? – промрморе Свето помирисувајќи го цветот.

Но, тоа го знаеја сите во училиштето и веќе имаше план за работа. Почнаа да доаѓаат и многу родители зашто беше сабота. За неколку часа заедно отпадоците ги собраа, тревата ја искосија и со вода ја наросија. Децата пак, ги засадија цвеќињата покрај патеката од почеток до крај. Одеднаш сиот простор доби прекрасен сјај.

Насекаде се слушаше весела песна и смеа. Убав пролетен мирис ја замени непријатната реа. Нели е поубаво вака?

А да ви кажам право, да се живее во отпад не е здраво. Ова сигурно и на друго место сте го прочитале. Запомнете и не правете ги истите грешки. Последиците од загадувањето на планетата Земја за целиот жив свет се катастрофално тешки.

**Љиљана Атанасова**

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Зошто Ива и Свето носеле цвеќе?
- Каква грда слика ги пречекала во дворот на училиштето?
- Зошто имало многу отпад и покрај тоа што дворот бил исчистен пред некој ден?
- Кој им помагал во саботната акција на учениците?
- Како изгледал училишниот двор по акцијата?

## НАУЧИВ ЗА ЕКОЛОГИЈАТА

- Прочитај го внимателно разговорот меѓу Ива и Свето и запиши пет работи што ги научи за екологијата и еколошката свест.
  1. Нечистата околина е срам за секој поединец.
  2. Секој треба да развива еколошка свест. (Продолжи сам!)

## ВЕЖБАЈ ДОБРО ЧИТАЊЕ

- Прочитајте го текстот редоследно. Поделете го на делови.
- Читај во себе и замисли си како со гласот ќе ги претставиш Ива и Свето.
- Читајте по улоги. Одберете и читач за говорот на писателот.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

- Напиши известување како го обележавте во твоето училиште Денот на екологијата.

# ДИРЕКТЕН И ИНДИРЕКТЕН ГОВОР

| ДИРЕКТЕН ГОВОР | ИНДИРЕКТЕН ГОВОР |
|---|---|
| 1. Мама ме праша: „Ја читаш ли книгата?“<br>2. Кире рече: „Сите дојдоа навреме“.<br>3. Нина тивко ми шепна: „Внимавај, те гледа учителката!“ | 1. Мама ме праша дали ја читам книгата.<br>2. Кире рече дека сите дошле навреме.<br>3. Нина тивко ми шепна да внимавам зашто ме гледа учителката. |

**Разгледај ги речениците во двете колони и разменете си ги мислењата со другарчето од клупата за следниве прашања:**

- Која е разликата меѓу речениците од левата и десната колона? (Забележи дали има разлика во содржината на речениците!)
- Чии зборови се напишани во наводници?
- Како се искажани истите мисли во речениците од десната колона? Зошто нема во нив наводници?

**ЗАКЛУЧИ И ПРЕПИШИ (во тетратката)**

Точното наведување на туѓите мисли се вика ______ **говор.**

Сите радосно извикаа: „Утре ќе одиме на театар!“

Кога туѓите мисли ги пренесуваме со свои зборови, тогаш употребуваме **индиректен говор.**

Сите радосно извикаа дека утре ќе одат на театар.



## ПРИМЕНИ ГО НАУЧЕНОТО

- Следниве реченици напишани во директен говор преобрази ги во индиректен:

  „Оваа е мојата топка“, ми рече Гоце.
  „Внимавај на интерпункциските знаци!“ – ме предупреди учителката.
  Бате рече: „Мамо, одам на пливање“.

- Индиректниот говор во следниве реченици претвори го во директен. Притоа внимавај на интерпункциските знаци: двете точки и наводниците:

  Учителката нè праша која идеја најмногу ни се допадна.
  Даме ја праша Темјана во колку часот ќе оди на тренинг.
  Јас засрамено реков дека направив голема грешка.

# ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ КАЈ ДИРЕКТНИОТ ГОВОР: ДВЕ ТОЧКИ, ЦРТА И НАВОДНИЦИ

## ПОТСЕТИ СЕ

Како се вика точното наведување на туѓите зборови?

Кој говор е индиректен?

## СРАБОТИ САМОСТОЈНО

Со моливче стави ги интерпункциските знаци во следнава реченица за да го обележиш директниот говор: Маја ми предложи Попладне дојди кај нас.

## СОГЛЕДАЈ, ЗАПОМНИ, ПРИМЕНУВАЈ

Директниот говор во реченицата може да се напише на три начини:

| | |
|---|---|
| Зборови на раскажувачот: ПЧЕЛИЧКАТА РЕЧЕ: | Директен говор: „УБАВ Е ОВОЈ ЦВЕТ, ИМА МНОГУ ПОЛЕН“ |

| | | |
|---|---|---|
| Директен говор: „УБАВ Е ОВОЈ ЦВЕТ, ИМА МНОГУ ПОЛЕН“ | – | Зборови на раскажувачот: РЕЧЕ ПЧЕЛИЧКАТА. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Директен говор: „УБАВ Е ОВОЈ ЦВЕТ“ | – | Зборови на раскажувачот: РЕЧЕ ПЧЕЛИЧКАТА | – | Директен говор: „ИМА МНОГУ ПОЛЕН“. |

## НАУЧИ ПОВЕЌЕ

На крајот од реченицата во директниот говор прво се пишува прашалник, извичник или три точки, а потоа се затвораат наводниците. Кога реченицата завршува со точка, се пишуваат прво наводниците, а потоа точката.

## ПРИМЕНИ ГО НАУЧЕНОТО

- **Наставничката нè праша која идеја најмногу ни се допадна.** Преобрази ја оваа реченица од индиректен во директен говор. Примени ги трите начини. Нека ти послужат горните примери. Внимавај на наводниците, двете точки и цртата (тире).
- Препиши го следниов текст и стави ги соодветните интерпункциски знаци: Дамјан ја праша Темјана Во колку ќе одиш на тренинг Во пет часот и петнаесет минути му одговори таа Мене ќе ме носи татко ми со автомобилот рече Дамјан може да дојдеш со нас.

- Потсети се на минатиот Велигден и искрено кажи му на другарчето до тебе:
  – Колку вапсани јајца искрши?
  – Уживаше ли во кршењето?
  – Мамеше со дрвено јајце?
  – Кому  му призна дека имаш дрвено јајце?

# ШЕСТИОТ ЧЛЕН

Влатко од петто–4 рече:

– Секоја училишна дружина е составена од пет члена!

– Зошто токму пет? Ќе побрза да праша Блашко...

– Не прашувам туку ќе одговарам за петка! – не издржа љубопитниот Блашко. – Бројот на членовите треба да биде непарен. Во случај кога за нешто се гласа. Три спрема два за ова или за тоа...

Петчлената дружина од петто–4 беше веднаш составена. Влатко, Блашко како негов прв другар, Мише како сосетче на Блашко, и браќата – близнаци Кирко и Спирко, кои се неразделни.



Еден пролетен ден Влатко ги потсети:

– Дружино, наближува празникот Велигден! Предлагам да организираме едно весело наткршување на вапцани велигденски јајца. Победникот ќе добие – што ќе добие, Блашко?

– Крајче од мојата вчерашна кифла со мармалад! – се пошегува љубопитникот, а потоа сериозно додаде: – Нема награди, важно е да се учествува. Одберете си едно јајце, дозволени се сите бои и шари. Ќе се кршиме по принципот „подобриот е следен!“ Искршените јајца се лупат на лице место, се посолуваат, се дава секому по парченце...

Љупчо, кој го прислушнуваше нивниот разговор, праша:

– Дали може и јас да учествувам?

– Не, само нашата петорка! – му одговори Влатко. – Но, можеш да набљудуваш од публиката. Во четврток на вториот одмор.

Близнакот Кирко понесе крупно јајце од мисирка, ризикувајќи да биде дисквалификуван. Близнакот Спирко се вооружа со едно шилесто зелено јајце, за кое веруваше дека има најцврста лушпа што ќе им одолее на сите удари, озгора и странично. „Ух, само да победам“, се надеваше тој.

Осамна долгоочекуваниот четврток. Почна велигденското наткршување! Учествуваа само петмина натпреварувачи, другите се публика.

Чук–чук! Прво пукна јајцето во раката на Влатко. Победникот од овој дуел, Мише, сега се наткршува со Блашко. Сите напрегнато очекуваат, Мише замавнува... чук–чук! „Оооо!“ викна Илчо од публиката. „Истовремено пукнаа двете јајца!“

– Кирко и Спирко, тие се последни! – ги најави Влатко, ронејќи парченца лушпи од своето распукано црвено јајце.

– Мисиркино јајце, такво имам! – рече Кирко.

– Не ми пречи, братче! – се согласи Спирко.

Чук–чук, и чудо! Кокошкиното јајце се покажа поцврсто! Спирко тукушто се подготвуваше да се прогласи себеси за „велигденски витез“, кога му пријде Љупчо.

– Може ли и јас да се натпреварувам? Имам едно црвено вапцано јајце...

– Ајде! Шампионот не се плаши од никого! – кочоперно рече Спирко. Го држи јајцето во дланката, а озгора, меѓу палецот и показалецот, му оставил кружно капаче врз кое треба да чукне јајцето од Љупчо. Сите очекуваат, некои се обложуваат. Љупчо се двоуми. Се премислува. Како да се бори со себеси, да каже или да премолчи. Сепак се реши да каже:

– Не можам да бидам измамник! Имам дрвено јајце, тоа не би било фер. Лесно ќе победев, но не сакам така. Не е чесно. Се срамам што воопшто го понесов ова дрвено јајце. Но, сега ќе го фрлам. Сите да видат!

Љупчо отиде до кантата за отпадоци, во аголот на училницата, и го спушти во неа дрвеното јајце. Беше црвено вапцано, никој од око не би открил дека е дрвено.

Учениците аплаудираа. Дури и победникот Спирко. А Влатко се доближи до Љупчо и топло му рече:

– Ти си шестиот член на нашата дружина! Браво и здраво!

Се ракуваа. Искршените велигденски јајца беа вкусна одделенска ужинка. Секому по другарско парченце!

**Велко Неделковски**

## СОСТАВИ ПЛАН НА РАСКАЗОТ

- Прочитајте го расказот и поделете го на пет логички (раскажувачки) целини.
- Состави план по редоследот кој ти го нудиме. Одговорите на прашањата ќе ти помогнат во составувањето на планот:

Тема: (За што или за кого се зборува во расказот?)
Главни мисли:
1. Што составиле учениците од петто–4?
2. Што се договориле да организираат за Велигден?
3. Како течеле подготовките за натпреварот?
4. Кој победил?
5. Зошто Љупчо станал шестиот член на дружината?

Време на настанот: (Кога се случила случката?)
Место на настанот: (Каде се случил настанот?)
Порака: (Што треба да има во срцата на сите луѓе?)

## ПРОНАЈДИ И ПРЕПИШИ

- Препиши го делот од последната целина во кој е опишана внатрешната борба на Љупчо и неговото признание.
- Препиши го делот од последната целина во кој е опишан восхитот на Љупчевите соученици за неговата постапка.
- Пишувај на латиница!

## ПОТРУДЕТЕ СЕ

Поделете се во групи по тројца. Прочитајте го расказот внимателно и потрудете се заеднички во тетратките да направите ваков приказ на овој расказ. Можете да пишувате на листови кои потоа ќе ги истакнете на паното во училницата.

**Реченица** ________________________________

(За што се зборува во текстот?)

**Мисла, изрека** ________________________________

(Се објаснува најважното од расказот.)

**Еден збор** ________________________________

(Најважниот збор од расказот што ја објаснува содржината.)

**Симбол или слика**
(Претстави ја содржината во една слика.)

**Боја** ________________________________

(Со која боја ќе ги претставиш чувствата од расказот?)

**Дополни:** Една од најдобрите работи во расказот е ____________________

(Што сфатил главниот лик?)

- Прочитај некој расказ за Итар Пејо.
  По што го препознаваш неговиот лик?
  Кого најчесто го надитрувал?

# МАГАРЕТО ШТО ЈАДЕЛО ГРАВ

Во еден зимски ден некој селанец се враќал од пазар в село и бил речиси премрзнат од студот. На патот нашол една меана која се наоѓала во некое поголемо село. Било веќе пладне, а селанецот бил гладен, па решил да руча во меана и да се стопли. Го врзал магарето пред меаната и влегол. Таму видел насобрани луѓе од селото кои го зафатиле сето место околу огништето. Селанецот смислил шега со која ќе ги натера селаните, што седеле крај огништето, да излезат надвор.

Стоејќи до вратата му викнал на меанџијата гласно:

– Меанџи, дај ми една порција грав, а друга порција однеси му на моето магаре што е врзано надвор пред меаната.

Насобраните селани, бадијалџии, ги наостриле ушите и некој од нив му рекол:

– Ами, магаре ќе јадело грав?!

– Е, моево магаре јаде грав. Ако не верувате појдете со меанџијата и ќе се уверите.

Меанџијата му донесол една порција грав и тргнал да му носи порција грав и на магарето. Тргнале по него сите селани и го ослободиле местото околу огништето. Тогаш итриот селанец си седнал на топло место крај огништето и почнал да си го јаде нарачаниот грав.

**Македонска народна приказна**

## ДА РАЗГОВАРАМЕ ЗА ПРИКАЗНАТА

- Што побарал итриот селанец од меанџијата? Зошто?
- Што мислиш: тешко му било да ги надитри селаните? Зошто мислиш така?
- Ова е македонска народна приказна. Објасни со свои зборови што знаеш за македонските народни приказни?

## ИЗРАЗИ СЕ ПИСМЕНО

- Стави се во улога на итриот селанец и прераскажи ја приказната интересно и смешно за да го привлечеш вниманието на слушателите. Со неколку реченици дополни го крајот на приказната.

## ПРОСЛЕДИ ДОМА

- На неколку национални телевизии се емитуваат македонски народни приказни. Проследете две од различни телевизии и раскажете ги во вашите тетратки за домашна работа. Прочитајте ги пред другарчињата.

- Познаваш ли некое дете инвалид? Се дружиш ли со него?
- Инвалидите се ограничени во движењето. Дали местото каде што живееш е прилагодено за инвалидизирани лица?
- Поразговарај  за тоа со парот од клупата.

# КОПНЕЖ

Љупчо, потпирајќи се на патериците, ќе станеше од креветот, ќе дојдеше до прозорецот, правеше птици од хартија, го отвораше прозорецот и ги фрлаше надвор.

Љупчо живееше на десеттиот кат од високата кула и птиците од хартија долго време кружеа низ воздухот додека се спуштеа и запреа на земјата.

За овие месеци откако лежи болен и не може да оди подалеку од собата, нафрла  едно чудо птици.

Птиците кои беа и големи и мали, во зависност од хартијата што ја имаше, паѓаа и во дворот од зградата и на улицата и на покривите од пониските куќи и на автомобилите паркирани на паркиралиштето крај зградата и на дрвјата во дворот и паркчето. Од далеку заличуваа на вистински бели и шарени птици.

И еден ден, гледајќи од кој кат излетуваат птиците, и низ кој прозорец, луѓето се искачија во станот на Љупчо, тропнаа на вратата, им отвори лекарот кој во тој момент беше дојден кај Љупчо да направи визита и да му ги даде потребните лекови, и тие почнаа да викаат по Љупчо гледајќи го како држи в рака неколку направени птици за да ги фрли низ прозорецот.

– А, ти ли си тој што ги фрлаш овие книжишта, што ни правиш ѓубре по катовите и дворот? Што ѓавол те тера ова да го правиш? Ако те видат и другите деца, и ако тргнат по твојот пример, ќе нè затрупаат со книџишта...

Љупчо, исплашен, се собираше во креветот. Птиците ги криеше зад грбот.

Лекарот ги погледна разлутените луѓе и им рече:

– Смирете се ... Полека... Не се тоа книжишта... Тоа се птици ...

– Нека се што сакаат ... – викаа луѓето. – Зошто ги фрла? Зошто ни прави ѓубре?



– Желбата го тера тоа да го прави ... – им рече лекарот.

– Ама каква желба! – викаа луѓето. – Што ни е нам гајле ... Да не го видиме повеќе.

– Чекајте да ви објаснам ... – ги успокојуваше лекарот. – Детето е во таква ситуација што таа негова желба е и повеќе од тоа ... Копнеж ... Да, копнеж ...

– Каква ситуација, каков копнеж ... – го гледаа луѓето лекарот. А тој полека, со смирени зборови им рече:

– Детето има парализа ... Приковано е да лежи в кревет ... Кај такви болни се јавува желба да ја надминат болеста ... А кога не можат, се јавува кај нив фантазија да имаат крилја, да летаат како птица ... Разбирате...Преку птиците се замислува себе си како лета. Преку овие птици што ги фрла...

Луѓето го гледаа лекарот скаменети, неми. Со сожалив поглед го гледаа Љупча кој зад грб ги држеше птиците како најскапо нешто на светот, како нешто што е дел од него.

Луѓето прошепотија: – Жалиме ... – и полека, назадечки, се повлекоа.

Птиците што продолжија да паѓаат на дрвјата во дворот, навистина личеа на вистински птици.

**Јован Стрезовски**

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- За што копнеел болниот Љупчо? Од која болест боледува?
- Преку која единствена негова игра го изразувал неговиот копнеж?
- Кому му пречеле птиците од хартија? Како изреагирале?
- Како се чувствувал Љупчо кога луѓето дошле во неговиот дом?
- Како се чувствувале луѓето откако разбрале каков проблем имал Љупчо?

## ОБЈАСНИ

- Објасни како ја сфаќаш желбата на Љупчо да пушта птици од хартија.
- Објасни го зборот копнеж со свои зборови онака како што ти го сфаќаш.

## ПРОЧИТАЈ И ПРЕПИШИ

- Прочитај ги зборовите на лекарот со кои тој им се обратил на луѓето.
- Препиши ги во твојата тетратка.

## ТВОРИ

- Замисли дека си еден од луѓето кои налутено влегле кај Љупчо. Раскажи го расказот од тоа стојалиште. Насловот нека биде „КАКО СЕ ПОСРАМОТИВ“. При раскажувањето искажи ги емоциите. Прочитај што си напишал.
- Најубавиот труд наградете го со ракоплескање.

- Поразговарај со другарчето за инсектите и птиците. Што ти е посебно интересно во нивното однесување?

# ПОЛСКО УЧИЛИШТЕ



Годишно време, месец, ден в сјај
Од сламка и од кал да свие гнездо – рај
Чедото да го подготви за лет во својот роден крај
Од каде научила оваа птица толку жедно?

Во полското училиште учела вредно.



Црвен, син, виолетов, жолт цвет по цвет
Вредната пчела ги посетува в лет
Од каде ги знае патиштата на овој свет
Надолници, угорници, брда, потоци бесконечно?

Во полското училиште учела вредно.



Пајакот, малечка бубачка со гордост сјае
На ќерка си чеиз да ткае
Оваа кинеска тантела што ја знае
На кој ѓерѓеф го везела вешто?

Во полското училиште учела вредно.

**Али Акбаш**

## ГО ЗБОГАТУВАМ РЕЧНИКОТ

- **чеиз** – спремата што ја донесува невестата кај мажот;
- **ѓерѓеф** –тркалезна рамка на која се распнува платното што се везе.

## РАЗМИСЛИ И ОБЈАСНИ

- Постои ли полско училиште во кое птиците и инсектите го учат тоа што многу вешто го прават?
- Навистина, кој ги учи така вешто и умешно да опстојуваат во средината?

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА ЛИРСКАТА ПЕСНА

- Кому му се восхитува поетот во оваа песна?
- Прочитај ја првата строфа. Објасни кои способности и вештини на птицата го восхитуваат поетот.
- Што знае да прави пчелата? А пајакот? Што споредил поетот со кинеска тантела?

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## ПОТСЕТИ СЕ

- Минатата година учеше за известување и сигурно си напишал известување за посетена театарска претстава, музеј, изложба или некое случување во училиштето. Разговарајте за тоа.

## ПОСЕТЕТЕ

- Организирајте се и посетете ја балетската претстава „Доктор Офболи“ во Македонската опера и балет во Скопје. Тоа е еден од најубавите балети за деца кој плени со играта, музиката и содржината.
- При купување на билетот секој ќе добие флаер на кој се испечатени најважните податоци за балетот. Прочитај го и сочувај го.
- Ако не сте во можност да ја изведете оваа посета, обидете се да најдете ТВ–снимка на оваа претстава. Гледајте ја заедно и уживајте.
- Додека ја следиш претставата внимателно набљудувај како е уредена сцената, како се облечени балетските уметници (костимографијата), декорот. Слушај ја музиката и следи ги движењата на балетските уметници кои ќе те водат во настаните. Запамете ги ликовите.

## РАБОТИ ПО СЛЕДНИОВ ПЛАН

- Кога ќе се вратиш в училиште, среди ги впечатоците и напиши известување по следниов план:
  КОЈ – (Кој тргна за Скопје? Со што тргна?)
  ШТО – (Што да проследите, за што ќе известувате?)
  КОГА – (времето на тргнувањето, часот на претставата)
  КАДЕ – (местото на посетата – град, институција)
  КАКО – искажи ги своите лични впечатоци од претставата
  ЗАКЛУЧОК

- Најинтересните извештаи прочитајте ги преку разгласната станица во вашето училиште, пратете ги до вашиот локален (месен) весник кој има рубрика за деца, или во некое детско списание.

- Немате можност да посетите театарска претстава во твоето место на живеење или во најблискиот град каде што има театар? Напиши известување за која било посетена институција во твоето место на живеење (локална ТВ или радиостаница, редакција на весник, музеј, месна заедница, општина, фабрика). И во твоето училиште се случуваат интересни настани (приредби,екскурзии, еко–акции, квиз–натпревари, спортски натпревари, изложби, литературни читања и слично).

# ГИ ПРОВЕРУВАМ И ГИ УТВРДУВАМ ЗНАЕЊАТА

**ПРОСТА РЕЧЕНИЦА** – во неа има само еден глагол.

**СЛОЖЕНА РЕЧЕНИЦА** – во неа има два и повеќе глаголи, односно составена е од две и повеќе прости реченици.

**ПРОСТАТА РЕЧЕНИЦА** може да биде искажана:

а) само од подмет и прирок и

б) од подмет, прирок и додатоци на подметот и прирокот.

**ДИРЕКТЕН ГОВОР** – е говорот од друго лице пренесен онака како што е изговорен. Во него ништо не додаваме и не одземаме.

**ИНДИРЕКТЕН ГОВОР** – е говорот од друго лице пренесен со свои зборови.

**ИСТИ ЗБОРОВИ, НО СО РАЗЛИЧНО ЗНАЧЕЊЕ** - во нашиот јазик еден ист збор во две реченици може да има различно значење.

**НЕШТО Е МАЛИ ИЛИ ГОЛЕМО** – и тогаш користиме посебни форми на зборовите.

**РОМАН** – голема творба во проза со повеќе ликови и повеќе случки и настани.

**ДЕТСКИ РОМАН** – главните ликови се деца и темата е од детскиот живот. Но има исклучоци.

**Одговорите на следните прашања ќе ги запишувам во тетратката.**

**Направиле ластовичките пролетта гнездо под стреата на една селска куќа. Им се извеле дечиња, ги одгледале и есента сите си заминале.**

- Проста реченица е _____________, прирок е ______, подмет е ______, додатоци на прирокот се ______________.

- Сложена реченица е _____________, прироци се __________, подмет е ______.

- Ќе ги препишам двете именки со кои е означено нешто мало и мило. Од нив ќе изведам нови зборови кои истите нешта ќе ги означат како многу големи.

- Што е именката **гнездо** во следнава реченица во споредба со именката **гнездо** во горенаведената реченица? Имаат ли исто значење?
  **Нивната куќа беше гнездо на пејачи.**

# ИДНИНАТА НА ПЛАНЕТАТА ЗАВИСИ И ОД МЕНЕ

## ДОСЕТИ СЕ

- Кои пролетни цвеќиња ги знаеш?
  Набројувајте со другарчето и запишувајте ги имињата во тетратката.
  Кој знае повеќе имиња?

## ЦАРИЦА - ЈАГЛИКА



Таа ја кити планината напролет.
Гранче – ластарче. Жилаво, силно.
Со круна: грст цветни ливчиња на врвот.
Вистинска царица во царството билно!

Како јаглика ја знаеме сите.
Како жолто букетче од тревјето блика.
Но и ова нека не ве чуди:
и петопрст таа се вика.

„Дали ја сакаш?“ – ако некој ме праша,
како да му кажам колку ја ценам?
Не само со два прста на раката кренати –
за неа е малку и пет прсти ако кренам!

**Александар Кујунџиски**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА ПЕСНАТА

- Што дозна ти од песната за пролетното цвеќе јаглика?
- Си видел ли ти во природа јаглика?
- Во која строфа поетот дава опис на јагликата. Објасни го со свои зборови.
- Под кое друго име е позната кај народот? Според што таа го добила тоа име?
- Заклучи од последната строфа колку поетот ја сака и цени јагликата.

## ЗАДАЧИ

- Научи ја песната напамет и рецитирај ја изразно.
- Опиши едно пролетно цвеќе што е карактеристично за твојот крај.
  Напиши ги и другите имиња за него, доколку ги има.

# ДИШЕЊЕ НА АУСПУХ

Еден тип, така со сива шапка и дебела сива цигара во рацете ми се изнаразвика за ништо. Додека се снајдов ушите ми беа полни со вакви реченици:

Какви чисти воздуси и други тракатанци?! Тоа е назадно, заостанато како желка во трка–збрка на пет илјади. Какви пејзажи и зеленила во боја, ајде, ајде! Што има да се види и доживее. Сè е видено и фино опишано во книги... а ако нешто не ти е јасно замоли си го компјутерот, сè ќе ти објасни.

Да се види, па да се види! Што има да се види! Па оние кога ѕиркаат од возот...? Малку им е првата и последната станица, ненаситни едни. Сè нешто им фали. А јас знам им фали само малку брзина за да влезат веќе еднаш во дваесет и првиот век. А чистиот воздух?! Офкаме небаре некој се офајдил од него. Чист воздух е половина војна. Тој само ја зоврива крвта, буди во човека желба за караница и тепачка. Ете, погледнете во историјата во времето на тој чист воздух. Крв до колена, војна до војна. Немале друга работа, натепај се чист воздух и после излези на уште почист воздух и мавај, растурај сè докрај.

Затоа, а виде ауспух џитни му се, грабни го за да не ти го грабнат и диши. И уживај. Пресели ги родителите, роднините и пријателите во близина на Железарница, Цементарница, Рафинерија за нафта, некоја  хемиска индустрија... што и да било.

Челичи си го здравјето и станувај тело за дваесет и првиот век. Навреме, оти после ќе биде доцна.

Не излегувај од лифтот, а не пак од автомобилот. Нека пешачат потенцијалните самоубијци. Свести си се на време, човеку. Патем потсети се на нашите најголеми успеси: уништување на потоците, реките, езерата, морињата, нивите, планините, саксиите и она под ноктите. Промовирањето на Неговото Величество СМОГ Сивиот во врвно божество е во тек.



**Ванчо Полазаревски**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА РАСКАЗОТ

- Веруваме дека правилно ја разбра пораката на овој расказ. Кажи како ја разбра? Што ни порачува писателот преку него?
- Кога е напишан овој расказ?
- Наброј ги сите негативни појави што ги критикува писателот?
- Кој е виновен за сѐ што е уништено, загадено и неправилно изградено на нашава планета?

- **Потсети се** на расказот „Лоши зборови“ од истиот автор на стр. 16. Што забележуваш? Што е заедничко во двата раскази?

## ПРЕДВИДИ

- Што може да ѝ се случи на нашава планета ако и понатаму не водиме грижа за околината во која живееме и природата што не опкружува.

## ШТО МОЖАМ ЈАС

- Во ваква табела што ќе ја нацрташ во твојата тетратка, напиши ги размислувањата за твоите постапки со кои би можел да придонесеш за зачувување на чиста и здрава околина.

| МОЖАМ САМ ДА НАПРАВАМ | МОЖАМ ЗАЕДНО СО ДРУГИТЕ |
| --- | --- |
| | |

- Каква содржина очекуваш во бајка со наслов „Малата самовила“?
- Прочитај ја бајката по делови. Прво прочитај го првиот дел, застани и предвиди го текот на дејството.

# МАЛАТА САМОВИЛА



Си биле крал и кралица и имале син единец. Кога пораснал, сите луѓе од кралството го прославувале неговото полнолетство. Замоците блеснале од злато, сребро, скапоцени камења и илјадници свеќи. Вечерта заиграле оро најличните девојки и само во него гледале.

На полноќ гостите се разотишле. Месечината светела како ден. На принцот не му се спиело и отишол во липовата шумичка. Замислениот принц полека се шетал по меката тревичка. Кога излегол на ливадата здогледал мала самовила облечена во сјаен фустан извезен со злато. Долгата коса ѝ била спуштена на плеќите, а на главата ѝ блескала круна украсена со скапоцени камења. Била многу мала. Зачудениот принц застанал и се загледал во неа, а таа проговорила со ѕвонлив глас:

– Мој убав принцу! И јас бев повикана на твојата прослава, ама не дојдов да заиграм во орото бидејќи сум олку малечка. Затоа сега, на сјајнава месечина која за мене е сончев сјај, длабоко ти се поклонувам.

Таа многу му се допаднала на принцот. Воопшто не се исплашил од оваа ноќна појава, туку ѝ пришол и ја фатил за раката. Таа се измолкнала и исчезнала. Во рака му останала нејзината ракавица која едвај ја навлекол на малиот прст. Натажен се вратил во замокот и никому не кажал ништо.

**1. ПАУЗА**

| Што мислиш дека ќе се случи? | Со кои докази располагаш? |
|---|---|

Следната ноќ повторно отишол таму. Одел по белата месечина и ја барал малата самовила. Неа никаде ја немало. Нажален, ја извадил ракавичката од пазувите и ја бакнал. Пред него се појавила самовилата. Принцот се израдувал и срцето му заиграло. Долго се шетале по месечината и разговарале. Принцот се зачудил

кога забележал дека таа расте додека зборува со него. Кога се разделиле била двапати поголема, а ракавичката ѝ била претесна.

– Земи ја и чувај ја како аманет – рекла и исчезнала.

– Ќе ја носам на срцето – рекол принцот.

Секоја ноќ се состанувале на нивното место. Преку ден принцот бил тажен. Во мислите му се вгнездила малата самовила и сѐ повеќе се заљубувал во неа.

А таа секоја ноќ сѐ повеќе растела. На деветтата ноќ, осветлена со полна месечина, весело го дочекала и загукала:

**2. ПАУЗА**

| | | |
|---|---|---|
| **Што мислиш дека ќе се случи?** | **Со кои докази располагаш?** | **Што навистина се случило?** |



– Јас ќе доаѓам сѐ додека има месечина.

– А не, мила моја! Јас не можам да живеам без тебе. Ти мораш да бидеш моја кралица.

– Мил мој – рекла таа – ќе бидам твоја ако ме сакаш само мене.

– Засекогаш, засекогаш! – викал принцот без размислување – и само тебе, а другите нема ни да ги погледнам.

– Добро! Но запамети што ти велам: ќе бидам твоја само додека го држиш дадениот збор.

По три дена направиле свадба. Сите се восхитувале на убавината на самовилата. Живееле среќно седум години. Тогаш починал стариот крал. Наредени покрај сандакот, мртовецот го чувале најубавите жени од земјата. Меѓу нив била и една девојка со црвена коса и црни очи. Со очите постојано го следела принцот. Тој го забележал тоа. Кога поворката тргнала кон гробиштата, три пати погледнал во девојката држејќи ја својата жена за рака. Одеднаш жена му се сопнала на фустанот и за малку ќе паднела.

**3. ПАУЗА**

| | | |
|---|---|---|
| **Што мислиш дека ќе се случи?** | **Со кои докази располагаш?** | **Што навистина се случило?** |

– Ау, погледни фустанот ми е предолг! – викнала принцезата. Принцот не ни забележал дека таа се смалила. Кога го закопале кралот, убавицата поминала покрај него, а тој подгледнувал во неа. Не видел дека жена му е сѐ помала. Кога стасале под старата липа, таа потполно исчезнала.

Принцот се оженил со девојката. Со неа ни три дена не живеел среќно.

Постојано барала нешто. Кога не ѝ ја исполнувал желбата плачела, се карала со него, го навредувала. Кога му здодеало, ја избркал.

Дури сега видел што направил. Плачел и воздивнувал за малата самовила. Секоја ноќ седел под старата липа, ја викал и ја чекал својата самовила. Чекајќи остарел, а таа никогаш не се вратила.

**Словенечка народна бајка**

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Грешеше ли во предвидувањето на текот на случувањата? Зошто?
- Кога погоди што ќе се случи?
- Што ги попречуваше твоите предвидувања?

## СОЗДАЈ

- На следното прашање одговори така што ќе најдеш две тврдења кои одат во прилог на потврдниот одговор **ДА** и две тврдења кои одат во прилог на одречниот одговор **НЕ**:

  Дали малата самовила добро постапила што повеќе не се вратила?

- Нацтрај ваква табела во твојата тетратка и запиши ги твоите тврдења.

| ДА | НЕ |
|---|---|
| | |

- Дополни ја табелата со тврдењата на другарчето од твојата клупа.
- Групирајте се во групи по четворица, разменете ги одговорите, разговарајте и повторно прошири ја твојата табела. Вие сега расправавте.
- Биди во онаа група ( ДА или НЕ) за која си се определил.
- Во следните 7–8 минути во вашата група направете попис на сите докази за вашето определување. Расправај за своите тврдења.
- Кога ги слушна туѓите мислења, го смени ли своето? Објасни го одговорот.
- Откако ќе се определиш за групата која одговара на твоите ставови заедничките тврдења запишете ги во една поголема табела и расправајте (полемизирајте) со другата група. Потрудете се да ги одбраните своите убедувања.
- Илустрирајте ги вашите тврдења во форма на стрип и демонстрирајте го. Поразената група нека ѝ честита на победничката така што ќе ѝ го подари стрипот.

- Напиши што те радува во април?
- Прочитај му на другарчето.

# АПРИЛ

Април е млад коњаник што галопира низ зелени ливади.

Април е млада насмеана продавачка на цвеќиња.

Април е највеселиот пролетен свирач.

Јужниот ветар со влажна крпа ги брише дамките од синото лице на небото – насмевката Априлова да биде поширока.

Април е шарен пролетен автобус за кој не се потребни асфалтирани и поплочени патишта. Тој доаѓа од топлиот југ и донесува лисја и цвеќиња, птици и пчели.

Април е најголемиот лажго на светот (но само еден ден!)

– Погледни нагоре, лета слон! Не е измислица, не е ни сон!

А по тебе ѕвони ведра смеа: „Апри–ли–ли–ли!“

Во април цветовите слават победа.

Пред големата армија од јасмин, рози, синолички, момини солзи, јаглики... чекори највисоката топола со зелено знаме во рацете.

Април е пчелар и цвеќар, овчар и орач...

Април е најголемиот пријател на босоногото детство.

**Видое Подгорец**

## ВООЧИ, ПРЕПИШИ, ДОПОЛНИ

- Препиши ги во тетратката шесте реченици во кои писателот месецот април го прикажал како личност со разни професии и особини.
- Која ти остави најсилен впечаток? Објасни зошто.
- Пронајди ја реченицата во која писателот ги набројува априлските цвеќиња, но не успеал да ги наброи сите. Препиши ја и наместо трите точки допиши уште неколку видови цвеќиња што цветаат во април.
- И претпоследната реченица писателот ја завршил со правописниот знак три точки. Тоа значи дека мислата не е доврешена. Доврши ја така што ќе наброиш уште неколку занимања на месецот април.

## ОБЈАСНИ И ОПИШИ

- Зошто писателот го нарекува месецот април: пчелар, цвеќар, овчар и орач?
- Објасни ја последната мисла.
- Опиши ја сликата предадена со четвртата реченица.

## ОДБЕРИ ДРУГ НАСЛОВ

- Размисли каков друг наслов можеш да ѝ дадеш на оваа прекрасна литературна творба. Запиши го во тетратката.
- Одберете неколку најубави наслови

# ГОЛЕМА БУКВА ПРИ ПИШУВАЊЕ ИМИЊА НА ДРЖАВИ, НИВНИ ЖИТЕЛИ, НАРОДИ, ГРАДОВИ, СЕЛА, ОБЛАСТИ И НИВНИТЕ ЖИТЕЛИ

| **ДРЖАВИ, КОНТИНЕНТИ** | **ЖИТЕЛИ** на држави и континенти | **НАРОДИ** | **ГРАДОВИ** села, области | **ЖИТЕЛИ** на градови, села, области |
|---|---|---|---|---|
| Македонија | Македонци | Македонец<br>Македонка<br>Македонци | Охрид | охриѓанец<br>охриѓанка<br>охриѓани |
| Америка | Американци | Албанец<br>Албанка<br>Албанци | Кичево | кичевец<br>кичевка<br>кичевци |
| Европа | Европеец<br>Европејци | Французин<br>Французинка<br>Французи | Кочани | кочанец<br>кочанка<br>кочанци |
| Србија | Срби | Србин<br>Србинка<br>Срби | Дебар | дебранец<br>дебранка<br>дебрани |
| Азија | Азиец<br>Азијка<br>Азијци | Кинез<br>Кинеска<br>Кинези | Мариово<br>(област) | Мариовец<br>Мариовка<br>Мариовци |
| Африка | Африканец<br>Африканка | Бугарин<br>Бугарка<br>Бугари | Малешево<br>(област) | Малешевец<br>Малешевка<br>Малешевци |
| Чешка и Чехија | Чеси | Чех<br>Чехинка<br>Чеси | Лактиње<br>(село) | лактинец<br>лактинка<br>лактинци |

## ЗАПОМНИ

**Присвојните придавки изведени од овие именки се пишуваат со мала почетна буква.**

Најмногу купувам **македонски** производи. Сите **балкански** народи се наши пријатели. Највкусно е **битолското** млеко. Во **мариовските** села има малку луѓе. На европскиот континент живеат разни народи.



## ПРОДОЛЖИ

- Напиши во твојата тетратка повеќе реченици во кои ќе употребиш некои имиња на држави, континенти, народи, села, градови, жители на градови.

# ГОЛЕМА БУКВА ПРИ ПИШУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ ЧИЕ ИМЕ Е НАПИШАНО СО БРОЈ (ЦИФРА)

## Празници, празници!..

Ех, колку се радувам на празниците. Тогаш сме дома или одиме некаде заедно. За **1 Мај** бевме во посета на баба и дедо на село. Баба сѐ уште ја чува мојата честитка за **8 Март** на витрината и на сите ја покажува. Кај нив одиме и за другите државни празници: **2 Август, 8 Септември, 11 Октомври**. А баба и дедо задолжително ни доаѓаат за нашата домашна слава, **Свети Никола**. Понекогаш остануваат и за **Нова година**. А јас толку сакам да останат и за **Бадник** и **Божик**, а потоа да одиме заедно на село. Тогаш сум најсреќен.

### ЗАБЕЛЕЖИ

- Чии имиња се напишани со задебелени букви?
- Кој збор е со голема почетна буква во имињата на празниците напишани со цифра?
- Како поинаку може да се напишат тие празници? Напиши ги: Први мај, и останатите празници од горниот текст

### ЗАКЛУЧИ САМ

**Ако првиот дел од името на празникот е напишан со цифра, следниот збор започнува со голема буква.**
**1 Мај, 8 Март, 2 Август, 8 Септември, 11 Октомври, 23 Октомври.**

### ПОТСЕТИ СЕ

- Имињата на празниците се пишуваат со голема почетна буква: Велигден, Ѓурѓовден, Илинден, Прочка, Бајрам, Божик (Божиќ), Бадник, Василица итн.
- Ако името на празникот е составено од два збора, со голема буква се пишува само првиот збор: Нова година, Први мај, Осми септември, Единаесетти октомври. Но ако вториот збор е сопствена именка, тогаш двата збора се пишуваат со голема буква: Свети Никола, Голема Богородица, Мала Богородица, Свети Ѓорѓија, Света Петка...

### ПРИМЕНИ

- Напиши десет реченици во кои ќе ги употребиш имињата на десет празници. Пет нека бидат имиња на празници со цифри.

Напиши во тетратката кога ти било најтешко по некоја направена грешка. Прочитај му на другарчето.

# ГОЛГЕТЕР

Бане Ивановски од петто–4 има две презимиња: Бане Ивановски–Голгетерот! Да е некој грд прекар, сигурно би негодувал. Но, овој го доживува повеќе како спортска титула. Затоа што најдобро се снаоѓа пред голот на противничката екипа, секогаш кога игра фудбал. Непогрешливо постигнува голови од најразлични позиции, со нога и со глава.

Токму поради тоа, на вториот одмор му пријде соученикот Раде со предлог:

– Бане, дали би настапил за нашата училишна репрезентација? Пролетта подрани, па на полјанката меѓу новоградбите одржуваме турнир во мал фудбал. Ти би бил нашето тајно засилување!

– Може! – се согласи Бане. – За едно чоколадо со лешник на полувремето!

– Многу си вообразен, како да настапуваш за „Лацио“! – се смурти Раде. – Сериозно, доаѓаш или не?



– Доаѓам, она со чоколадото беше шега.

И навистина дојде. Игралиштето беше обична полјанка, но имаше голови со вистински стативи и пречка. Бане забележа:

– Уште да купите фудбалска мрежа зад голот, не ви е рамен стадион!

Само што почна натпреварот, Бане ги покажа своите голгетерски квалитети. Екипата во која гостуваше, по негова заслуга, набрзо поведе со три спрема нула. Раде е пресреќен, а Бане дрибла, центрира, бие кон противничкиот голман. Но кога силовито ја удри топката од еден слободен удар, таа полета високо, високо... и се слушна едно продолжително „цангррр“!

– Вашиот топчија го скрши прозорецот на вториот кат! – исплашено цивна едно од децата.

– Да, а сега молскавично ќе си одам! – снаодливо рече Бане. – Вас нека ве обвинат за штетата, што ми е грижа! Мене дури не ме ни познаваат, живеам во друга населба! Чао, клинци! Имате вие џепарлак да го платите прозорецот!

Раде беше непријатно изненаден. Остана со подзината уста. О, каков бил овој Бане?! Фудбалска ѕвезда, а избега како обичен плашливец!

Шепотот потече од едно до друго детско уво. Веќе утредента половина од петто–4 Бане Голгетерот гоословуваа со „Бане Плашливецот“! Тој два дена се колебаше што да стори, а две ноќи спиеше со неспокојни соништа. На третиот ден му рече на својот татко:

– Тато, сакам да разговараме како мажи! Ми треба џепарлакот за цела недела, наеднаш! Имам еден долг!

– О, мојот син веќе се задолжува! – се насмевна татко му, но му даде поголема сума пари. Со нив Бане отиде во населбата на Раде. Ја пронајде полјанката.

Гледаше нагоре и одреди каде беше скршениот прозорец. Се искачи и заѕвони. Срамежливо кажа кој е и што стори пред неколку дена. Сега се кае, се извинува – и дојден е да ја плати штетата!

Човекот што излезе пред врата, рече:

– Тоа е чесно, момченце! Но јас веќе го заменив прозорецот! Ти простив, ви простив...

Бане го остави ковертот со парите наземи и со трчање се спушти по скалите. Се чувствуваше лесно и полетно. Му падна товар од грбот.

Ах, тој ученички шепот колку е брз! Веќе утредента цело петто–4 пак му ја врати спортската титула: Бане Голгетерот!

**Велко Неделковски**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА РАСКАЗОТ

- Каде се случил главниот настан во овој расказ?
- Кој е главниот лик во него? По што е познат меѓу своите соученици?
- Како постапил Бане кога ненамерно го скршил прозорецот?
- Зошто не ја оправдуваш неговата постапка?
- Но како се чувствувал откако побегнал како кукавица?
- Како ја исправил својата грешка? Зошто сега те воодушеви Бане?

## ПРЕРАСКАЖИ ПО ПЛАНОТ

- Направи план на расказот, а потоа прераскажи го усно.

## НА ЧАСОТ ПО ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

- Направете едно големо пано на кое ќе ги внесете вашите имиња и секој нека си напише во кои слободни активности учествува во училиштето и надвор од него. Покрај името секој нека се нацрта себеси во онаа активност што ја сака најмногу. На пр.: како фудбалер, кошаркар, балерина, пејач/ка, каратист/ка, цртач...
- Истакнете го паното на видно место во училницата.

## ИЗРАЗИ СЕ ПИСМЕНО

- Ти си Бане. Раскажи што ти се случуваше наредните два дена откако побегна од настанот. Опиши ги твоите немирни ноќи поради нечистата совест и како го поднесуваше новиот прекар „Бане Плашливецот“. Поврзи ја твојата одлука да ја платиш штетата со оваа изрека: НАЈДОБАР ЛЕК ЗА СМИРУВАЊЕ Е ЧИСТАТА СОВЕСТ.

- Напиши што знаеш за загадувањето на нашата планета?
- Размени го мислењето со твоите другарчиња.
- Напиши што уште би сакал да дознаеш и поразговарај со другарчињата.
- Запишете ги вашите мислења во ваква табела:

| ЗНАМ | САКАМ ДА ЗНАМ |
|---|---|
| | |

- Прочитај го текстот„**22 Април - Ден на планетата Земја**“, но така што при читањето со знакот „+“ ќе ги одбележиш тврдењата кои ти се познати, со „?“ тврдењата за кои не си сигурен, а со „–“ она што ти открива некои нови и непознати факти.

## 22 АПРИЛ - ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

Што сè поминала планетата Земја од почетокот до денес во текот на нејзиното геолошко минато и во постанувањето на животот на неа, во голем дел сè уште е непознато. Навистина, науката се труди да го осознае тој пат на обликувањето на Земјата и постанокот на живиот свет на неа, но и покрај големиот труд на научниците голема темнина покрива добар дел од тој научен пат.



Кон крајот на 19 и во текот на 20 век Земјата поминува сосема подруго искуство во својот развоен пат. Неочекувани и неприродни промени ја зафатија не само површината на нашата Земја, туку и нејзината атмосфера и внатрешност. Брзиот развој на индустријата и сè поголемата потреба за енергија се причина за испуштање на поголеми количини на отровни смеси во атмосферата, и сè поголемото искористување на фосилното гориво од длабочината на Земјата.

Процесот на цивилизациският напредок просто ги „смете“ прашумите. Државите во кои сè уште се сочувани прашумите вообичаено се сиромашни држави. А сега пред тие сиромашни држави се поставува тешка задача – да ги зачуваат тие прашуми бидејќи тие се белите дробови на нашата планета. Тоа значи да се отка–

жат од материјалната корист која ја носи искористувањето на прашумите. Меѓутоа во тие односи се случуваат некои занимливи појави. Богатите држави настојуваат по ниски цени да ги откупат дрвата од посиромашните за да си ги зачуваат шумите во нивните држави кои немилосрдно речиси ги уништиле. Во исто време разни здруженија за заштита на природата кои се формирани од богатите држави, им нудат некаква помош на сиромашните држави да го зачуваат она што е кај нив оддамна уништено. Нешто слично се случува и во други области, на пример во заштитата на мочуриштата, моријата.

Каде е во сето тоа нашата татковина? По тврдењата на нашите стручњаци за нашите шуми на пример, може да се заклучи дека тие се природни и во некои делови слични на првобитните големи прашуми. Од друга страна постојано се слушаат критики од разни организации дека нашите шуми нерационално се искористуваат. А каде е всушност вистината, тешко е да се каже. Меѓутоа едно е сигурно, најголемите загадувања кои ги уништуваат нашите шуми доаѓаат од нашите соседни земји кои имаа поразвиена индустрија.

**Анте Пеливан**

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

| НАУЧИВ | |
|---|---|
| | |

- Сѐ она што си го означил со знакот „–“ напиши го во ваква табела:
  Спореди ја твојата табела со табелата на другарот до тебе.
- Разоварајте со наставникот за деловите кои сте ги означиле со „?“.
- Постави прашања на кои сакаш да добиеш одговор.

## ПОТРУДИ СЕ И ДОЗНАЈ

- Проследи на ТВ документарна емисија за загадувањето на планетата Земја. Вакви емисии најчесто има на програмите Discovery chanel, National geographic.
  Води белешки за тоа што си го гледал или сними ја емисијата за да ја гледата заедно на училиште.
- Доста податоци можете да најдете и во современите енциклопедии кои обилуваат со факти и фотографии. Најинтересните податоци фотокопирајте ги и зачувајте ги.

## СОЗДАВАЈ

- Направете ЕКО–плакат кој ќе ги поттикне и другите да размислуваат за Земјата. Не заборавете дека плакатот треба да биде интересен. Искористете ги податоците од документарните емисии и од енциклопедиите.
- Што би можел човекот да направи за спас на планетата Земја? Искажи го своето мислење во состав кој ќе го напишеш дома. Можеш да побараш мислење од возрасните и да спoредиш како размислуваат две генерации.

- Знаеш ли како си го добил своето име?
- Ти се случило ли да го процениш некого само по неговото име?
- Што мислиш, каков е некој кој се вика Пипи Долгиот Чорап?

# ПИПИ ДОЛГИОТ ЧОРАП

*Во запуштената куќа на крајот од градот се досели необично деветгодишно девојче по име Пипи Долгиот Чорап. Живееше без родители, со коњот и мајмунчето. Во соседната куќа живееја сестрата и братот Аника и Томи, „нормални“ и „убаво воспитани деца“. Аника и Томи беа кај својата баба, а кога се вратија се изненадија како изгледа нивната нова сосетка. Таа им раскажуваше за својот живот, посебно за татко ѝ, а такви необични приказни Аника и Томи никогаш не слушнале. Затоа сметаа дека Пипи Долгиот Чорап измислува и лаже. Како само ќе се изненадат кога ќе дознаат дека приказните на Пипи се вистински.*

* * *

Во тој миг се отвори вратата на „Пипиновец“ и оттаму истрча мало девојче. Тоа беше најчудното девојче кое Аника и Томи некогаш го беше виделе. Тоа беше Пипи Долгиот Чорап, која тргнала на својата утринска прошетка.

Еве, каква беше:

Нејзината коса имаше боја на морков и ѝ беше сплетена во две цврсти плетенки кои ѝ стоеја право отстрана. Носот ѝ личеше на компир и целиот беше ишаран со дамки од сонцето. Имаше широка уста со здрави, бели заби. И фустанот ѝ беше чуден. Пипи сама си го сошила. Беше модар, а овде–онде вметнала и парчиња од црвен текстил. На своите долги, тенки нозе навлекла долги чорапи и тоа едниот кафеав, а другиот црн. Имаше и црни чевли кои беа двапати подолги од нејзините стапала. Нив ѝ ги купил татко ѝ уште во Јужна Америка, и затоа ѝ беа големи, за да не ѝ се смалат кога ќе порасне. Пипи никогаш не сакаше да обуе други чевли. Но сепак, на Аника и Томи, најчудно им беше мајмунчето кое седеше на рамето на ова необично девојче. Мајмунчето беше од видот наречен морска мачка, облечено во модри панталони и жолто капутче, со сламено шеширче на главата.



Пипи се клатеше по улицата одејќи со едната нога по тротоарот, а со другата по коловозот. Томи и Аника гледаа во неа. За час, еве ја – се враќаше, ама овој пат одејќи наназад, за да не мора да се врти кога ќе се враќа дома. Кога стигна до Томи и Аника, застана. Децата се гледаа и молчеа. На крајот Томи прозборе:



– Зошто одеше наназад?

– Зошто одев наназад? – праша Пипи. – Па зарем ние не живееме во слободна земја? Зарем човек не може да оди онака како што сака? Да знаеш, во Египет сите луѓе одат така и никому тоа не му се чини чудно.

– А од каде знаеш? – продолжи Томи. – Да не си била во Египет?

– Секако дека сум била. Сум ја пропатувала целата Земјина топка и сум видела многу почудни работи. Што би рекол ако почнам да одам на раце како што одат луѓето во Индокина.

– Е, сега лажеш! – викна Томи.

Пипи се замисли за момент.

– Да, имаш право, лажам – рече тажно.

– Не е убаво да лажеш – рече Аника.

– Да, да, лажењето е многу грдо – рече Пипи уште потажно. – Ама знаеш, ми се случува тоа да го заборавам. Па што можеш да очекуваш од дете чија мајка е ангел, а татко крал на домородци кој цел живот пловел по морињата? Постојано да ја кажува вистината? Во Туракалама нема ниту еден кој ја зборува вистината. Таму лажат по цел ден. Затоа, ако понекогаш излажам, морате да ми простите, бидејќи предолго сум живеела таму. Па сепак, можеме да станеме пријатели, нели?

– Секако! – рече Томи и си помисли дека овој ден нема да биде еден од оние досадни денови.

– А зошто да не појадувате кај мене? – праша Пипи.

– Па зошто да не! – прифати Томи. – Ајде!

– Најпрво морам да ве запознаам со Нилсон – рече Пипи. Мајмунчето го симна шеширот и се поздрави како што треба.

Влегоа во градината на вилата „Пипиновец“ . Одеа по патеката покрај која се издигнуваа стари стебла обраснати со мов. На терасата стоеше коњ. – Зошто го чуваш коњот на терасата? – праша Томи.

– Ех, – размислуваше Пипи, – во кујната ми пречи, а во собата не ми се допаѓа.

Томи и Аника влегоа во куќата. Беше несуредено. Плашливо се вртеа околу себе. Но беше очигледно дека во куќата го нема таткото, а уште помалку мајката. Тогаш, малку исплашено, Аника праша:

– Стварно живееш сосема сама?

– Никако, со мене се Нилсон и коњот! – рече Пипи.

– Да, ама немаш ли мајка и татко?

– Немам! – отсечно одговори Пипи.

– Па кој ти кажува кога мораш да одиш на спиење?– праша Аника.

– Сама. Најпрвин тоа си го кажувам нормално, па потоа малку построго. А ако и тоа не помогне тогаш има и малку ќотек, јасно е, зар не?

На Томи и Аника не им беше баш јасно, ама им звучеше сосема добро.

**Астрид Линдгрен**
(Извадок од романот „Пипи Долгиот Чорап“)

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Ти се допаѓа ли Пипи Долгиот Чорап? Зошто?
- Прочитај како изгледа Пипи. Што е необично во нејзиниот изглед и однесување?
- Може ли навистина деветгодишно девојче да живее без родители?
- Во што би сакал да бидеш сличен на Пипи Долгиот Чорап?
- Што уште би сакал да знаеш за неа?
- Кои романи досега си ги прочитал?
- Што ти било најинтересно во нив?
- Со кои ликови си се сретнал во нив?

## СОЗДАВАЈ

- Опиши го твоето другаче на што пошеговит начин.
- Прочитајте го делот кога се сретнуваат Томи и Аника со Пипи. Обидете се таа средба да ја изведете во вашето одделение. Потрудете се да ги имитирате нивните изрази на лицата и начинот на говорење. Освен тоа морате да бидете и соодветно облечени за да ја доловите атмосферата на средбата.

## ПОНАТАМОШНИ АКТИВНОСТИ

- Позајми го од библиотека романот „Пипи Долгиот Чорап“ од Астрид Линдгрен. Прочитај го и запознај се со необичните авантури на Пипи, Томи и Аника. Веруваме дека многу ќе ти се допадне.
- За овој роман е снимен и игран филм. Потрудете се и побарајте го во видеотека. Можете заеднички да го гледате на училиште и да ги доживеете авантурите на Пипи.

## РАЗМИСЛИ - НАПИШИ

- Направи сонце од најубавите зборови.
- Нацртај во тетратката ваков круг и обој го со сина боја. Во секое крукче напиши ги зборовите на кои ќе се сетиш, а со кои се споредуваат децата.




# БЕЗ ДЕЦАТА

Без децата животот е тажен,
Како денот есенски влажен.
Децата се птици што ни пеат,
Како сонце со љубов нè греат
Сите деца на светот се исти,
Поточиња жуборливи, чисти.
Разиграни, ко ѕвездички сјајни,
Распеани, со најнежни тајни.
Децата се ко снегулки снежни,
Пеперутки разлетани, нежни.
Децата се украс на природата,
Децата се светли ко слободата.
Децата се полични од цветот,
Со децата поубав е светот.
Децата се светли лампиони,
Во добрина светски шампиони.
Децата се спортисти и творци
Најголеми во светот миротворци.

**Ненад Џамбазов**



## РАЗГОВАРАМЕ ЗА ЛИРСКАТА ПЕСНА

- Што побуди кај тебе оваа прекрасна песна?
- Што ги предизвика тие чувства кај тебе?
- Со што поетот ги споредува децата? Одбери и прочитај две споредби.
- Спореди ги споредбите од твоето сонце. Кои од нив ги сретна во песната?
- Зошто децата се светски шампиони во добрината и најголеми миротворци?
- Дополни ја песната со уште два стиха што ќе ги измислиш.
- Научи напамет десетина стихови кои сам ќе си ги одбереш. Рецитирај ги пред твоите блиски и пред твоите другарчиња.

- Објасни ја изреката: **Секој е ковач на својата среќа.**
- Што ти е потребно за да бидеш среќен?

# КОШУЛАТА НА СРЕЌНИОТ ЧОВЕК

Кралот имал син и го сакал како очите. А принцот бил постојано незадоволен. Цели денови поминувал на балконот гледајќи во далечината.

– Што ти недостасува? – го прашал кралот. – Што ти е?

– Не знам, татко, ни самиот не знам.

– Да не си заљубен? Ако сакаш некоја девојка, само кажи, и јас ќе ти ја дадам за жена, па чија сака нека е.

– Не, татко, не сум заљубен.

Кралот се обидел да го развесели: театри, балови, музика, ама ништо, и од принцовото лице секој ден малку по малку се губела розовата боја.

Кралот разгласил и од сите страни на светот дошле најучени луѓе за да му помогнат.Тие го виделе принцот, размислиле и рекле:

– Височество, еве што треба да направите: побарајте човек кој е среќен во сè и за сè и сменете ја кошулата на вашиот син со неговата.

Уште истиот ден кралот испратил свои поданици низ светот да го најдат среќниот човек. Му довеле некој свештеник.

– Дали си среќен? – го прашал кралот. – Сум, ваше височество!

– А сакаш ли да станеш мој владика? – Ах, камо среќа, височество!

– Заминувај! Губи се оттука! Барам среќен човек и задоволен со својата судбина, а не некој кој сака да живее овде.

Во соседството живеел некој друг крал за кој му рекле дека е баш среќен и задоволен: имал убава и добра жена, деца, земјата му живеела во мир. Полн со надеж, кралот пратил гласници да му ја побараат кошулата.

Соседот ги примил, и: – Да, да ништо не ми фали, ама зло е некој кој има толку добра да мора да умре и сè да остави. Тоа ме плаши и не можам да спијам! – и ... гласниците се вратиле.



За да се смири, кралот отишол на лов. Погодил зајак. Кралот потрчал по него. Сред полето слушнал глас на човек кој пеел некоја народна песна. Кралот си помислил: „Тој што вака пее, мора да е среќен“ па следејќи ја песната навлегол во едно лозје и видел момче како пеејќи работи.

– Добар ден, височество – поздравило тоа – Што вака рано в поле?

– Мислам дека си среќен. Сакаш ли да дојдеш со мене на дворот? Ќе ми бидеш пријател.

– Ха,ха, височество, благодарам, но не ми паѓа на ум.

– Ама зошто, така убаво момче...

– Не, не ви велам. Вака ми е добро, среќен сум и точка.

„Најпосле, еден среќен човек“ си помислил кралот.

– Момче, слушај, мораш да ми направиш услуга. – Ако можам, од сè срце височество.

– Благословено момче, ќе ти дадам сè што сакаш, само дај ми, дај ми...

– Што височество?

– Мојот син ќе умре. Само ти можеш да го спасиш. Дојди ваму, почекај! – го зграбил и почнал да му го соблекува палтото. Одеднаш застанал обесхрабрен. Среќниот човек немал кошула.

**Итало Калвино**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА ПРИКАЗНАТА

- Што правел по цели денови незадоволниот принц? Што му советувале советниците на кралот? Кого кралот го прашал дали е среќен? Што му одговориле? Како момчето го покажувало своето задоволство? Прочитај.
- Замисли ја приказната понатаму. Станал ли задоволен човек незадоволниот принц?

## ДОНЕСИ СВОЈ ЗАКЛУЧОК

- Принцот имал сè, но не бил среќен. Зошто не бил среќен?
- Момчето од лозјето немало ни кошула, а било многу среќно. Зошто?
- Обиди се да ја определиш пораката на приказната. Избери еден од понудените одговори и објасни го:
  – богатиот човек е задоволен човек;
  – задоволниот човек е богат човек.

## ПОДГОТВИ СЕ ЗА ДИСКУСИЈА

- Во табела запиши по неколку причини во колоната ДА и во колоната НЕ.

| ДА | | НЕ |
|---|---|---|
| ______________ | Човек може да | __________________ |
| ______________ | биде среќен иако | __________________ |
| ______________ | не е богат | __________________ |

- Објаснете ги вашите причини и сослушајте ги другите. Одлучи се: може или не може човек да биде среќен. Наредете се така што тие кои се за ДА ќе застанат лево, а тие за НЕ – десно.
- Секоја група да направи избор на најсилните докази за да ги одбрани своите мислења (ставови). По групната дискусија следи одбрана со расправа (полемика) во која ќе изнесете повеќе мислења ЗА или ПРОТИВ.

## ДЕСЕТМИНУТЕН СОСТАВ

- За десет минути состави состав во вид на одговор на прашањата: Што е среќа? Како можеш да провериш нечија среќа? Мислиш ли дека си среќен? Зошто?

## РАЗМИСЛИ - РАЗМЕНИ ГО МИСЛЕЊЕТО

- Сети се на твојата последна кавга и одговори на прашањата: Зошто дошло до неа? Кој учествувал во кавгата? Каков бил резултатот од неа? Што било смешно или поучно во таа кавга? Размени го мислењето со парот до тебе.

# ЈАЗОВЕЦОТ И ЗАЈАКОТ

Оделе јазовецот и зајакот низ шумата и здогледале парче месо.

– Јас го најдов! – викнал јазовецот.

– Не, туку јас! – извикал зајакот.

– Јас прв го видов! – се разлутил јазовецот.

– Не, јас прв го видов! – тврдел зајакот. Долго така се расправале, никако не можеле да се разберат, па јазовецот на крајот рекол:

– Да одиме кај лисицата па таа нека пресуди. – Кога лисицата ги сослушала јазовецот и зајакот, рекла:

– Тоа парче месо треба да се подели на два еднакви дела: едниот дел треба да го земе јазовецот, а другиот зајакот.

И лисицата го поделила парчето на два дела.

– Делот на зајакот е поголем! – приметил јазовецот.

– Еве, ќе го израмнам – рекла лисицата и гризнала од зајаковиот дел.

– Сега јазовецот има поголем дел! – извикал зајакот.

– Еве, и неговиот дел малку ќе го намалам.



И лисицата гризнала и од другото парче. Тогаш се покажало дека зајаковиот дел е поголем, па лисицата морала да одгризе и од него. Така таа ги рамнела парчињата месо сè додека не ги изела.

Навистина, лакомите и инаетчиите секогаш се во загуба.

**Народна басна**



## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Зошто се карале Јазовецот и Зајакот?
- Дали Лисицата била добар преговарач и судија? Најди причини и за потврден одговор ДА и за одречен одговор НЕ.
- Објасни ја поуката: „Лакомите и инаетчиите секогаш се во загуба.“
- Прочитајте ја басната по улоги.
- Замисли си друг крај на басната, така што тие ќе го решат спорот без Лисицата. Наведи повеќе можности за такво решение и спореди ја твојата работа со работата на твојот пар.

## УБАВО Е ВО МАЈ



Убаво е ветрец да те гали
убаво е да шеташ
низ цветни сали,
да дишеш длабоко
со раширени гради
да ги гледаш
на дрвјата зелените бради.
Убаво е да се внесеш
во сказната на забрзаната река.
Убаво е да го поздравиш
утрото со насмевка пресна
да напишеш песна за некоја Весна.
И што е битно, и што е битно
убаво е на главата
да ставиш венче китно.

**Петко Домазетовски**

### ШТО Е УБАВО ВО МАЈ?

- Што те восхити и те развесели во песната? Колку пролетни слики си замислуваш? Која ти е најубава? Објасни ја со свои зборови. Замисли се ти со цветно венче на главата. Од кои мајски цвеќиња е сплетено?



### ОБЈАСНИ

- Кои се цветните сали низ кои сакаме сите да шетаме?
- За какви бради на дрвјата пее поетот?
- Каква сказна раскажува забрзаната река?
- Зошто ветрот за поетот е „ветрец“? Напиши ги и другите зборови кои означуваат нешто мало и мило од истата именка. А како ќе го наречеш ветрот кога е силен, студен, страшен?

### ЗАДАЧА

- Обиди се да напишеш и ти песничка за пролетта.

## ПОТСЕТИ СЕ

- На 4 мај 1903 год. во селото Баница загина Гоце Делчев.
- Кој е тој  и какво значење има во македонската историја?

# ГОРО ЛЕ ГОРО



Горо ле горо, стрејо ајдучка,
горо ле, сестро комитска,
зошто ле горо, така зашуме,
ју таја доба никоја?
Дал’ ми те, јунак, горо, намина
со стара верна дружина
ил’ ми те некој прок’лна
за вековнички времиња?

– Ниту ме некој прок’лна
за вековнички времиња,
ниту ми јунак намина
со стара верна дружина,
туку ме куршум прониза,
туку ми Делчев загина...
И затој така зашумев
ју таја доба никоја.

**Македонска народна песна**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА ПЕСНАТА



- Зошто оваа песна е наречена народна?
- Кој ги измислувал народните песни во минатото?
- Чија смрт ја оплакува народот во оваа песна?
- Како горака ја изразува тагата по големиот македонски јунак?
- Колкава е болката на гората за загубата на Гоце Делчев?
- Со што ја споредува болката за неговата смрт?
- Чија болка е предадена преку болката на гората? Кој вистински тагувал за големиот јунак?

## ПОВРЗИ

- Кои други народни песни си ги учел или си ги читал за Гоце Делчев?
- А кои авторски дела напишани за него (раскази, романи) си ги прочитал?
- Пронајди и во твојов учебник текст инспириран од светлиот лик на Гоце Делчев.

## НАРОДЕН - СТАНДАРДЕН ЈАЗИК

- Во песнава ќе сретнеш повеќе форми на зборовите од народниот јазик.
- Препиши ги во тетратката, а до нив напиши ја нивната правилна форма.
  Следи ги примериве:
- стрејо – стрео;
- ју – во

## ПРОДОЛЖИ НА ЧАСОТ ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

- Нацртај како ја замислуваш борбата со турскиот аскер во која смртно ранет паѓа големиот македонски син Гоце Делчев.
- Направете изложба од вашите најдобри цртежи.



- Кое е твоето омилено јадење?
- Што мислиш за брзата храна (fast food)?
- Кога би можел да бираш меѓу хамбургер и пица и полнети пиперки и боранија, што би избрал?
- Се случува ли да те тераат да јадеш со сила? Раскажи ни: кога се случило, кој те терал, што требало да јадеш, зошто не си сакал да јадеш?

# СИТЕ МАЈКИ СЕ ТАКВИ



Денеска Милко е нерасположен – ќе заплаче. Да го боцнеш – ќе засолзи.

Ех, Милко, Милко! Ех, дете – шеремете! Пак ли нешто лошо ти се случило, пак ли нешто те изнервирало, те наоблачило, желбите од срце ти ги пропадило?! Така си мислам и само го гледам.

Ме гледа и тој. Ме гледа и – оп! Ја отвора устата, ја раширува ко ученичка чанта и се огласува:

– Дедо, јас повеќе не сакам да јадам! Не сакам, навистина!

– Не јади ако не сакаш! Јадењето е тешка и многу здодевна работа... Од џвакање може устата да ти се премори, јазикот да ти се истенчи, забите да ти се истапат...

– Може, дедо, може... Сè може да ми се случи! Особено...

– Особено ако задремеш додека јадеш, додека џвакаш!

– Но, дедо, зошто мама вели дека дете што не јаде не може ни да порасне?!

– Тоа што таа го вели е точно, но важи само за децата што сакаат да пораснат. А за деца...



– Но, дедо, јас сакам да пораснам, сакам, навистина!

– Е, ако сакаш, тогаш треба нешто и да јадеш. Зашто, како што знаеш, од воздух не се живее, не се расте!

– Ама, дедо, како да јадам кога не ми се јаде, кога уста не ми се отвора!

– Не си гладен, затоа.

– Не сум, навистина! Но што дека кога мама тоа не го сфаќа... Кога постојано сè само ми дава нешто да јадам, да пијам... Како да сум некој џин, а не дете со мало усте и стомаче...

– Не очајувај! Сите мајки се такви, сите сакаат децата што побргу да им пораснат за да станат вредни и способни, за да можат самите да се грижат за себе...

**Стојан Тарапуза**

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Зошто Милко бил нерасположен?
- Што можело да му се случи од тешкото џвакање?
- Кое дете расне?
- Што не сфаќала мајка му на Милко?
- Што сакала таа?

## ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

**шеремете** – итро, ѓаволесто;
**пропадило** – избркало.

## ПОТРУДИ СЕ

- Прочитај го раскэзот и подели го на раскажувачки целини. Во тетратката состави план со тема, главни мисли, порака.
- Прочитајте ги целините, одберете најубави главни мисли и запишете заеднички план на таблата.

## ВЕЖБАЈ ДРАМСКО ЧИТАЊЕ

- Поделете се по улоги и вежбајте драмско читање. За секое читање изберете по тројца читачи: за говорот  на писателот и за говорот на ликовите (дедото и Милко).
- Најдобрата група наградете ја со ракоплескање.

## НАСОКИ ЗА ДОМАШНА РАБОТА

- Размисли и дај свое мислење за следниве прашања:
    1. За да се биде здрав и правилно да функционира организмот потребно е да се јаде разновидна храна. Што значи тоа?
    2. Колку оброци дневно му се потребни на вашиот организам за правилен развој?
    3. Колку се важни овошјето и зеленчукот во исхраната? Јадеш ли ти редовно овошје и зеленчук? Кое овошје и зеленчук најчесто го јадеш? Наброј ги!
    4. Што подразбираш под здрава храна?

Одговорите на прашањава, напиши ги во тетратката за домашна работа.

## ОТКРИЈ ЈА ДОМАШНАТА ЛИСТА НА ЈАДЕЊА

- Наброј кои сè јадења се готват во вашата домашна кујна. Кој е главниот готвач? Од што се состои твојата помош во кујната?

# ГОТВАЧОТ МЕТОДИЈА

Кај соседот Методија
сè мириса на миродија!

Тој е готвач чесно што служи,
по цел ден околу рерната кружи!

Кромиди сечка, компири пржи,
колку готвачки рекорди држи!

Пред оваа бела готвачка става
и шпоретите веднат глава.

За нашиот готвач има моркови,
пилиња, пиперки, салати,
а за сите гости од ред
супи, чорби, пире од домати!

Па дури и гулаши разни
сè, само не чинии празни!

**Васил Мукаетов**



## РАЗМИСЛИ И ОБЈАСНИ

- Зошто шпоретите веднат глава пред готвачот Методија? Каков готвач е тој?
- Во каква боја е готварската работна облека? Што мислиш, зошто облеката е во таква боја?
- Објасни ги стиховите од петтата строфа.
- Кои се твоите омилени јадења?
- Зошто треба да јадеш редовно свежи салати и овошје?
- Пронајди ги римуваните зборови во песната.

## ПОКАЖИ

Што знаеш да си подготвиш сам? Повикај го твоето другарче на гости и изненади го со твојот специјалитет.

- Разменете си по една рецепта со другарчето од клупата.
- Како ќе научиш да готвиш?




## ПРИДРУЖИ СЕ

- Договорете се со твојот учител да организирате продажна изложба во вашето училиште. Со помош на твојата мајка, татко или баба подготви ги твоите омилени колачиња, палачинки, крофни, салати или слично. Со собраните средства посетете театарска претстава, циркус, базен, кино, музеј или организирајте саботна училишна забава со лотарија. Можеш и ти да предложиш како најрационално да ги искористите тие средства.

## ИЗРАЗИ СЕ ПИСМЕНО

- Напиши состав со наслов: „Нашиот неделен ручек“. Ако сакаш можеш на составот да му дадеш и друг наслов.
- Опиши како изгледа подготовката на неделниот ручек кога сте сите заедно.
- Придржувај се на следниов план:
  - кој учествува и со што во подготовката;
  - кои се вашите омилени неделни јадења;
  - кој и како ја сервира масата;
  - атмосферата на ручекот;
  - раскревањето на масата и миењето на садовите после ручекот.
- Не заборавај да го истакнеш твоето учество во подготовката на ручекот.
- Прочитај како твојата другарка Нуки го опишала неделниот ручек со нејзиното семејство. Како таа помага? Што ја радува најмногу?

### НАШИОТ НЕДЕЛЕН РУЧЕК

*Неделно претпладне. Сите сме дома. Мама е главната во кујната. Тато неколкупати оди на пазар и во продавница. Треба да донесе сè што е потребно за неделниот ручек. Мама вели дека треба сè да е свежо и здраво. Додека мама го подготвува ручекот, јас ја местам масата. Го постилам белиот чаршаф, а врз него ги ставам моите омилени розови чаши, чиниите со розеви цветови и убавиот прибор. Масата заличува на цветна алеа. Стигнуваат и прекрасните јадења: салата од рендан морков и црвена зелка, пилешка супа со најубави кнедли што ги прави мама. Еве го и спанаќот - сочен и зелен мами со топлиот мирис. Сè е убаво на неа, но најубаво е тоа што сме заедно, се шегуваме, се смееме. Среќни сме зашто сме заедно. Најсреќна сум јас.*
*Ете зошто толку многу ги сакам неделите.*

**Нуки Осман, ученичка од V-5 одделение**
**ОУ „Христо Узунов“ - Охрид**

## БИДИ ИСКРЕН

- Си му помислил ли некому нешто лошо? А си му направил ли?
- За каков се сметаш: за добар или лош? Зошто?
- Што мислат другарчињата за тебе: добар си или злобен?

# ВОЛКОТ И ВЕРВЕРИЧКАТА



Скокајќи од гранка на гранка, Верверичката паднала токму пред заспаниот Волк. Тој рипнал и посакал да ја лапне. Таа почнала да го моли:

– Волку, те молам, пушти ме!

Волкот ѝ рекол:

– Добро, ќе те пуштам, само кажи ми зошто вие Верверичките сте толку весели? Мене секогаш ми е здодевно, а вие горе на гранките си скокате и везден си играте.

Верверичката му рекла:

– Пушти ме да се качам на дрвото и оттаму ќе ти кажам.

Волкот ја пуштил, а таа се качила на гранките од дрвото и му рекла:

– Тебе ти е здодевно Волку, зашто си лош и злобен. Лоштотилакот ти го исполнил срцето, а ние сме весели, зашто сме добри и никому зло ниту му мислиме ниту му правиме.



**Езоп**

## ДА РАЗГОВАРАМЕ

- Кои ликови ги сретна во басната?
- Каков е Волкот? А Верверичката? Кои луѓе се опишани преку нив?
- Има ли баснава поука? Која е поуката?
- Прераскажи ја басната поопширно. Можеш да додадеш и нови ликови и да смислиш нови дијалози.

## ТВОРИ

- Објасни ја поговорката **Глупавоста и злобата растат на исто дрво**.
- Обиди се сам да напишеш басна во која поука ќе биде горната поговорка.
- Прочитај им ја твојата басна на другарчињата и замоли ги да ти дадат критика за неа. Критиката прими ја добронамерно!

# СКРАТЕНИЦИ

Јас учам во **ОУ** „Александар Урдаревски“ во **с.** Сандево, Скопско. Имам 11 **год.** Секој–дневно пешачам по 3 **км** за да стигнам до моето училиште. Моите родители се занимаваат со одгледување на градинарски култури. Секоја година тие про–изведуваат по 500 **кг** пиперки за ајвар. Оваа година мајка ми подготви 40 **кг** ајвар и 120 **л** сокови од овошките во нашата градина.

**САМ ЗАКЛУЧИ**

- **Зошто ги викаме скратеници зборовите обележени со црвена боја?**
- **Што се постигнува со нивната употреба?**

**ПРЕПИШИ, ДОПОЛНИ, ЗАПОМНИ И ПРИМЕНУВАЈ**

1. **Скратениците за мерките секогаш се пишуваат без точка:**
   г – грам; дм – десиметар; хл – хектолитар; мм – милиметар.

2. **Скратеници кои се пишуваат со точка:**
   г. – господин; гр. – град; т.е. – то ест; итн. – и така натаму; бр. – број; и др. – и друго; стр. – страница; на пр. – на пример; проф. – професор.

3. **Скратеници кои се пишуваат со цртичка:**
   д–р – доктор; м–р – магистер; г–ѓа – госпоѓа; г–ца – госпоѓица.

4. **Скратеници кои се пишуваат со големи букви без точка:**
   АРМ – Армија на Република Македонија; МТВ – _______.
   САД – Соединети Американски Држави; ИК – Извршен комитет;
   АСНОМ – ________.



**ПРОЧИТАЈ И НАПИШИ ВО ТЕТРАТКАТА**

| | | |
|---|---|---|
| с. – село | л – _________ | ОУ – ___________________________ |
| год. – _________ | км – _____________ | РМ – __________________________ |
| ден. – _________ | м – __________ | МАНУ – _________________________ |
| ул. – _________ | кг – _____________ | ПТТ – __________________________ |

## НАБЉУДУВАЈ ВО ПАРАЛЕЛКАТА И ПОВРЗИ

- Кога се вцрвуваат ушите? Си забележал ли кај некои од твоите другарчиња вцрвенети уши? Од што се вцрвиле?
- Кога ти се вцрвуваат ушите?
- Разменете си ги мислењата со другарчето.

# ЦРВЕНИ УШИ

Владе и Наде се враќаат од училиште. Владе, како секогаш, ѕвони на сите ѕвончиња по катовите. Сè додека не дојде до својот стан. Тој тоа го прави мошне вешто. Никој досега не го фатил. Зашто, штом ќе заѕвони, веднаш трча угоре. Кога вратите ќе се отворат, тој е веќе на погорниот кат. И Наде мора да трча заедно со него.

Не е убаво тоа што го правиш! – го укорува таа. – Како би ти било со тебе некој така да се поигрува?!...

Наде е во право, зашто можеби некој од нив е принуден и од постела да стане, среде јадење или работа, а пред врата да не најде никого. Затоа лутината им е сосема оправдана.



И денес Владе ѕвони на сите станови од првиот кат. И токму кога се стрчна за нагоре, чичко Милан го фати за уши.

– Ти ли си тоа, гулапче? Така значи, а? Секој ден вака си се забавуваш, нели? Половина час те чекам пред вратата, никаквецу ниеден! – и чичко Милан сѐ повеќе и посилно го влече ту за едното, ту за другото уво. – Обиди се уште еднаш, па дури тогаш убаво ќе ти покажам!

Владе в земја да пропадне. Не може уста да отвори. Со наведната глава, посрамен, влезе во својот стан.

– Што станало тоа со твоите уши, сине? – извика мајка му. – Надвор бездруго е мошне студено штом ушите ти се толку црвени. Тешко мене, не ти ја дадов волнената капа што ти ги покрива...

Владе ништо не зборува. Образите му се вцрвија како ушите. Со молба гледа во Наде. Но таа не го предаде.

Само ја сврте главата, за да не види мајка ѝ како се смее.

**Нада Зекманова - Јакимова**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА РАСКАЗОТ

- Што очекуваше да се случи?
- Зошто ја оправдуваш постапката на чичко Милан?
- Како ќе постапеше твојот татко да беше на местото на чичко Милан?
- А ти, како ќе постапиш?
- Какво мислење имаш за Наде? Мислиш ли дека Наде требаше да ѝ каже на нивната мајка зошто му се црвени ушите на Владе? Зошто така мислиш?
- Што научи од овој расказ?

## ОРГАНИЗИРАЈТЕ РАСПРАВА

- Поделете се во две групи. Едната група нека ја напаѓа Наде затоа што не ѝ кажала на мајка им за однесувањето на Владе, а другата нека ја брани.

## ОДБЕРИ СИ ЗАДАЧА

- Направи план на расказот со три наслови и прераскажи го во твојата тетратка.
- Ти биди Владе и раскажи што ти се случи. Како се почувствува кога чичко Милан ти ги истегна ушите? Се покаја ли за грешката? Најди начин да му се извиниш на чичко Милан.
- Ти биди Наде и раскажи што му се случи тој ден на твојот брат Владе. Одлучи дали ќе ја запознаеш вашата мајка со непристојното однесување на твојот брат.

- Каде си видел галеб?
- Нацртај галеб во твојата тетратка!
- Со која боја ќе го обоиш?
- Покажи му го цртежот на другарчето.

# ПРИКАЗНА ЗА ГАЛЕБОТ АРЧИБАЛД

Галебот Арчибалд, драги мои, како што се вели, го загубил компасот и наместо да лета над водите на големото море, стигнал во Преспа. Свртел едно крукче над езеро, ја измерил Брајчинска Река, го ѕирнал Отешево, свртел кај Стење и... местото му се видело убаво – поубаво здравје. Да, да, драги мои, решил да остане.



Требало да види што има и во езерото. И видел!.. Пробал десетина нивички белвици, не биле како морските риби, ама биле риби...

На третиот ден го посетил и островот. Се запознал со пеликаните и... Било така, не дека не било, ама кога ги запознал рибарите и кога видел колку го почитуваат, решил да остане и да живее во Преспа.

По некоја недела немало човек што не го знаел Арчибалд. Можел да влезе во секоја куќа. Во Наколец појадувал белвици, во Езерани ручал крап, а во Коњско вечерал, мешано – мренки со клен.

Ама, драги мои, како и кај луѓето, така и кај него се појавила желба да си има другарка, да има со кого да живее, да дели и арно и лошо.

Почнал да ја покажува тагата, да... И не само тој што бил тажен, тажни биле и рибарите и децата и бабите... Сите се прашувале каде да му најдат другарка. Пишувале писма, држеле состаноци, расправале надолго и нашироко...

Состаноци држеле и ластовичките кои секое утро го надлетувале езерото за да си ги измијат лицата и да каснат по некоја мушичка. Море, работата стигнала до–

таму, та и трите чапји што живееле во Наколечко Блато состанчеле и во саботи и во недели.

Се случило така, три ластовички летнале и тргнале на Арчибалд да му најдат другарка. Тргнале... На десеттиот ден, драги мои, од кај Мало Езеро нешто како да забелеало. Еј, дури и езерото се радувало на доаѓањето на новиот жител на Преспа. Трчале бранчињата, се радувале кормораните и пеликаните... Таков пречек Преспа не видела. Арчибалд од среќа плачел.

Тоа лето, драги мои, на островот Голем Град гостинката си направила гнездо, пробала од нивичките белвици и го прибрала Арчибалд.

Ако одите во Преспа ова лето, ќе видите многу галеби. Само колку да знаете, сите тие се едно семејство. На некои Арчибалд им е татко, на други дедо, а велат има и десетина правнуци.

Навистина, не ве лажам!

**Владо Димовски**

## РАЗГОВАРАМЕ ЗА ПРИКАЗНАТА

- Што ти се допадна најмногу во оваа приказна?
- Што е вистинито во неа?
- А во што не веруваш?
- Си летувал ли некогаш на Преспанско Езеро или на друго наше езеро?
- Опиши ги галебите како вешто ловат риби летајќи над водата?
- Писателот кажува дека галебот Арчибалд залутал од некое море. За кои морињa ти си слушнал или си ги видел?

## ПРОНАЈДИ

- Пронајди ги во приказната сите именки што означуваат имиња на географски поими и напиши ги во тетратката.

## ИЗРАЗИ СЕ

- Договорете се со твоето другарче кој што да направи. Едниот од вас нека му ја прераскаже приказнава на другиот и притоа нека замисли дека е очевидец на сè што се случувало на Преспанското Езеро.
- Другиот, откако ќе ја чуе, нека ја прераскаже приказнава.

- Уште колку дена има до крајот на учебната година? Сакаш ли да заврши?
- Што чувствуваш на последниот училиштен ден? А на последниот час?
- На таблата направете ваква табела и во неа запишете го вашето мислење **ЗА** или **ПРОТИВ** крајот на учебната година.

| ЗА | ПРОТИВ |
|---|---|
| | |

## ПОСЛЕДЕН ЧАС



Ги собра старата самовила на последен час во училиштето сите самовилчиња од шумата. Тие, се разбира, не седеа мирно како порано, зашто едвај чекаа да заврши часот и учебната година и да се разлетаат надвор во шумата, па да ги започнат летните лудории. Таа им рече:

– Деца, бидете мирни! Денес за последен пат ќе проверам што сте научиле и да ви ги дадам свидетелствата. А потоа ќе се видиме дури наесен. Се согласувате, нели?

– Се согласуваме! – викнаа самовилчињата едногласно.

– Добро – рече учителката. – Кој ќе ми каже кои дрвја и грмушки први расцутуваат напролет во шумата?

Сите самовилчиња кренаа рака и викаа: – Јас учителке, јас учителке!

Првото ученичe што го крена рече:

– Во шумата најпрво расцутува дренот со ситни убави жолти цветчиња.

– Веднаш по него расцутува и глогот со бели цветчиња како снежинки на боцкавите гранчиња – рече друго самовилче.

А потоа сите, нестрпливи да кажат, почнаа да се надвикуваат:

– Расцутува и багремот и мириса чудесно! Расцутува и дивиот трендафил со убави розови цветови. Пуштаат пискулчиња дабовите што подоцна ќе станат желади, а елките и боровите се закитуваат со зелени врвчиња што подоцна ќе станат шишарки.

– Браво, – рече учителката – но зборувајте едно по едно. Навистина убаво сте научиле. А сега следува едно потешко прашање: Кои полски цвеќиња цутат по боровите?

Сите во хор одговорија:

– Под боровите не цутат никакви полски цвеќиња и не расте трева, зашто боровите ронат боцки и шишарки! Полските цвеќиња цутат по ливадите, и тоа лилава мајкина душичка, жолт кантарион, бели маргаритки, сини планински ѕвончиња!



– Е навистина сте умни и убаво сте научиле – рече таа задоволно. – А сега следното прашање: Какви бои имаат пеперугите над ливадите?

– Има бели, жолти, сини, кафеави – одговорија самовилчињата.

– И шарени, учителке! – се извика едно самовилче.

– Шареното не е боја. Размисли малку со главичката! Шареното е составено од повеќе бои – одговори учителката.

Другите самовилчиња се смееја, а тоа што згреши срамежливо наведна глава.

– Добро, добро, секој може малку да згреши. А сега најтешкото прашање: Кажете ми кои бубачки кажуваат дека е веќе лето во полето?

– Штурците, учителке! Тие по цела ноќ свират и пеат за летото, а дење спијат. А жежепечињата по цел ден црцорат – жеже–пече, жеже–пече, зашто е многу жешко.

– Јас навистина се гордеам со вас бидејќе сѐ сте научиле. Затоа сите ќе минете со одличен успех.

– Ураа, ураа! – се развикаа малите и стана еден таков урнебес што од нивните викотници за малку ќе паднеше таванот.

– Мир, мир! – свика строго учителката. – Ајде сега убаво да се поздравиме и да се разделиме.

Сите по ред дојдоа кај неа, ја гушкаа, а таа им ги подаваше нивните свидетелства.

– Ќе се видиме пак наесен, мили мои, кога ќе почне новата учебна година – рече учителката возбудено.

Последното самовилче ѝ подари букет разнобојно полско цвеќе.

– Ова е од името на сите ученици, мила учителке – рече тоа.

И во градот учениците го минуваа последниот час со својата учителка. И, на крајот, и тие се гушкаа и се поздравуваа со неа пред летниот распуст. Последното ученичe ѝ подари букет црвени рози.

– Ова е од името на сите ученици, мила учителке – рече тоа.

По сѐ изгледа дека учителките и учениците и во шумата и во градот се еднакви. А еднакви се и последните часови од учебната година.

**Славка Манева**



## ВООЧИ - СПОРЕДИ

- Учителката на самовилчињата била многу задоволна од нивното знаење. Како поминавте вие на часовите по повторување? Знаевте колку нив? Спореди го задоволството на старата самовила со задоволството на вашата учителка.
- Како одговарате вие на поставените прашања? Во еден глас?
- Самовилчињата ја гушкале својата учителка. Како вие се разделувате со вашата учителка?
- Направи споредба меѓу учителките и учениците во шумата и во градот?



## ИЗБЕРИ ЗАДАЧА

Прочитај ги задачите кои ти се понудени. Избери една и сработи ја.

**1. Причина - последица**

– Секоја причина има своја последица. Во расказот неколку причини довеле до последици. Направи ваква табела во твојата тетратка, размисли и пополни ја:

| ПРИЧИНА | ПОСЛЕДИЦА |
|---|---|
| | одговараат во хор |
| многу знаење | |
| | гушкање |
| | букет љубов |

**2. Создавај**

– Прочитај го расказот во себе, а потоа слободно прераскажи го. Можеш да ги прошириш постоечките делови, да внесеш сопствен белег, да додадеш нови мисли, но сето тоа да не ја смени смислата на расказот.
– Прочитај што си напишал и побарај мислење за твојот труд.

**3. План на расказот**

– Прочитај го расказот, подели го на раскажувачки целини и направи анализа.

**4. Препиши**

– Препиши ги најубавите одговори на самовилчињата со латински букви.

**5. Јазик**

– Направи ваква табела и пополни ја со зборови од расказот:

| Именки | | Глаголи | | | Придавки | | Заменки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| конкретни | апстрактни | сегашно време | минато време | идно време | присвојни | бројни | лични | показни |
| | | | | | | | | |

Кога ќе завршиш со една задача, ако имаш време , можеш да сработиш и друга. Потоа самиот оцени се за извршената работа на следниов начин:
Име ________________________ Датум ____________________
Дали сум задоволен од својата работа?
Дали тоа е најдоброто што можев да го направам?
Дали користев различни идеи?
Ми треба ли помош?
Можам ли подобро да сработам?
Ќе им го покажам ли сработеното на други?

# ГОДИШЕН ТЕСТ

(Работи во тетратката!)

## ЈАЗИК

**1.Откриј ги и исправи ги четирите правописни грешки во реченицата:** Сите македонци се горди на охри–дското езеро и неговите убавини.

**2. Подели ги на слогови зборовите:** грешка, езеро, Македонци, откриј

_________________________________

**3. Ќе извршам анализа на следнава реченица:**
Оваа година освоивме второ место на градскиот натпревар.

а) по состав е ________________.
б) прирок е ___________________.
в) изоставениот подмет гласи ______.
г) присвојна придавка е ____________.
д) второ е _______________________.
ѓ) оваа е _________________________.

**4. Следниве зборови ќе ги напишам со скратеници:** доктор, професор, килограм, село, и така натаму.

_________________________________

**5. Од простава реченица ќе обра-зувам сложена:** Дојде топлото лето.

________________________________
________________________________

**6. Ќе ја дешифрирам следнава рече-ница:** С3на 5ра има вр1 внук.

________________________________.

## ЛИТЕРАТУРА

**1. Ќе ги дополнам следниве искази:**
а) Песната која изобилува со чувства на поетот се вика ________________.
б) Ако содржината на песната е предадена низ хумор, таа е _______ ________.
в) Во епските песни се пее за ________________________________ ________________________________.
г) Романот е голема раскажувачка творба во која __________________ ________________________________.

**2. Ќе ги заокружам романите за деца:**
а) Модричка тетратка, Б. Смаќоски
б) Пипи Долгиот Чорап, А. Линдгрен
в) Маслинови гранчиња, Г. Поповски
г) Белото Циганче, В. Подгорец
д) Споменка, Г. Петревски

**3. Да напишам текст по аналогија подразбирам:**
а) да го проширам текстот;
б) да го продолжам текстот;
в) да создадам нов сличен на друг текст.

**4. Тема во едно литературно дело е:**
а) пораката што ни ја испраќа авторот
б) предметот што се обработува;

# ГО ПРЕЛИСТУВАМ МОЈОТ УЧЕБНИК И ДОБРО ЗАПОМНИВ

(Ќе работам во тетратката!)

**Ќе напишам три наслови на раскази кои кај мене ја пробудија еколошката свест:**

1. ______________________________, автор ____________________;
2. ______________________________, автор ____________________;
3. ______________________________, автор ____________________.

**Двете хумористични македонски народни приказни во кои се исмева мрзеливоста и глупавоста кај луѓето се:**

а) ____________________________________________;
б) ____________________________________________.

**Ќе определам што е заедничко за следниве песни: „Чуден читател“ од Киро Донев (стр. 26) и народната песна „Кинисала мома желка“ (стр. 109)**
Двете песни се ________________________________.

Ќе ги заокружам определбите што ѝ одговараат на песната „Сончевина“ од поетот Волче Наумчевски, на страница 14:

а) епска песна
б) лирска песна
в) патриотска песна
г) описна песна
д) хумористична песна

Големи поуки за животот и односите меѓу луѓето наоѓам во малите литературни творби во кои зборуваат животните:

а) бајки
б) басни
в) приказни за животните
г) лирски песни

**Ќе наведам наслови на две бајки од мојот учебник:**

1. ____________________________________________
2. ____________________________________________

**Ќе наведам наслови на три романи за деца:**

1. ____________________________________________
2. ____________________________________________
3. ____________________________________________

# ЌЕ ПОБАРАМ И ЌЕ ПРОЧИТАМ

**Арсовски Томе** (1928, Косовска Митровица – 2007, Скопје). Збирки песни: „Смешни и превртени песни“ и „Диско–штурец“. Романи: „Патување во Таџетакомо“, „Зена, ќерка на ѕвездите“, „Дедо Мраз и феферони“(комедија за деца), „Марко Крале и Феферона“ и „Дарко Фокси спиди Гонзалес“(весели сценски игри за деца).

**Атанасовски Михо** (1934, Скопје). Поет, раскажувач, романсиер и драмски автор. Книги раскази: „Марко Новинарко“, „Големиот јунак“; романи за деца: „Кушичката со белата шамија“, „бамбила од другиот свет“, „Кога се сакавме со Тинка“; пиесата „Тајната на едно писмо“.

**Бојку Фејзи (**1937, с. Велешта, Струшко). Поет, раскажувач и преведувач од албанската заедница во Р. Македонија. Книги: „Септември на едно детство“, „Боите на моето небо“, „Бели пеперутки“.

**Давчевски Ристо** (1934, с. Долни Дисан, Кавадаречко – 2006, Скопје). Поетски книги: „Дождовни капки“, „Сонети за мама“ и „Изедени прогнози“. Басни: „Важно е другите што ќе речат“, „Собир на враните“, „Мачори на панаѓур“(радиодрами), „Весела сцена“(едночинки), „Авантурите на Дедо Мраз“(сказна).

**Домазетовски Петко** (1935, с. Јабланица, Струшко – 2003, Струга). Поет, раскажувач, антологичар, публицист и фолклорист. Книга раскази: „Поздрав на пролетта“.

**Донев Киро** (1942, с. Моноспитово, Струмичко). Поет, раскажувач, романсиер, сатиричар–хуморист, драмски автор и преведувач. Романи: „Шенко“, „Манастирски ѕвона“, „Збркана сказна“, „Киндер квачка“, „Далаверите на Добре Лошиот“, „Внукот на мајорот и други; расказите: „Да се запознаеме“, „Стражари на мирот“, „Надуенка“, „Шарена криенка“ и др.

**Јанчевска Македонка,** поет за деца. Родена е во Градско, 1940 година. Книги поезија: „Годината моја и твоја“, „Светот ваш меѓу А–Ш“, „Шумска болница“, „Ѕвездено небо“, „Мониста за ѓерданче“ и др.

**Кестнер Ерих,** (1899 – 1974), познат германски писател за деца. Најпознати негови дела му се: „Двојната Лота“, „Емил и детективите“, „Тончек и Точкица“, „Мачорот во чизми“ и многу други.

**Кујунџиски Александар** (1946, Пехчево). Писател за деца. Басни: „Осилки", „Добрите џинови", „Предгорје"; песни: „Пијано виножито", „Од една до сто и една", „Денес празнуваме", „Среќна Нова година" и многу други; раскази: „Жарко планинарко", „На тема, на тема", „Во ливадите на детството".

**Линдгрен Астрид** (1907 – 2002), шведска писателка за деца. Делата ѝ се преведени на осумдесет јазици. Најпознати нејзини дела се: „Пипи Долгиот Чорап", „Мио, мој Мио", „Карлсон на покривот", повеќе книги за Емил од Ленеберг и многу други.

**Манева Славка** (1934, Скопје – 2010, Скопје). Книги раскази: „Свирипиле", „Климент Охридски", „Кирил Пејчиновиќ", „Готварски сказни", „Од дедо Марковото торбуле", сказни: „Џиџа", „Камчето на сакањето", „Волшебниот лифт", „Виножитото што пее", „Ѕвездени перничиња", сликовницата: „Приказни без крај".

**Наумчески Волче** (1916, Прилеп – 1980, Скопје). Поезија: „Виорно знаме", „Сончева солза", „Последен лет", „Позлатени лисја", „Седумдесет цветови", „Светулки", „Игра на мирисот" и други.

**Неделковски Велко** (1946, Скопје). Раскажувач, романсиер, драмски писател. Збирки раскази: „Леб за тате", „Како расте Пенчо", „Записи крај огништето"; романи: „Збунети години", „Втора смена", „Дежурна приказна" и други; драми: „Ден за бегство", „На наш начин" (ТВ–драмска серија), „Бибисек од Крамаонија" и други.

**Николески Ванчо** (1912, с. Црвена Вода, Охридско – 1980, Охрид). Ги напишал следниве поетски книги за деца: „Македонче", „Школско ѕвонче", „Прва радост", „Бабино вретенце", „Татковина", „Моето село", „Станко спанко" и други. Поемите: „Мице", „Четиринаесет илјади ослепени"; романот: „Гоце Делчев".

**Петревски Горјан** (1951, с. Мренога, Демирхисарско). Збирка раскази: „Рано дојде љубовта", „Пролетни дождови"; песни во проза: „Татковата прва љубов" и повеќе романи.

**Подгорец Видое** (1934, с. Колешино, Струмичко – 1997, Скопје). Стихозбирки за деца: „Тихо доаѓаат соништата". „Сребрена школка", „Над лулката", „Весела азбука", „Илјада цветови", „Во Солуна грош сомуна", „Лушпи од месечина", „Шарена птица", „Чудесна шума", „Сто сонца" (гатанки), „Мониста од роса". Збирки раскази за деца: „Топли гнезда", „Неспокојно детство", „Шумскиот разбојник", „Деца под печурки", „Чудесно патување", „Две солзички", „Шарени бродови", „Пиринскиот цар", „Патувањето на Добрило", „Ѕвездени зборови", „Изгубеното царство" и многу други.

**Поповски Глигор** (1928, с. Будинарци, Беровско – 2007, Скопје). Објавени книги: „Бајка за детето Вилен“; раскази: „Дрварче“, „Далечен свет“, „Било едно дете“, „Сказни за Возовија“, „Билјана“, „Разговори за сообраќајот“; поезија: „Росица“, „Сказна за најјунакот“, „Човек со човек“; романи за деца: „Планино, убавино“, „Учителката“, „Другата страна“ и други.

**Полазаревски Ванчо** (1951, Гостивар). Писател за деца, хуморист. Книги: „Сештологија“ (пиеси за деца), „Бушавиште“ (поезија за деца), „Џемпер–дрво“ (раскази за деца), „Фока во фиока“ (брзозборки) и други.

**Роулинг Џоан К.** (1965), англиска писателка што се прослави во целиот свет со серијата романи за младиот маѓионичар Хари Потер.

**Смаќоски Бошко** (1938, с. Модрич, Дебарско – 1998, Скопје). Автор на книгата раскази: „Еден багрем и четири деца“; поезијата и лирски записи: „Модричка тетратка“; романите: „Големи и мали“, „Цвеќе од деветиот рид“, „Како кога се откинува јаболко“, „Јулски дневник“.

**Стрезовски Јован** (1931, с. Подгорци, Струшко). Поет, раскажувач, романсиер, преведувач. Книги: „Светулки“ (поезија), „Последниот фишек“ (раскази), „Дружината „Братско стебло“ (роман), „Саатот кукавица“, „Кој и зошто“ (гатанки), „Зелени очила“ (раскази за деца).

**Тарапуза Стојан** (1933, Злетово). Објавил многу збирки поезија од кои ќе ги наброиме: „Грејни сонце“, „Полно кајче желби“, „Дамбара, думбара“, „Очиња поточиња“, „Со два ата по два пата“, „Златици–крилатици“, „Брзалки без врзалки“ (брзозборки), „Мое твое–погоди што е“ (гатанки во стихови), „Ѕуница пауница“, „Зборови по дворови“, „Шарки–жарки“, „Цветулки со светулки“, „Зеници ѕвезденици“ и други.

**Џамбазов Ненад** (1943, Белград, Србија). Поважни стихозбирки: „Модерната меца“, „Слонот оди на игранка“, „Загубеното рече“, „Палавото зајче“, „Скокај детенце“, „Носови и штосови“, „Да нема војна“, „Болното жапче“.

# ОД НЕПОЗНАТИТЕ ЗБОРОВИ ОФОРМИВМЕ РЕЧНИК

**АМАНЕТ** – завет; доверување на чување или извршување на нешто
**АМБАР** – дрвен сандак за жито и брашно
**АТМОСФЕРА** (околу Земјата) – воздушна обвивка околу Земјата
**АТМОСФЕРА** (домашна) – ситуација, расположение во една средина
**БАРЕМ** – се изразува некое ограничување (Барем сега дојди)
**БЕЗБЕДНО** – сигурно, без опасности
**БЕЛВИЦА** – риба од видот на пастрмката
**БЕЛКИ** (во народниот јазик) – можеби
**БЛАГОСЛОВЕНО** – благотворно, корисно
**БЛЕСОК** – силна светлина, сјај
**БОГ** – господар и создател на светот според религијата
**БОЖЕСТВО** – суштества со својства на бог, со натприродни одлики
**БОНТОН** – правила за убаво однесување
**БУЛКА** – вид полско цвеќе со големи црвени цветови, див афион
**ВАЈСТИНА** – многу стар збор за „вистина“ (во црковниот јазик)
**ВГНЕЗДИЛА** (се) – удобно се намести; со пренесено значење: се врежа
**ВЕЧЕРНИЦИ** – ѕвезди што се јавуваат први во вечерта
**ВИЗИТА** – посета
**ВИТЕЗ** – средновековен воин, коњаник
**ВООБРАЗЕН** – важен, надуен; се замислува нешто што не е
**ВОЗБУДЕНО** – со засилени чувства
**ВОЗВИШУВА** – му дава најголема важност, морално го издига
**ВООЧИ** – согледај, забележи, стани свесен за нешто
**ВОСКЛИК** – глас со кој се изразува возбуда, изненаденост
**ВСУШНОСТ** – во сушина, навистина
**ВЧУДОВИДЕН** – премногу изненаден
**ГАЛОПИРА** – се движи многу брзо; прави нешто многу брзо
**ГЕОЛОШКО** (минато) – од времето на постанокот на Земјата
**ГОЗБА** – свечен ручек или вечера; богато и изобилно јадење
**ГОЛГЕТЕР** – играч што дава многу голови
**ГРАМАДНИ** – многу големи
**ГРАНИТНИ** – од гранит, многу цврст камен сличен на мермер

**ДАРОВИТА** – талентирана, надарена
**ДЕТЕКТИВ** – таен агент; лице што истражува криминални дела
**ДРЕВНО** – што постоело во далечното минато; прастаро
**ЖРТВУВА** – се лишува, се откажува од нешто
**ЗАБРАДИЛЕ** (се) – заврзале шамија под брадата
**ЗАДЕВАМЕ** – предизвикуваме некого со закачки, вознемируваме
**ЗАКРИЛА** – заштита
**ЗАНЕМЕ** – престана да зборува, како да е нем
**ЗАНЕС** – претерано воодоошевување, восхит
**ЗАСЕНУВА** – прави сенка
**ЗАСУКАА** – завиткаа, подигнаа
**ЗАШТИТНИК** – оној што те штити од некого или нешто
**ЗГРАПЧИ** – цврсто го грабна
**ЗДРОБЕНА** – искршена на ситни делови
**ЗЈАПАТЕ** – упорно гледате
**ЗЛОБА** – посакување некому да му се случи нешто лошо
**SВЕРАМ** (се) – гледам долго, втренчено, нападно
**SВОНЛИВ** (глас) – пријатен глас, звучен, јасен како sвон
**ИЗДИВНА** – издиши еднаш, со еден здив; умре
**ИЗМОЛКНАЛА** (се) – незабележано се извлекла
**ИЛУСТРАЦИЈА** – сликовит додаток што го појаснува текстот (цртеж, слика, графикон, табела...)
**ИНФОРМАЦИЈА** – податок за некој факт, соопштение, известување
**ИСЛАМСКИ** – што припаѓа на исламот, на муслиманската вера
**ИСТРАЖУВАЧ** – тој што врши истражување, открива нови работи
**ИЧ** (турцизам ) – ништо, николку, воопшто
**КИТНИ** (полиња) – накитени
**КЛУБ** – здружение, друштво
**КОПНЕЖ** – многу голема желба што не нè напушта
**КОЖУВ** – горна облека изработена од кожа, а однатре со волна
**КОЛОВОЗ** – делот од улицата по кого поминуваат возилата
**КОМПАС** – направа со магнетна игла што секогаш покажува север
**КРАВАЈЧЕ** – мало лепче
**КРАСНИ** – лични, многу убави
**КРЕАТИВНО** (читање) – творечко, интересно, поинакво од обичното
**КРЕИРАЈ** – твори, создавај, внеси во творбата нешто свое

**ЛАВИРИНТ** – сложена градба, непрегледно место со многу испреплетени ходници или улички; тешко се доаѓа доизлезот

**ЛАТИЦА** – еден лист од цветот

**ЛЕГЕНДА** – предание за животот на некој човек или за необичен настан

**ЛЕКТИРА** – одбрана литература што се чита за определен период

**ЛИПАЈЌИ** – со силно, гласно и неутешно плачење

**ЛИРИКА** – поезија во која се изразени личните, интимните чувства на поетот; во неа има многу нежност и топлина

**ЛИРСКИ** – што е исполнет со чувства, емоции

**ЛОВОЧУВАР** – човекот што ги чува животните од ловокрадци

**ЛОГИЧКА** – што има смисла, разумност

**ЛОЗИНКА** – договорен знак, таен збор што служи за распознавање

**ЛОТАРИЈА** – игра на среќа со извлекување на нумерирани лозови

**ЉУБОПИТНО** – со интерес за нови знаења

**МАНГУП/ЧЕ** – тој што е палав, итар, снаодлив, скитник, безработник

**МАТУРАНТ** – ученик во завршна година од средното образование

**МАЌЕА** – жена на таткото што не ги родила децата, туку ги затекнала

**МЕДИАТЕКА** – библиотека во која дел од книгите се снимени на ЦД и истите може да се читаат во библиотеката

**МЕЃА** – линија што разделува две ниви или два имота; граница

**МЕТЕОРОЛОГИЈА** – наука за временските појави и промени

**МИГУМ** – за миг, за час

**МИРОДИЈА** – тревка или зачин што се додава во јадењето

**МНОШТВО** – голем број, големо количество од нешто

**МОВ** – растение што расте на северната страна на кората од дрвјата

**МОДАР** – нијанса на сината боја

**МОЛЕЖЛИВО** – со молбен глас

**МОЛСКАВИЧНО** – брзо како молња

**МОМИЧКА** (во некои западни говори) – девојка

**МУДРОСТ** – голема памет, досетливост

**МУСЛИМАН** – припадник на муслиманската религија

**НАДМИНЕ** – да се избори со нешто, да му одолее

**НАИЗМЕНИЧНО** – се случува повремено во определен ритам

**НАЈРАЦИОНАЛНО** – најкорисно, најразумно

**НАМАМУВА** – привлекува

**НАПЕВИ** – мелодии, песни што се пеат
**НЕБАРЕ** – како да, како да е
**НЕВОЛА** – мака, несреќа, голема тешкотија
**НЕРАНИМАЈКО** – лош, нечесен, расипан човек
**НЕРАЦИОНАЛНО** – неразумно, неекономично, необмислено
**НОТЕС** – бележник, мала тетратка
**ОБОЖАВАТЕЛИ** – лица што обожаваат некого, љубители, приврзаници
**ОВЕН** – мажјакот на овцата
**ОГЛАС** – соопштение истакнато на видно место
**ОКУПАЦИЈА** – освојување, заземање туѓа територија
**ОПЦУ** – го изрази своето незадоволство со вулгарни зборови
**ОСОЗНАВАЈ** – станувај свесен за нешто
**ОФАЈДИЛ** (се) (турцизам) – добил некаква корист
**ПАДИНА** – плитка долинка меѓу два брега
**ПАЛАВО** – немирно, бесно
**ПАРАЛИЗА** – болест што доведува до неспособност за движење
**ПАСТОРКА** – затекната ќерка на мажот
**ПАРТИЗАНИ** – борец, учесник во Народноослободителната борба за време на Втората светска војна во Југославија
**ПЕРИОД** – временски раздел во кој се случува нешто; време од – до
**ПЛАМНУВА** – почнува да гори одеднаш; ненадејно доживува силно чувство
**ПЛАН** – скица, определен ред за претставување; замисла, намера за извршување на некоја работа
**ПЛОТ** – ограда од преплетени прачки
**ПЛОЧНИК** – тротоар, особено поплочен со плочки
**ПОВОД** – поттик да се преземе нешто
**ПОКАЈА** (се) – си ја призна грешката и изрази жалење
**ПОЛЈАНКА** – пошироко рамно земјиште со ниска трева
**ПОЛНОЛЕТСТВО** – возраст кога се добиваат според закон сите права и должности
**ПОСТОЈКА** – патна станица
**ПОТЕРА** – група што гони некого за да го фати
**ПОТКАЖУВАЛО** – оној што поткажува, што кодоши
**ПРАШУМА** – густо обраснат и непрооден предел во тропските области
**ПРЕГРАБ** – прегратка, прегрнување; нешто што може да се носи наеднаш со двете раце

**ПРЕДАНИЕ** – усно пренесување од колено на колено на настани од минатото, историјата, животно искуство

**ПРЕДАНОСТ** – верност, приврзаност

**ПРЕМРЕ** – почувствува голем страв, припадна

**ПРЕСИПНАТ** – засипнат

**ПРЕСТАН** – прекин, застој.

**ПРИКОВАНО** – вкочането, неподвижно

**ПРИНЦ** – синот на кралот, царот, владетелот

**ПРОПАДИЛО** – избркало

**ПРОРОК** – човек што ја претскажува иднината

**ПРОСТРАНА** – широка

**ПРОШКА** – простување

**ПУБЕРТЕТ** – полово зреење на човекот, премин од детство во младешка доба

**РАМНОДУШНО** – без чувства

**РАСПРАВА** – дискусија за одредена тема

**РАСПРАВИЈА** – караница

**РАФТ** – полица

**РЕДУМ** – со ред

**РЕКОРДИ** – најголем успех постигнат во нешто, обично во спортот

**РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА** – избрани претставници, најдобри од најдобрите

**РОДИНА** – татковина, земјата во која си се родил

**РОНКА** – трошка, ситно делче од нешто, обично од леб

**САЕМ** – масовно изложување на стока, производи (Саем на книгата)

**САНТА МРАЗ** – огромно тело од мраз што плови по океаните

**СИМПАТИЈА** – личност што ни се допаѓа повеќе од другите

**СИПЕШЕ** – обилно истураше

**СКАМЕНЕТИ** – здрвени, збунети, не реагираат никако

**СНЕВЕСЕЛЕНО** – без веселба, тажно

**СОВРШЕН** – без ниеден недостаток, без грешка

**СОЈКА** – вид птица–певица

**СОФРА** – трпеза, маса

**СПЛОТЕНОСТ** – единственост, сложност

**СПОКОЈСТВО** – мир

**СПРАШТИ** – одеднаш брзо избега

**СТАВ** – свое мислење

**СТАВА** – тело, држење

**СТАПИСА** (се) – се здрви, се укочи

**СТОЛБ** – вертикална потпора; валчест труп од камен, дрво или метал

**СТОМНА** – земјен сад за вода

**ТЕГОБИ** – тежини на душата, маки, страдања

**ТЕСТ** – проверка на знаењата

**ТЕТЕРАВЕЈЌИ** (се) – нишајќи (се)

**ТИТУЛА** – обележје што стои покрај името, за степенот на научната положба (професор, доктор, магистер и сл.) или почесна положба во општеството (гроф, барон, витез)

**ТОЛЕРАНЦИЈА** – стрпливост, попустливост, подносливост на туѓите мислења

**ТОЛПА** – мноштво народ

**ТРАКАТАНЦИ** – непотребни, неважни предмети, дрангулии

**ТРЕПЕТ** – возбуда

**ТУРНИР** – спортско натпреварување со поголем број учесници

**УГАР** – неизорана нива

**УКАЗ** – наредба, одлука на шефот на државата или на владата

**УКОРУВА** – осудува нечија постапка

**ФАЈДЕ** – корист, добивка

**ХИМНА** – свечена песна

**ЦИВИЛИЗАЦИСКИ** (напредок) – што припаѓа на цивилизацијата, на високиот степен на развој на општеството

**ЦИМКА** – плаче со пригушен глас

**ЦИРКУС** – сцена со акробатски и гимнастички приредби во кои учествуваат луѓе и животни

**ЧЕСТИТАЊЕ** – изразување добра желба, порака

**ЧУМА** – тешка заразна болест, колера

**ЏАРАТ** (се) – втренчено гледаат во некого или нешто

**ЏИТНИ** – фрли

**ШЛЕМ** – метална капа за заштита на главата на војници, рудари и сл.

**ШТАФЕТНО** (читање) – читање по делови: наредниот продолжува таму каде што застанал претходниот

**ШТЕДРО** – изобилно, дарежливо

**ШТРАКА** – испушта остар непрекинат звук

# СОДРЖИНА

## ЧЕКОРАМ ГОРДО НА ПАТЕКАТА ДОЛГА ДЕВЕТ МЕСЕЦИ


СЕПТЕМВРИСКИ НАПЕВИ (Глигор Поповски)........ 5
ЈАЗИКОТ КАКО НАЈСОВРШЕНО СРЕДСТВО ЗА ОПШТЕЊЕ........ 7
МОЈАТА ТАТКОВИНА (Љиљана Атанасова)........ 8
ШТО ЛИ ЗБОРУВААТ? (Снежана Кириниќ)........ 10
СИГНАЛИ И СИМБОЛИ (ЗНАЦИ) КАКО СРЕДСТВО ЗА ОПШТЕЊЕ........ 13
СОНЧЕВИНА (Волче Наумчески) лирска и патриотска песна........ 14
ЛОШИ ЗБОРОВИ (Ванчо Полазаревски)........ 16
ЗВУЧНИ И БЕЗВУЧНИ СОГЛАСКИ........ 19
ПОТКАЖУВАЛО (Бистрица Миркуловска)........ 20
ЕСЕН Е (Стојан Тарапуза)........ 22


## ЗНАЕЊЕТО МЕ ВОДИ НАПРЕД


ШТО НИ ДОНЕСЕ ЕСЕНТА (Киро Донев)........ 23
ФИЛМ – ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА........ 25
ЧУДЕН ЧИТАТЕЛ (Киро Донев) хумористична песна........ 26
ОД ДОКУМЕНТОТ (ДЕКЛАРАЦИЈАТА) ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА........ 28
ГОЛЕМИ ПОУКИ ОД МАЛИТЕ ПРИКАЗНИ........ 30
ЗБИРНИ ИМЕНКИ........ 31
ПАТУВАЈ (Иванка Манасијевиќ)........ 32
ПРИСВОЈНИ ПРИДАВКИ........ 34
БРОЈНИ ПРИДАВКИ........ 35
ЗАПЛАКАЛО Е МАРИОВО ЗА ЃОРЃИ СУГАРЕ (епска народна песна)........ 36
НЕСРЕЌНАТА КНИГА (Штефанија Нацен)........ 38
ГИ ПРОВЕРУВАМ И ГИ УТВРДУВАМ СТЕКНАТИТЕ ЗНАЕЊА........ 41


## ИСТРАЖУВАМ И ДОЗНАВАМ


ТАТКОВОТО ПИСМО (Горјан Петревски)........ 43
НОВИ ДРУГАРКИ (Кирил Темков)........ 46
АЈДЕ ДА СЕ САКАМЕ (Томе Смоларски)........ 48
ВО ЛАВИРИНТОТ ОД ЛЕКТИРИ (Киро Донев)........ 50
КАКВА БЕСРАМНОСТ (Колина Куба) библиотека........ 52
ПЕЛИСТЕРСКИ ОЧИ (Апостол Поп Јовановски) ........ 54
ПЛУСКО И МИНУСКО (Радован Павловски)........ 56
ПОКАЗНИ ЗАМЕНКИ........ 58
СЕГАШНО ВРЕМЕ........ 59

ПУБЕРТЕТ (Јован Стрезовски)........ 61
ВЕЖБИ ЗА РАСКАЖУВАЊЕ........ 63

## ПОДАРИ ЉУБОВ

СНЕГ (Јордан Добрески)........ 65
МИНАТО ВРЕМЕ........ 67
ДЕВОЈЧЕТО И ДВАНАЕСЕТТЕ МЕСЕЦИ (Народна приказна)........ 68
КОМАРЕЦОТ И ПАЈАКОТ (Мелегари)........ 70
НОЌ КОГА ПАЃАА ЅВЕЗДИТЕ (Македонка Јанчевска)........ 72
ДЕЦАТА ПОДАРУВААТ НАЈИСКРЕНА ЉУБОВ........ 75
ГЛАГОЛИ ВО ИДНО ВРЕМЕ........ 76
НЕЗАСЛУЖЕНИОТ ПОДАРОК (Фејзи Бојку) – говор на писателот и говор на ликовите........ 77
СРЕЌНА НОВА (Глигор Поповски)........ 80
ВЕЖБИ ЗА ОПИШУВАЊЕ........ 82
ТЕСТ – ЈАЗИК........ 83
ВЕЖБИ ЗА ЗИМСКИОТ РАСПУСТ........ 84

## ПРИЈАТЕЛОТ СО ПАРИ НЕ СЕ КУПУВА

МРЗЛИВАТА СОПРУГА (Македонска народна приказна)........ 85
НАСЕКАДЕ ПРАЗНИК (Народна песна) обичаи........ 86
СЕ ПОЈАВИЛ ЧУДЕН ЧОВЕК (Ванчо Николески) – роман за деца........ 88
ВИДОВИ РЕЧЕНИЦИ СПОРЕД СОСТАВОТ........ 91
ПРОСТА РЕЧЕНИЦА........ 92
ХАРИ ПОТЕР И ОДАЈАТА НА ТАЈНИТЕ (Џоан К. Роулинг)........ 94
ОД ШТО СЕ ПЛАШИ СТРАВОТ (Томе Арсовски)........ 96
ФЕВРУАРИ (Видое Подгорец)........ 98
ЧИСТОТАТА Е ПОЛОВИНА ЗДРАВЈЕ (Ненад Џамбазов)........ 99
СЛОЖЕНА РЕЧЕНИЦА........ 102
ЕМИЛ И ДЕТЕКТИВИТЕ (Ерих Кестнер)........ 103
ШТУРЕЦОТ И МРАВКИТЕ (Глигор Поповски) – басна........ 106

## МОЈОТ УСПЕХ - МОЈОТ СИГУРЕН ОД ВО ИДНИНАТА

КИНИСАЛА МОМА ЖЕЛКА (Македонска народна песна)........ 109
ЧИЈА МАЈКА Е НАЈГОЛЕМА (Горјан Петревски)........ 110
МАЛО И ГОЛЕМО........ 112
ЕКО – АКЦИЈА (Љиљана Атанасова)........ 114
ДИРЕКТЕН И ИНДИРЕКТЕН ГОВОР........ 116

ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ КАЈ ДИРЕКТНИОТ ГОВОР:
ДВЕ ТОЧКИ, ТИРЕ И НАВОДНИЦИ.......... 117
ШЕСТИОТ ЧЛЕН (Велко Неделковски).......... 118
МАГАРЕТО ШТО ЈАДЕЛО ГРАВ (Македонска народна приказна).......... 121
КОПНЕЖ (Јован Стрезовски).......... 122
ПОЛСКО УЧИЛИШТЕ (Али Акбаш).......... 124
ИЗВЕСТУВАЊЕ – (балетска – театарска претстава).......... 125
ГИ ПРОВЕРУВАМ И ГИ УТВРДУВАМ СТЕКНАТИТЕ ЗНАЕЊА.......... 126

## ИДНИНАТА НА ПЛАНЕТАТА ЗАВИСИ И ОД МЕНЕ

ЦАРИЦА – ЈАГЛИКА (Александар Кујунџиски).......... 127
ДИШЕЊЕ НА АУСПУХ (Ванчо Полазаревски).......... 128
МАЛАТА САМОВИЛА (Словенечка народна бајка).......... 130
АПРИЛ (Видое Подгорец).......... 133
ГОЛЕМА БУКВА ПРИ ПИШУВАЊЕ ИМИЊА НА ДРЖАВИ, НИВНИ ЖИТЕЛИ, НАРОДИ, ГРАДОВИ, СЕЛА, ОБЛАСТИ И НИВНИТЕ ЖИТЕЛИ.......... 134
ГОЛЕМА БУКВА ПРИ ПИШУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ ЧИЕ ИМЕ Е НАПИШАНО СО БРОЈ (ЦИФРА).......... 135
ГОЛГЕТЕР (Велко Неделковски).......... 136
22 АПРИЛ – ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА (Анте Пеливан).......... 138
ПИПИ ДОЛГИОТ ЧОРАП (Астрид Линдгрен).......... 140
БЕЗ ДЕЦАТА (Ненад Џамбазов).......... 143
КОШУЛАТА НА СРЕЌНИОТ ЧОВЕК (Итало Калвино).......... 144
ЈАЗОВЕЦОТ И ЗАЈАКОТ (Народна басна).......... 146

## ЈАС МОЖАМ МНОГУ

УБАВО Е ВО МАЈ (Петко Домазетовски).......... 147
ГОРО ЛЕ ГОРО (Македонска народна песна).......... 148
СИТЕ МАЈКИ СЕ ТАКВИ (Стојан Тарапуза).......... 150
ГОТВАЧОТ МЕТОДИЈА (Васил Мукаетов).......... 152
ВОЛКОТ И ВЕРВЕРИЧКАТА (Езоп).......... 154
СКРАТЕНИЦИ.......... 155
ЦРВЕНИ УШИ (Нада Зекманова – Јакимова).......... 156
ПРИКАЗНА ЗА ГАЛЕБОТ АРЧИБАЛД (Владо Димовски).......... 158
ПОСЛЕДЕН ЧАС (Славка Манева).......... 160
ГОДИШЕН ТЕСТ.......... 164
ГО ПРЕЛИСТУВАМ МОЈОТ УЧЕБНИК.......... 165
ЌЕ ПОБАРАМ И ЌЕ ПРОЧИТАМ .......... 166
ОД НЕПОЗНАТИТЕ ЗБОРОВИ ОФОРМИВМЕ РЕЧНИК .......... 169